# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

16 јануари 2023
Скопје
Број 1, година XVIII
contact@kiselavoda.gov.mk

Скопје, Јануари, 2023 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Извештај од спроведената функционална анализа во Општина Кисела Вода на Секторот за инспекциски работи**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот од спроведената функционална анализа во Општина Кисела Вода на Секторот за инспекциски работи, донесен на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.01.2023 година на Општина Кисела Вода
Скопје Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), а расправајќи по Извештајот од спроведената функционална анализа во Општина Кисела Вода на Секторот за инспекциски работи, Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе:

## ЗАКЛУЧОК
## за усвојување на Извештај од спроведената функционална анализа во Општина Кисела Вода на Секторот за инспекциски работи

1.Со овој Заклучок се усвојува Извештајот од спроведената функционална анализа во Општина Кисела Вода на Секторот за инспекциски работи.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за управување со човечки ресурси и информатичка технологија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-11889/5
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Правилник за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кисела Вода, донесен на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/12
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 05/02), и член 34 точка 17 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), а во врска со член 17 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.24/14, бр.199/14, бр.27/16, бр.35/18,бр.198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и бр.14/20) и член 7 став 1 точка 4 од Законот за административни (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018), и (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20,бр.215/21 и бр.99/22), Советот на Општина Кисела Вода, на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кисела Вода**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува организацијата, видовите на организационите единици на општинската администрација, условите за нивно образување и раководењето со нив, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кисела Вода (во натамошен текст: општинска администрација).

**Член 2**

Општинската администрација работите ги извршува согласно Законот за локалната самоуправа, други закони, Статутот на Општината и актите на Советот и Градоначалникот на Општината.

**Член 3**

Внатрешната организација на општинската администрација се утврдува во зависност од надлежностите на општината утврдени со закон, групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, места на раководни лица на институцијата и раководните административни службеници на организационите единици, формите преку кое раководењето на институцијата се остварува ( колегиуми, совети и сл) како и целта, начинот и динамиката на работењето на овие форми , како и други услови потребни за утврдувањето на внатрешната организација.

**Член 4**

Општинската администрација ги врши следните работи:

1. Ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот;
2. Ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
3. Врши стручни работи за Советот и за Градоначалникот;

4. Го организира и спроведува финансиското работење на општината;
5. Ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбата и дава иницијатива и предлози за нивно решавање;
6. Доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
7. Ракува со документи на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија; и
8. Врши и други работи што ќе ги определи Советот и Градоначалникот.

**Член 5**

Работата на општинската администрација се организира во сектори и одделенија.
Органограмот е составен дел на овој Правилник.

**Член 6**

Секторот се формира заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции од надлежност на општината, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и унапредување на нивната меѓусебна соработка.

**Член 7**

Одделение се формира заради непосредно извршување на: нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси,стручно-аналитички, управни, управни-надзорни, информативно-документарни, информативно-комуникациски, оперативни, инвестициски, информатичко-технолошки, стручно-административни, како и други работи.

## II. ВИДОВИ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ

**Член 8**

Општинската администрација се организира во следните сектори и одделенија:

**1. Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината**
а) Одделение за координација на активностите на Градоначалникот;
б) Одделение за поддршка на Советот на Општината .

**2. Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија**
а) Одделение за управување со човечки ресурси и обуки ;
б) Одделение за информатичка технологија.

**3. Сектор за финансиски прашања**
а) Одделение за буџетска координација и буџетска контрола;
б) Одделение за сметководство и плаќања.
в) Одделение за даноци, такси, надоместоци и за други приходи на општината.

**4. Сектор за јавни набавки и општи работи**
а) Одделение за планирање и спроведување на планот за јавни набавки;
б) одделение за општи работи

**5. Сектор за нормативно-правни работи**
а) Одделение за правни работи;
б) Одделение за управување со градежно земјиште и јавно наддавање.

**6. Сектор за урбанизам и просторно планирање**

а) Одделение за планирање на просторот;
б) Одделение за изводи и одобренија за градење.
в) Одделение за регулирање на бесправно изградени објекти

**7. Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина**
а) Одделение за комунални работи ,инфраструктура и сообраќај;
б) Одделение за заштита на животна средина.

**8. Сектор за инспекциски работи**
а) Одделение за постапување по инспекциски работи и контрола;
б) Одделение за вршење на контрола на други работи од надлежност на општината.

**9. Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура**
а) Одделение за образование;
б) Одделение за предучилишно воспитување;
в) Одделение за спорт;
г) Одделение за култура.

**10. Сектор за локален економски развој**
а) Одделение за планирање и поддршка на локален економски развој и унапредување на енергетска ефикасност;
б) Одделение за архивски работи .

**11. Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**
а) Одделение за месна самоуправа, невладини организации и социјална заштита;
б) Одделение за урбани заедници.

**12. Сектор за внатрешна ревизија**
а) Одделение за усогласеност (регуларност) и системите за внатрешна контрола;
б) Одделение за вршење на ревизија на успешност и финансиска ревизија.

## III. ДЕЛОКРУГ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ

**Член 9**

1. **СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: протоколарни работи за потребите на Градоначалникот; организирање на состаноци и средби на Градоначалникот со внатрешни и со надворешни лица; вршење на технички работи за потребите на Градоначалникот; водење на евиденција на протокот на документи за потребите на Градоначалникот; подготвување на седниците на Советот на општината; изготвување на материјали за потребите на Советот на општината; координира активности околу реализација на заклучоци и донесени одлуки и решенија на Советот на општината и подготвување на седниците на Советот на општината и на неговите Комисии; и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој Сектор се вршат во две одделенија и тоа:

а) **Одделението за координација на активности на Градоначалникот** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- координирање на активностите на Градоначалникот;
- организирање состаноци и средби на Градоначалникот со внатрешни и со надворешни лица;
- вршење на технички работи за потребите на Градоначалникот;
- водење на евиденција на протокот на документи за потребите на Градоначалникот;
- вршење на протоколарни работи и
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи;

а) **Одделението за поддршка на Советот на Општината** ги извршува надлежностите кои се однесувата на:
- подготвување на седниците на Советот на општината;
- изготвување на материјалите за потребите на Советот на општината;
- организирање на седниците на Советот на општината;
- изготвување записници од работата на комисиите на Советот на општината,
- организирањето на работата на Комисиите на Советот на општината;
- следење и проучување на законите и другите прописи за локална самоуправа и давање на сугестии, изготвување на концепти и основи (предлог) одлуки и други општи акти со кои се уредуваат прашањата од надлежност на Секторот;
- обезбедува единствени ставови и единствен пристап при третирање на исти или слични прашања од надлежност на Секторот и
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**Член 10**

**2. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: следење, проучување и применување на законските прописи од областа на работните односи; подготвување на предлог-одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на работите на општинската администрација, предлог-правилник за систематизација на работните места во општинската администрација, како и измените и дополнувањата на овие акти; водење и ажурирање на електронската база на податоци за вработените; водење на персоналните досиеја на сите вработени во општинската администрација; водење на евиденција за присуство на работа на вработените како и прием и обработка на податоците за боледувања и нивна контрола; соработува со Министерство за информатичко општество и администрација и Агенцијата за администрација во однос на сите прашање поврзани со Законот за административни службеници (работни односи, обуки, оценување и др.); спроведување на постапката за вработување на административните службеници и на лицата без статус на административни службеници; подготвување на годишната програма за обука на административните службеници; анализирање на потребите за обуки, предлагање на насоки за доусовршување на вработените; координирање на процесот на оценување на административните службеници; координирање и подготвување на планот за користењето на годишните одмори и изготвување на решенијата за годишни одмори; предлагање на мерки за обезбедување на оптимални услови за работа на вработените; предлагање и реализирање на стратегија за воведување информациски систем во општината; организирање, одржување и унапредување на информацискиот систем на општината; предлагање и реализирање на стратегијата за безбедност на информациите во информацискиот систем на општината; отварање, заштитување и полнење на веб страната на општината; предлагање на информациски проекти што би учествувале на конкурси на домашни и на странски донатори; следење на искуствата и напредокот на информациските технологии и применување во општинскиот информациски систем, и други работи што ке бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој сектор се вршат во две одделенија и тоа:

**а) Одделението за управување со човечки ресурси и обуки** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- следење, проучување и применување законските прописи од областа на работните односи и локалната самоуправа;
- подготвување на предлог-одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на работите на општинската администрација, предлог-правилник за систематизација на работните места во општинската администрација, како и измените и дополнувањата на овие акти;
- ажурирање на електронската база на податоци за вработените;
- водење на персоналните досиеја на сите вработени во општинската администрација;
- водење на евиденција за присуство на работа на вработените како и прием и обработка на податоците за боледувања и нивна контрола;
- спроведување на постапката за вработување на административните службеници и на лицата без статус на административни службеници;

- координирање на процесот на оценување на административните службеници;
- координирање и подготвување на планот за користењето на годишните одмори и изготвување на решенија за годишни одмори;
- водење на постапки за дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници
- предлагање на мерки за обезбедување на оптимални услови за работа на вработените и нивно усовршување од аспект на примена на законските и подзаконските прописи од надлежност на општината;
- подготвување на годишната програма за обука на администативните службеници;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**б) Одделението за информатичка технологија** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:
- предлагање и реализирање на стратегија за воведување информациски систем во општината;
- организирање, одржување и унапредување на информацискиот систем на општината;
- предлагање и реализирање на стратегија за безбедност на информациите во информацискиот систем на општината;
- организирање обука за вработените во општинската администрација за примена на информациско-комуникациската технологија;
- отворање, заштитување и полнење на веб страната на општината;
- предлагање на информациски проекти што би учествувале на конкурси на домашни и на странски донатори;
- следење на искуствата и напредокот на информациските технологии и применување во општинскиот информациски систем; и
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**Член 11**

**3. СЕКТОРОТ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на : следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално-финансиското работење; управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на субјектот утврдени со буџетот; подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот за субјектот; контрола на подготвувањето и извршувањето на буџетот со изменување и дополнување на буџетот согласно програмите за работа на субјектот; спроведување на ex-ante и ex-post финансиска контрола; изготвување на финансиски план за извршување на буџетот (месечен,квартален и годишен) за субјектот, органите во состав и единките корисници на субјектот; следењето на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на субјектот; сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот; подготвување на годишна сметка; подготвување на годишен финансиски извештај; подготвување, примање, ликвидирање и контрола на сметководствена документација; пресметување и исплата на платите на вработените во субјектот; извршување на утврдената политика во областа на утврдувањето и наплатата на

даноците, таксите и другите надоместоци; вршење на работите на утврдување и наплата на даноците кои се изворен приход на општината, таксите и надоместоците; проверување на месечната распределба на даноците, таксите и надоместоците што се наплатени од даночната администрација на Градот Скопје, а се приходи на општината; ажурно и ефикасно водење на другите регистри потребни за утврдување и наплата на комуналните и други такси; организирање на присилната наплата на даноците, таксите и другите надоместоци и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на недлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој сектор се вршат во три одделенија и тоа:

**а) Одделението за буџетска координација и буџетска контрола** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- подготвување на буџетот на Општина и негово изменување и дополнување;
- следење на извршувањето на буџетот на Општината;
- изготвување на информации и извештаи за извршувањето на буџетот на Општината;
- следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење;
- изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на Општината и неговите органи;
- давање на мислења по предлог на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во Општината и предлог актите на другите субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на Општината;
- подготвување на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;
- математичка, формална и контрола на регуларноста на сметководсвената документација пред да се изврши плаќањето врз основа на изготвени листи за проверка;
- целокупна контрола на сметководствената документација после извршувањето на плаќањето;
- контролирање на извршувањето на утврдените политики и оперативно управување (надзор над целокупниот процес за финансиското управување и контрола);
- контрола на следење на реализацијата на договорите за јавни набавки и спроведува ex ante и ex post финансиска контрола;
- вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки, испратници, работни налози, приемници и др. и нивна усогласеност со Договорот за јавни набавки);
- подготвување на записници и извештаи за извршените контроли, за реализирани програми, проекти и договори;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**б) Одделението за сметководство и плаќања** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- следење и примена на законската регулатива од областа на сметководството, материјално и финансиско работење;
- секојдневно водење на благајнички работи и трезор;
- пресметка и исплата на платите на вработените;
- подготвување на завршна сметка и периодични извештаи за извршувањето на буџетот на субјектот:
- подготвување на основните финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на приходи и расходи, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи;
- сметководствено евидентирање на достасаните обврски и основните средства на субјектот;
- исплата по сметководствената документација
- подготовка на извештаи за планирани и потрошени средства по ставки
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**в) Одделението за даноци, такси, надоместоци и за други приходи на општината** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:
- извршување на утврдената политика во областа на утврдувањето и наплатата на даноците, таксите и другите надоместоци;
- следење и примена на законските прописи и другите општи акти од областа на утврдувањето на изворите на приходи на општината и се грижи за нивната примена;
- следење и спроведување на организацијата и ефикасното вршење на работите на утврдување и наплата на даноците кои се изворен приход на општината, таксите и надоместоците;
- проверување на месечната распределба на даноците, таксите и надоместоците што се наплатени од даночната администрација на Градот Скопје, а се приходи на општината;
- изготвување на извештаи за наплатата и распределувањето на приходите;
- евидентирање во регистрите на недвижен и подвижен имот и редовно врши усогласување на состојбата на регистарот на недвижен имот со регистарот кој го води Државниот завод за геодетски работи и за навремено доставување на податоците од регистрите до Централниот регистар на РМ и Управата за јавни приходи;
- ажурно и ефикасно водење на другите регистри потребни за утврдување и наплата на комуналните и други такси;
- организирање на присилната наплата на даноците, таксите и другите надоместоци;
- подготвување на извештаи, анализи и информации за остварувањето на локалните даноци, такси и надоместоци, со цел предлагање на соодветни мерки и активности;
- предлагање на акти за промена (зголемување или намалување) на стапките на локалните даноци во законски рамки;
- организирање, координирање и учество или непосредно изготвување на одлуки и други прописи, програми, информации и други акти; и
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**Член 12**

**4.СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ОПШТИ РАБОТИ** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: организирање и спроведување на постапката за јавни набавки за потребите на општината, подготвување на годишен план за јавни набавки во законски предвидениот рок по видови на стоки, услуги и работи; подготвување на одлуки за потреба од јавни набавки; подготвување и објавување на огласи за јавни набавки; подготвување на докуметацијата за јавни набавки во соработка со надлежните Сектори и Одделенија на општинската администрација; водење на регистер на постапките за јавни набавки и доставување на податоците до Бирото за јавни набавки; давање на стручна и техничка помош на Комисијата за јавни набавки; подготвување на предлог-одлука за (не)избор на најповолен понудувач или за поништување на повикот за јавни набавки; подготвување на известување за избор на најповолен понудувач и доставување до сите учесници во јавниот повик; подготвување на извештаи за спроведувањето на јавните набавки; следење на законските и подзаконските прописи од областа на јавни набавки и грижење за нивна примена; грижа околу организирање и координирање на работните задачи во одделението за општи работи, грижа за возниот парк на општината и достава на поштата и други работи и други работи што ќе му бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој сектор се вршат во две одделенија и тоа:

**а) одделението за планирање и спроведување на планот за јавни набавки** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- подготвување на годишен план за јавни набавки во законски предвидениот рок по видови на стоки, услуги и работи;
- подготвување на одлуки за потреба од јавни набавки;
- организирање и спроведување на постапката за јавни набавки за потребите на општината;
- подготвување и објавување на огласи за јавни набавки;
- подготвување на предлог-одлука за (не)избор на најповолен понудувач или за поништување на повикот за јавни набавки;
- подготвување на известувањето за избор на најповолен понудувач и го доставува до сите учесници во јавниот повик;
- водење на регистер на постапките за јавни набавки и доставување на податоците до Бирото за јавни набавки;
- подготвување на извештаи за спроведувањето на јавните набавки
- давање на стручна и техничка помош на Комисијата за јавни набавки, и контролирање на постапките за јавни набавки; и
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**б) Одделението за општи работи** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- изготвување на документација за потребите на одделението:
- обезбедување на деловните објекти на општината;
- грижење за возниот парк на општината;
- грижење за превозот на општинската администрација;
- курирски работи;

- одржување на хигиената во деловните објекти на општината;
- угостителски работи за потребите на органите на општината и на општинската администрација;
- печатење и фотокопирање на материјали;
- попправки и одржување на деловните објекти на општината; и
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**Член 13**

**5. СЕКТОРОТ ЗА НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБОТИ** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: следење на законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа; подготвување на прописи и акти што ги донесуваат органите на општината; давање на мислење за усогласеноста на општинските акти со законите и со другите републички прописи; застапување на општината пред судовите и пред другите надлежни органи и институции, работи во врска со имот и имотно-правни работи на општината; изготвување на информации, анализи и други материјали за состојбите во правните работи што се вршат во општината; правна помош и подршка на секторите во општината; работи и задачи од областа на јавното наддавање и управување со градежно земјиште во сопственост на Р.Македонија на подрачје на Општина Кисела Вода, подготвување договори и целокупна документација потребна за спроведување на постапка за отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп со непосредна спогодба на градежно земјиште кое се наоѓа на подрачјето на Општина Кисела Вода и други работи согласно законите и другите прописи .

Работите во овој сектор се вршат во две одделенија и тоа:

**а) Одделението за правни работи** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- следење на законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа
- изготвување на мислења во врска со нацрт-закони и подзаконски акти од областа на локалната самоуправа;
- подготвување на прописи и акти што ги донесуваат органите на општината;
- изготвување на одлуки и други општи акти што не се во надлежност на другите делови на општинската администрација;
- давање на мислења за усогласеноста на општинските акти со законите и со другите републички прописи;
- давање на мислења во врска со примената на законите и на другите прописи од страна на општината;
- изготвување на информации, анализи и други материјали за состојбите во правните работи што се вршат во општината;
- застапување на општината пред судовите и пред другите надлежни органи и институции;
- водење на регистер на судски и на други предмети пред надлежните судови и пред други републички органи; и
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**б) Одделението за управување со градежно земјиште и јавно наддавање** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- изготвување предлог програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РМ кое се наоѓа на подрачјето на Општина Кисела Вода што ја донесува Советот на Општина Кисела Вода;
- подготвување договори и целокупна документација потребна за спроведување на постапка за отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп со непосредна спогодба на градежно земјиште кое се наоѓа на подрачјето на Општина Кисела Вода;
- подготвување на документацијата за размена на градежно земјиште на кое се наоѓа на подрачјето на Општина Кисела Вода;
- прибирање на докази во постапката за управувањето со градежното земјиште во сопственост на Р.Македонија, а кое се наоѓа на подрачјето на Општина Кисела Вода;
- прибирање на докази во постапката за изнаоѓање на чисти локации, за продажба на градежно земјиште во сопственост на Р.Македонија кое се наоѓа на подрачјето на Општина Кисела Вода по пат на јавно наддавање;
- изготвување на договори за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Р.Македонија, а се наоѓа на подрачјето на Општина Кисела Вода, за давање под закуп и со непосредна спогодба;
- подготовка на документацијата за спроведување на постапката за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Р.Македонија кое се наоѓа на подрачјето на Општина Кисела Вода;
- подготвување на информаци за секоја спроведена постапка отуѓување на градежно земјиште сопствност на Р.Македонија на подрачје на Општина Кислеа Вода по пат на јавно наддавање;
- редовно ажурирање на базите на податоци за предметите за кои е задолжено;
- учество во постапката и изготвување на записници за воведување во владение;
- учество во постапка за солемнизација; и
- други работи доверени во надлежност согласно законите и други прописи.

**Член 14**

**6. СЕКТОРОТ ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: постапките за донесување ДУП во согласност со ГУП Скопје, работи поврзани со постапките за донесување на детални урбанистички планови , урбанистички планови за села во Општина Кисела Вода, урбанистички планови вон населени места во општината, локална урбанистичка планска документација и архитектонско урбанистички проекти, работи што се поврзани со урбаното и руралното планирање во општината, уредувањето на градежното земјиште, уредувањето на просторот, издавањето изводи од детални урбанистички планови, издавање на урбанистички планови за село, урбанистички планови вон населени места и изводи од локална урбанистичка планска документација, одобренија за градење на објекти од локално значење, издавањето одобренија за поставување времени објекти и урбана опрема и работи поврзани со

техничкиот преглед на објектите, и други акти поврзани со употребата, одржувањето и отстранувањето на градежните објекти, издавање на одобренија за градење на објекти од надлежност на Општината, издавање на одобренија, извршување на работи и задачи од областа на бесправно изградените објекти, и други работи што ќе бидат утвдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој сектор се вршат во три одделенија и тоа:

**а) Одделението за планирање на просторот** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- предлагање и реализирање на програмата за уредување на просторот во општината
- иницијативи и предлози за донесување и за менување на деталните урбанистички планови на општината;
- следење и спроведување на постапката за донесување на нови урбанистички планови, урбанистички планови вон населено место и урбанистички планови за села во општината;
- работи што се поврзани со урбаното и руралното планирање во општината;
- подготвување на информациска и документациска основа за изработка, донесување или за менување на деталните урбанистички планови во општината;
- подготвување на акти, стручмо – аналитички и други материјали од областа на урбанизмот и просторното планирње
- изготвување на урбанистички согласности, пресметки и Решенија за утврдување на правен статус на бесправен објект;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**б) Одделението за изводи и одобренија за градење** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- изготвување и издавање извод од планска документација;
- издавање одобренија за градење на објекти од локално значење;
- изготвување и издавање одобренија за употреба на објекти од локално значење;
- изготвување и издавање одобренијање за адаптација на објекти од локално значење;
- изготвување и издавање одобренија за пренамена на објекти од локално значење
- изготвување и издавање на протоколи;
- утврдува правосилност на издадените управни акти; и
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.
-

**в) Одделение за регулирање на бесправно изградени објекти**, ги извршува надлежностите кои се однесуваат на :

- подготвување на програма за вклопување на бесправно изградените објекти ;

- прибирање на докази во постапка за бесправно изградени објекти;
- изготвување на договори за надоместок за утврдување на правен статус на бесправно иградени објекти;
- подготвување на документација за вклопување на бесправно изградените објекти;
- редовно ажурирање на базите на податоци за предметите;
- подготовка на документација за за спроведување на постапка за регулирање на правен статус на бесправно изградени објекти;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.
-

**Член 15**

**7. СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ, ИНФРАСТРУКТУРА, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: изградба на инфраструктурни и капитални објекти, реализирање на програмата за уредување на градежно земјиште на општината; реализирање на програмата за изградба на инфраструктурни и капитални објекти; работи во врска со водата за пиење, технолошката вода и со отпадната вода, јавното осветлување, одржувањето на јавната чистота, управувањето со отпадот, организирањето на јавниот локален превоз на патници, одржувањето на гробиштата, работи во врска со изградба, одржување, реконструкција и заштита на локални патишта и на други инфраструктурни објекти, регулирање на режимот на сообраќајот и одржување на уличната сообраќајна сигнализација, одржување на зеленилото на јавните површини, одржување и користење на јавните пазари, дезинфекција, дезинсекција и дератизација, изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта, одржување и користење на паркови, снабдување на корисниците со природен гас и со топлинска енергија, изградба , одржување и реконструкција на водоснабдителни објекти, канализациона мрежа (атмосверска и фекална), топловодна мрежа, електрична мрежа, пешачки и трим патеки, детски и спортски игралишта, регулација на речните корита, заштита и спречување на загадување на вода, воздух, земјиште и природа на подрачјето на општината и грижење за нивно извршување, издавање на одобренија за елаборати за заштита на животна средина и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој сектор се вршат во две одделенија и тоа:

**а) Одделението за комунални работи, инфраструктура и сообраќај**, ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- реализирање на програмата за уредување на градежно земјиште на општината;
- реализирање на програмата за изградба на инфраструктурни и капитални објекти;
- следење и реализирање на состојбата во областа на уредување на градежно земјиште на општината;
- подготвување предлог на среднорочна и долгорочна програма и стратегија за развој на водоснабдувањето, испораката на технолочката вода, како и одведување и пречистување на отпадните води во

општината и следење на нејзиното реализирање, како и предлагање мерки за нивно уредување;
- изградба и реконструкција на водоводна и канализациона мрежа, какои и регулација и одржување на речните корита и регулационите канали на подрачјето на општина и предлагање на мерки за нејзино подобрување;
- следење и анализирање на состојбата во областа на комуналната хигиена, изградба, реконструкција и користење на паркови зеленило и гробишта на подрачјето на општината, како и одржување и реконструкција на детски и спортски игралишта, поставување на урбана опрема, информативни табли и друго,како и предлага програма и мерки за нивно унапредување;
- организирање дезинфекција, дезинсекција и дератизација на подрачјето на општината;
- предлагање на мерки и програми за развој на сообраќајот на подрачјето на општината, мерки за регулирање на режимот на сообраќајот во општината, и изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација;
- предлагање на мерки за изградба и одржување на јавни паркиралишта;
- работи сврзани со изградба , реконструкција и одржување на јавното осветлување на сервисните и станбени улици;
- предлагање на мерки за изградба , реконструкција и одржување на локалните патишта, пешачки и трим патеки;
- предлагање на мерки за изградба и одржување на пазарите на подрачјето на општината;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**б) Одделението за заштита на животна средина** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:
- изготвување програма за заштита на животната средина;
- предлагање Годишна програма за управување, собирање, транспортирање и постапување со комунален цврст отпад;
- организирање и учество во актвностите поврзани со денови за одбележување и промовирање на екологија и друго;
- подготвување на програма за намалување на загадувањето на животната средина на подрачјето на општината;
- предлагање на мерки за следење на квалитетот, заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето и на природата на подрачјето на општината, како и грижење и за нивно извршување;
- давање предлози за прогласување на заштитено подрачје и за управување со него;
- предлагање мерки за заштита од бучавата и од нејонизирачко зрачење и грижење за нивно извршување;
- предлагање на проекти за заштита на животната средина што ќе се поддржат со средства на донатори;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**Член 16**

**8 СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:**

инспекциски надзор над вржењето на работите од надлежност на општината, врз основа и во согласност со закон икоординација на својата работа со другите организациони единици во рамките на општинската администрација; инспекциски надзор над примената на одредбите на законите и прописите кои се однесуваат на урбанизмот и просторното планирање, градежништвото, заштита на животната средина, контрола на земјоделско земјиште , вршење инспекција на земјиште односно пренамена на земјоделско земјиште во градежно земјиште, следење на растителниот свет и негова заштита, комуналаната хигиена, патниот сообраќај, над утврдувањето и на платата на даноците на имот, туризмот и угостителството, образованието и спортот; надзор на јавните претпријатија основани од општината над физички и правни лица на кои општината им дала дозвола за вршење на комуналана дејност; вршење увид на лице место и изготвување записници; донесување решенија во управана постапка за извршен надзор; поднесување пријави до надлежните државни органи; следење на проблематиката од областите на надлежност на општината; вршење на анализа на состојбата, доставува извештаи и дава иницијативи и предлози за нивно решавање и и други работи што ке бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи

**Работите во овој сектор се вршат во две одделенија и тоа:**

**а) Одделението за постапување по инспекциски работи и контрола ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:**

- инспекциски надзор на поставувањето времени објекти, мебел и урбана опрема на подрачјето на општината согласно издадените решенија;
- надзор на реализацијата на издадените одобренија за градење на објекти од локално значење;
- надзор и контрола на земјоделско земјиште
- надзор и контрола од уништување на растителниот свет на територијата на општината;
- врши инспекциски надзор на работите во областа на комуналната хигиена, парковите, зеленилото и на гробиштата;
- инспекциски надзор во областа на патниот сообраќај и на патиштата;
- инспекциска контрола на заштитата на животната средина и на природата; и
- други работи од областа на инспекцискиот надзор на уредувањето на градежното земјиште, изградбата на инфраструктурни и на капитални објекти на подрачјето на општината и на комуналните работи утврдени со законите и со другите прописи.

**б) Одделението за вршење контрола на други работи од надлежност на општината ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:**

- инспекциски надзор во областа на занаетчиството,
- инспекциски надзор во областа на угостителството;
- инспекциски надзор во областа на трговијата;
- инспекциски надзор во областа на туризмот;
- инспекциски надзор на работењето на основните училишта;

- инспекциски надзор на работите во областа на културата;
- инспекциски надзор на работите во врска со спортот;
- инспекциски надзор во областа на домувањето.

**Член 17**

**9. СЕКТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ, СПОРТ И КУЛТУРА** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: вршење анализа на работењето и на проблемите со кои се соочуваат основните училишта и јавните детски градинки; предлагање и спроведување на мерки и активности за подобрување на функционалноста на училишните згради и за нивото на опременост на основните училишта; подготвување на предлог на годишна програма за работа на основните училишта; изработување на програма за одржување меѓуучилишни натпревари на општинско, градско, државно и на меѓународно ниво; работи во врска со основање, финансирање и администрирање на основните училишта и јавните детски градинки на територијата на општината; предлагање на мерки за подобрување на условите за децата со посебни потреби; предлагање мерки за развој на масовниот спорт и на рекреативните активности во општината; зајакнување на учеството на младите во јавниот живот на локално ниво, преку поттикнување на волонтерство, младинските активности и младинските работи; организирање на спортски приредби и манифестации, предлагање на мерки за развој на масовниот спорт и на рекреативните активности, покренување на иницијативи околу изградба и одржување на спортски објекти, контактирање со спортските сојузи и организации на подрачјето на општината; подготвување на предлози за институционална и за финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за општината; предлагање на мерки за поттикнување на разни форми за поттикнување на културното творештво, предлагање и спроведување на мерки за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и на други културни вредности и други работи што ке бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој Сектор се вршат во четири одделенија и тоа:

**а) Одделението за образование** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- давање на предлози за основање, финансирање и администрирање на основните училишта на територијата на општината;
- предлагање на проекти за унапредување на системот на образование во општината што се финансираат од донации;
- перманентна анализа на работењето и на проблемите со кои се соочуваат основните училишта;
- предлагање престанување со работа на некое основно училиште и ја водење на соодветната постапка врз основа на инспекциските наоди;
- предлагање прекинување на работата на основните училишта за време на вонредни состојби;
- подготвување на предлог на годишна програма за работа на основните училишта;
- анализирање на годишните финансиски планови на основните училишта и давање предлог за нивно прифаќање;

- давање мислење во врска со годишните сметки на основните училишта;
- предлагање и спроведување на мерки и активности за поддршка, помош и за унапредување на работата на основните училишта;
- предлагање и спроведување на мерки и активности за подобрување на функционалноста на училишните згради и за нивото на опременост на основните училишта;
- изработување на програма за одржување меѓуучилишни натпревари на општинско, градско, државно и на меѓународно ниво;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи

**б) Одделение за предучилишно воспитување** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- работи во врска со основање, финансирање, одржување и престанок со работа на детските градинки;
- подготвување на акти во врска со запишувањето на децата и формирање на групи со помал број на деца,
- предлагање и реализирање на мерки за воспитување на деца од предучилишна возраст;
- давање на предлози и помош во остварување на иницијативите за модернизација на детските градинки,
- перманентна анализа на работењето и на проблемите со кои се соочуваат детските градинки;
- предлагање на мерки за подобрување на условите за децата со посебни потреби;
- предлагање и спроведување на мерки и активности за поддршка, помош и за унапредување на работата на детсктите градинки
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи

**в) Одделението за спорт** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- развој и унапредување на училишниот спотски систем;
- предлагање мерки за развој на масовниот спорт и на рекреативните активности во општината;
- организирање на спортски приредби и манифестаци и натпревари на подрачјето на општината;
- подржување на систем на натпревари на општинско ниво и на училишниот систем на натпревари;
- подржување на традиционалните спортски натпревари;
- планирање, оддржување и изградба на современи објекти за спорт и рекреативни зони на масовно спортување на подрачјето на општината;
- поддршка и унапредување на спорот и спортските клубови регистрирани на подрачјето на Општина Кисела Вода;
- поддржување на општински спортски сојузи, за што согласно законските прописи општината може да основа Фондација за развој на спортот на територја на Општина Кисела Вода, предлагање и реализрање мерки за креирање, поддршка, унапредување и спроведување на младинското организирање;
- предлагање на проекти за унапредување на спортот во општината што се финансираат од донации;

- организирање на спортски натпревари на хендикепирани лица и на лица со посебни потреби;
- воспоставување и одржува контакти со спортските сојузи и организации на подрачјето на општината;
- изработување на програма за одржување спортски натпревари на општинско, градско, државно и на меѓународно ниво;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи.

**г) Одделението за култура** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- подготвување на програма и предлага и спроведува мерки за институционална и за финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за општината;
- подготвување програма и предлагање и спроведување мерки за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и на други културни вредности;
- предлагање на проекти за унапредување на системот на културата во општината што се финансираат од донации;
- подготвување на програма врз основа на која се организира културни и спортски приредби и манифестации на општинско, градско, државно и на меѓународно ниво;
- предлагање на мерки за поттикнување на разни форми на културното творештво;
- подготвување на програма за одбележување на настани и на личности од значење за општината;
- предлагање, подигање, чување, заштита и користење на спомен обележја на општината;
- иницира постапка за основање локални музеи и библиотеки;
- воспоставување и одржување на контакти со културните ораганизации и сојузи на подрачјето на општината;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи

**Член 18**

**10. СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: планирање на локалниот економски развој на Општината; предлагање и утврдување на развојните и структурните приоритети на Општината; предлагање и спроведување на мерки за поддршка на развојот на малите и средните предпријатија и предприемаштвото во Општината; координирање на активностите околу добивањето и насочувањето на донации за развојни цели; следење и применување на прописите од областа на стопанството, вршење на работи од областа на енергијата, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија врши прием, архивирање, експедирање и чување на општинската документација;соработува со Државниот архив на Република Македонија; водење на книга за архивски знаци и книги за архивска евиденција и другите прописи и други работи што ке бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој Сектор се вршат во две одделенија и тоа:

**а) Одделението за планирање и поддршка на локалниот економоски развој и унапредување на енергетска ефикасност** ги извршува следните работни задачи ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:
- следење на состојбата во стопанството во Општината;
- изготвување на плановите за локалниот економски развој на општината;
- предлагање и утврдување на развојните и структурните приоритети на општината;
- подготвување на информации од значење за локалиот економски развој;
- водење на евиденција на правните субјекти кои вршат стопанаска дејност на подрачје на Општината;
- спроведување на постапка за регистрирање и водење на регистарот на лицата што вршат трговска дејност од мал обем, туристичка дејност од мал обем и угостителска дејност од мал обем;
- подготување и реализација на Програмата за Енергетска ефикасност на Општината;
- мониторинг и известување за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општината;
- подготвување на буџетите за енергијата, енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија на Општината;
- работи и управува со Базата на податоци за општинските објекти;
- идентификува и пристапува кон извори на финансирање на Проекти за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија;
- и други работи од оваа област што ќе му бидат дадени во надлежност врз основа законите и другите прописи.

**б) Одделението за архивско работење** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:
- примање, архивирање, експедирање и чување на општинската документација, на писмата и на општинските пратки;
- следење на прописите од областа на канцелариското и архивското работење;
- водење на книга за архивски знаци и книги за архивска евиденција;
- периодично архивирање на општинската документација според законскиот рок за нејзино чување во архивата на општината;
- во законски рок врши трансфер на документите што се чуваат во Државниот архив на Република Македонија;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи

**Член 19**

**11. СЕКТОРОТ ЗА МЕСНА САМОУПРАВА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: работи околу основањето, финансирањето и помагањето на работата на урбаните и на месните заедници, воспоставување и одржување контрола со месната самоуправа, предлагање на мерки и активности за нејзино унапредување, разработување на предложените мерки за унапредување на работата на месната

самоуправа, координирање на активностите на месната самоуправа во согласност со генералните активности на општината, соработува со институциите на централната власт во врска со сите прашања од локалната самоуправа, соработка со здруженија на граѓани, фондации и со други општествени организации што дејствуваат на подрачјето на општината и надвор од неа; изготвува програма за социјална и здравствена заштита; се грижи и води евиденција на лицата кои се од социлајно ранливи категории; во соработка со невладини организации прави едукација за подигање на свеста кај населението за превенција од семејно насилство и други работи што ке бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој сектор се вршат во две одделенија и тоа:

**а) Одделението за месна самоуправа, невладини организации и социјална заштита** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:
- предлагање на мерки за надминување на проблемите со кои се соочува месната самоуправа;
- следење на работата на месната самоуправа;
- предлагање и реализирање на мерки и активности за унапредување на месната самоуправа;
- координирање на активностите на месната самоуправа во согласност со генералните активности на општината;
- воспоставување и координирање на соработката на општината со здруженија на граѓани, фондации и со други општествени организации што дејствуваат на подрачјето на општината и надвор од неа и ја следи нивната работа;
- предлагање на мерки за поддршка на активностите на здруженијата на граѓани, невладини организации и фондациите и на другите општествени организации;
- предлагање за укинување на некои урбани или месни заедници врз основа на анализа на работењето и на состојбата;
- изготвува програма за социјална и здравствена заштита;
- се грижи и води евиденција на лицата кои се од социлајно ранливи категории;
- во соработка со невладини организации прави едукација за подигање на свеста кај населението за превенција од семејно насилство;
- други работи што ќе му бидат доверени во надлежност согласно законите и другите прописи

**б) Одделение за урбани заедници** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:
- предлагање на мерки за надминување на проблемите со кои се соочуваат урбаните заедници ;
- координирање на активностите на урбаните заедници во согласност со генералните активности на општината;
- собирање на податоци за потребите на граѓаните и надминување на проблемите во урбаните заедници;
- предлагање и реализирање на мерки и активности за унапредување на урбаните заедници;

- работи околу основањето, финансирањето и помагањето на работата на урбаните заедници на подрачјето на општината;

**Член 20**

**12. СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА,** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на: следење, проучување и применување на законските прописи и други општи акти во областа на внатрешната ревизија и од областа на локалната самоуправа; внатрешна ревизија согласно со Закон и други прописи и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од општината, согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии; подготвување на годишен план за внатрешна ревизија а по одобрување од Градоначалникот на Општината обезбедува неговото спроведување и следење; внатрешна ревизија на регуларност, финансиски ревизии, системски, ИТ ревизии и ревизии на успешност (економичност, ефикасност и ефективност); доставување на извештаи за извршената внатрешна ревизија до Градоначалникот и до Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија при Министерството за финансии; подготвување на годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија; оценување на значајни фактори на ризик и давање совети на Градоначалникот за намалување на факторите на ризик; утврдување и оценување на економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето по системите за финансиско управување и контрола врз основа на анализи од работењето; дава препораки за подобрување на работењето на Општинската администрација; следење и проверување на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финснсиските извештаи; утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите и подзаконските акти на органите на Општината; изготвување на стратешки план за ревизија , како и посебен план за секоја поединечна ревизија; ревизија на финансиското работење на општината и единките корисници на буџетски средства и усогласува со законската регулатива; ревизија на системите на контрола и други работи што ке бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Работите во овој сектор се вршат во две одделение и тоа:

**а) Одделението за усогласеност (регуларност) и системите за внатрешна контрола,** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- следење, проучување и применување на законските прописи и други општи акти во областа на внатрешната ревизија и други законски и општи акти од областа на локалната самоуправа;
- внатрешна ревизија на успешност (економичност, ефикасност и ефективност), финансиски ревизии и системски ревизии.
- следење и проверување на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- подготвување на извештаи за работењето на одделението за внатрешна ревизија;
- доставување на извештаи за извршената финансиска ревизија до Градоначалникот и до Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија при Министерството за финансии;

- оценување на значајни фактори за ризик и давање совети на Градоначалникот за намалување на ризик;
- утврдување и оценување на економичноста, ефикасноста и ефективноста врз основа на анализи од работењето; и
- ревизија на финансиското работење на општината и единките корисници на буџетски средства и усогласување со законската регулатива.

**б)Одделението за вршење на ревизија на успешност и финансиска ревизија**, ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- внатрешна ревизија согласно со Закон и други прописи и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од општината, согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерство за финансии;
- утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите и подзаконските акти на органите на Општинита;
- следиење на прописите, стандардите, прирачниците и упатствата кои се означени за контрола на законитоста и нивната практична примена;
- непосредна контрола и надзор над извршување на работа и задачите на одделението навремено, економично и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните во постапката за остварување на нивните права;
- давање на препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;
- изготвување на стратешки план за ревизија , како и посебен план за секоја поединечна ревизија;
- подготвување и предлагање на план за работа на одделението како и грижење за неговото реализирање.

## IV. РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

### Член 21

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на Општината.
Со Секторот раководи раководител на Сектор, а во негово отсуство со Секторот раководи помошникот на раководителот на Секторот.

Со одделението раководи раководител на Одделение, а во негово отсуство со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението, кој го определува раководителот на Секторот.

### Член 22

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува Градоначалникот на Општината, со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 23

Измени и дополнувања на оваа Одлука се вршат на ист начин како и за нејзиното донесување.

**Член 24**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.09-5215/5 од 01.07.2016 година, ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.07/2016).

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Кисела Вода", а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 09-11889/6
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Кисела Вода, донесен на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/3
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 17, став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019 и бр.14/2020), член 50, став 1, точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) ) и член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/20), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.08-5688/1 од 11.07.2016 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-665/1 од 26.01.2017 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-1432/1 од 14.02.2017година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-3660/1 од 10.05.2017година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-1108/1 од 02.02.2018 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.08-2724/1 од 21.03.2018 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-10097/1 од 26.11.2018 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.08-10459/1 од 06.12.2018 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-2669/4 од 11.04.2019година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-5677/1 од 16.07.2019 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.08-6029/1 од 30.07.2019 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-9375/1 од 27.11.2019 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-110/1од 03.01.2020 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на

општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-2073/1 од 25.02.2020 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-3222/2 од 24.04.2020 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-7565/1 од 20.10.2020 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-8378/1 од 20.11.2020 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-2075/1 од 04.03.2021 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-2530/1 од 22.03.2021 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-2495/1 од 19.03.2021 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-3980/1 од 12.05.2021 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-5890/1 од 12.07.2021 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-9431/1 од 12.11.2021година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-603/1 од 20.01.2022 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-3506/1 од 06.04.2022 година, Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-4638/1 од 10.05.2022 година и Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација на Општина Кисела Вода бр.04-5360/1 од 01.06.2022 година.

**Член 2**

Во глава IV,,Опис на работни места во Општина Кисела Вода", во Секторот за инспекциски работи, работното место со реден бр.113, со шифра ИНС 01 01 Б02 001, со звање Раководител на сектор за инспекциски работи се менува и гласи :

| 113 Сектор за инспекциски работи | |
|---|---|
| **Реден број** | 113 |
| **Шифра** | ИНС0101Б02001 |
| **Ниво** | Б02 |
| **Звање** | Раководител на Сектор |
| **Назив на работно место** | Раководител на Сектор за инспекциски работи – главен инспектор |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретар на Општина Кисела Вода |
| **Вид на образование** | Научно истражувачко подрачје:Земјоделски и ветеринарни науки, Научно истражувачко поле: Други земјоделски науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно раководење со секторот во вршење на инспекциски надзор над работите од подрачјата за кој е формиран Секторот. |
| **Работни задачи и обврски** | -одговорен е за вршењето на инспекцискиот надзор над работите од надлежност на општината, врз основа и во согласност со закон;<br>-организира и остварува соработка со други органи при вршењето на работите во секторот;<br>-учествува во работата на работните тела на Советот на Општината кога за тоа е овластен;<br>-се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во секторот;<br>-инспекциска контрола на доследно спроведување на законска регулатива од областа на садниот и семенскиот материјал и производите за заштита на растенијата<br>- се грижи за спроведување на законите за заштита на растителнио свет на територија на општината<br>- врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите што се појавуваат во работата на секторот;<br>-дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти<br>- се грижи за спроведување на постаките по жалби и приговори на странките и сл |

**Член 3**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на Општина Кисела Вода, кој е доставен како прилог на овој Правилник.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода", а ќе се применува по добиена писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 09-11889/7
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Кисела Вода, донесен на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/4
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 34, став 1, точка 42 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода („Сужбен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020), расправајќи по измената на Годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Кисела Вода, Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Кисела Вода**

1. Со овој Заклучок се дава согласност на измената на Годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Кисела Вода.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за управување со човечки ресурси и информатичка технологија и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-11889/8
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за давање на трајно користење без надоместок на опрема на ЈДГ “8ми Март” - на Општина Кисела Вода во Град Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за давање на трајно користење без надоместок на опрема на ЈДГ “8ми Март” - на Општина Кисела Вода во Град Скопје, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/5
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002), член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен на Општина Кисела Вода бр.1/20), а во врска со Решение за пренесување на вредност бр.10-1894/2 од 22.02.2022 год. (арх. бр. на МТСП), Решение за пренесување на вредност бр.10-1894/3 од 22.02.2022 год. (арх. бр. на МТСП), Решение за пренесување на вредност бр.10-1894/4 од 22.02.2022 год. (арх. бр. на МТСП), Решение за пренесување на вредност бр.10-3032/1 од 05.04.2022 год. (арх. бр. на МТСП) и Решение за пренесување на вредност бр. 10-3032/2 од 05.04.2022 год. (арх. бр. на МТСП), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесетата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за давање на трајно користење без надоместок на опрема на ЈДГ "8-ми Март" – на Општина Кисела Вода во Град Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кисела Вода се дава на трајно користење без надоместок на опрема добиена во форма на грант од страна на Министерството за труд и социјална политика заради опремување на новоизградениот објект на Градинката "Пеперутка 3", лоцирана на ул. "Ратко Митровиќ", број 4, нас. Драчево.

**Член 2**

Општина Кисела Вода ја дава на трајно користење на ЈДГ "8ми Март" – на Општина Кисела Вода на Град Скопје, опремата наведена во Решение за пренесување на вредност бр.10-1894/2 од 22.02.2022 год. (арх. бр. на МТСП), Решение за пренесување на вредност бр.10-1894/3 од 22.02.2022 год. (арх. бр. на МТСП), Решение за пренесување на вредност бр.10-1894/4 од 22.02.2022 год. (арх. бр. на МТСП), Решение за пренесување на вредност бр.10-3032/1 од 05.04.2022 год. (арх. бр. на МТСП) и Решение за пренесување на вредност бр. 10-3032/2 од 05.04.2022 год. (арх. бр. на МТСП), кои се составен дел на оваа Одлука, заради стопанисување и вршење на дејноста согласно законските прописи.

**Член 3**

Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе склучи договор со Директорот на ЈДГ "8ми Март" – на Општина Кисела Вода на Град Скопје за регулирање на правата и обврските на движните ствари од член 2 на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-11889/9
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/6
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.05/02), член 8, став 2, алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/15, 209/18 и Службен Весник на РСМ бр. 244/19, 77/21, 150/21 и 173/22), член 160, став 3 од Законот за основно образование („Службен Весник на РСМ" бр.161/19), Уредбата за Методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основно образование по општини за 2023 година ("Службен Весник на РСМ" бр. 198/2022) и член 34, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесетата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Согласно Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година, во Програмата Н1 и Подпрограма Н10 – основно образование, се врши финансирање на сите 8 (осум) основни училишта на територија на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 од оваа одлука наменски се распределуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на општинските основни училишта и нивните годишни финансиски планови.

**Член 4**

Критериуми за распределба на блок дотацијата по основните училишта се:

- Вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2023 година од Министерството за образование и наука,
- Бројот на ученици - вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште и
- Големина - површина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средства од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД = ( м2 х 0,1 ) + ( бр.уч. х 4 ) : ( вк.м2 х 0,1 ) + ( вк.бр.уч. х 4 ), каде

НД – наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2023 година
( 306.984.000,00 – 268.363.408,00 денари ), од кои

- 306.984.000,00 е вредноста на вкупната блок дотација за 2023 година за основно образование
- 268.363.408,00 е вкупниот износ за бруто плати за сите вработени во ООУ и
- 38.620.592,00 е разликата што останува за распределување за материјални трошоци.

Км2 – коефициент за површина = 0,1
Куч. – коефициент за број на ученици = 4

Табела по формула
РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА ( БЕЗ БРУТО ПЛАТИ )
Наменскиот дел за 2023 година изнесува 38.620.592,00 денари
Коефициент за површина = 0,1
Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр | Основно училиште | Вкупно површина | Вкупен број на ученици | Процент | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ” Кузман Јосифовски Питу” | 4 078m2 | 630 | 11.8% | 4.557.229,856 |
| 2. | “Партенија Зографски” | 3997m2 | 519 | 10% | 3.862.059,2 |
| 3. | “Невена Георгиева Дуња” | 2920 m2 | 617 | 11.2% | 4.325.506,304 |
| 4. | “Кирил Пејчиновиќ” | 5283m2 | 984 | 18% | 6.951.706,56 |
| 5. | “Круме Кепески” | 3 437m2 | 730 | 13.2% | 5.097.918,144 |
| 6. | “Рајко Жинзифов” | 3353 m2 | 816 | 14.5% | 5.599.985,84 |
| 7. | “Кузман Шапкарев” | 5237 m2 | 698 | 13,4% | 5.175.159,328 |
| 8. | “Св.Климент Охридски” | 2651m2 | 415 | 7,9% | 3.051.026,768 |
| | **Вкупно** | **30 956 m2** | **5409** | **100%** | **38.620.592** |

Во табелата во колоната на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 1.52 апоени, на петте основни училишта за сметка на ООУ “Невена Георгиева Дуња” на кое му се додаваат 5.2% бидејќи училиштето има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 1.200.000,00 денари, на ООУ “Рајко Жинзифов” на кое му се додаваат 1.3% бидејќи училиштето има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 380.000,00 денари и на ООУ „Кузман Јосифовски Питу“ на кое му се додаваат 1.1% бидејќи училиштето има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 300.000,00 денари

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци

месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

**Член 7**

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по основни училишта за 2023 година, пресметана во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука. По исклучок може да се направи корекција во износот и процентот на блок дотацијата, односно зголемување/намалување на блок дотацијата на едно основно училиште за сметка на друго основно училиште.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-11889/10
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски градинки на територија на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски градинки на територија на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.01.2023 година на Општина Кисела Вода
Скопје Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 8, став 2, алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/15, 209/18 и Сл. Весник на РСМ бр. 244/19, 77/21, 150/21 и 173/22), член 184, став 5 од Законот за заштита на децата („Сл. Весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Сл. Весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Уредбата за Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца – детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2023 година ("Службен Весник на РСМ" бр. 202/2022) и член 34, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесетата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски градинки на територија на Општина Кисела Вода за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски на територија на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – згрижување и воспитание на деца, трансферирани од Буџетот на РСМ за 2023 година, се врши финансирање на Јавните установи општински детски градинки:

- "8-ми Март" и
- "Весели Цветови".

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 од оваа одлука наменски се распределуваат на двете јавни детски градинки врз основа на податоците доставени од страна на градинките и нивните годишни финансиски планови.

**Член 4**

Критериуми за распределба на блок дотацијата по јавните детски градинки се:

- Вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2023 година од Министерството за труд и социјална политика,
- Бројот на згрижени деца - вкупно на ниво на општина, односно по јавна детска градинка и
- Големина - површина на јавната детска градинка.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средства од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД = ( м2 х 0,1 ) + ( бр.деца. х 4 ) : ( вк.м2 х 0,1 ) + ( вк.бр.деца. х 4 ), каде

НД – наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2023 година
(134.381.000,00 – 122.086.150,00 денари), од кои
- 134.381.000,00 е вредноста на вкупната блок дотација за 2023 година за згрижување и воспитание на деца
- 122.086.150,00 е вкупниот износ за бруто плати за сите вработени во ЈДГ и
- 12.294.850,00 е разликата што останува за распределување за материјални трошоци.

Км2 – коефициент за површина (сите објекти + дворна површина) = 0,1
Кдеца. – коефициент за број на деца = 4

Табела по формула
РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА (БЕЗ БРУТО ПЛАТИ)
Наменскиот дел за 2023 година изнесува -12.294.850,00 ден.
Коефициент за површина = 0,1
Коефициент за број на деца = 4

| Ред.бр | Јавна детска градинка | Вкупно површина | Вкупен број на деца | Процент | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | "8-ми Март" | 26293 m2 | 1160 | 54% | 6.639.219 |
| 2. | "Весели Цветови" | 16030 m2 | 1177 | 46% | 5.655.631 |
| | **Вкупно** | **42323 m2** | **2337** | **100%** | **12.294.850** |

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до јавните детски градинки, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за труд и социјална политика до општината.

**Член 7**

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по јавните детски градинки за 2023 година, пресметана во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.
По исклучок може да се направи корекција во износот и процентот на блок дотацијата, односно зголемување/намалување на блок дотацијата на една јавна детска градинка за сметка на другата детска градинка.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-11889/11
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Решение за дополнување на Решението за избор на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Решението за дополнување на Решението за избор на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Кисела Вода, донесено на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/8
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) и член 34, точка 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесетата пленарна седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за дополнување на Решението за избор на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Кисела Вода**

1.Во Решението за избор на претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Кисела Вода број 09-9042/3 од 10.11.2021 година во точка 1 подточка 12 се дополнува со зборовите ,,Иван Живковски,, и ,,Николче Николовски,,.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-11889/12
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/9
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 34 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на општина Кисела Вода бр. 1/2020), а во врска со член 15 став 1 точка 1 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" бр. 55/04 и број 158/2011), член 7 и 83-а, од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 64/2018 и 168/2018) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 32/2020), и 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/2015, бр. 98/2015, бр. 193/2015, бр. 226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016,бр.190/2016 и 275/2019), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница, одржана на 26 декември 2022 година, донесе

# ПРОГРАМА (Ф)
# УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
# ЗА 2023 ГОДИНА

I. НАДЛЕЖНОСТА Ф УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ПОДПРОГРАМИ

- Ф1 Урбанистичко планирање, приоритетна изработка на урбанистички планови и урбанистичко планирање за вклопување на бесправно изградените објекти
- Подпрограмата Ф10 Утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение на територијата на Општина Кисела Вода
- Ф2 Подпрограма за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кисела Вода
- ФА Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)

II. Образложение на програмите по видови и расходи

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**( Ф1 )**
**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ВО УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ОПШТ АКТ**

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за урбанистичко планирање
- Динамика на извршување на подпрограмата

## 1. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ф1 (Урбанистичко планирање, вклопување на бесправно изградените објекти во урбанистичко-планската документација, изработка на урбанистичко-планска документација, урбанистичко-проектна документација и општ акт на општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 2. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **12.000.000,00** |
| 42 | | | Стоки и Услуги | **9.8000,000,00** |
| | *425* | | *Договорни услуги* | **7.900,000,00** |
| | | 425640 | Изработка на урбанистички планови, вклопување на бесправно изградените објекти во урбанистичко-планската документација, изработка на урбанистичко-планска документација, урбанистичко-проектна документација и урбанистички план за село, меѓународни и домашни конкурси за изработка на идејни решениа за урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, урбанистичко-проектна документација и општ акт од интерес на општината. | **5.100,000,00** |
| | | | Ревизија на изработените урбанистички планови, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација и урбанистички план за село. | **300.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Изработка на геодетски елаборати | **300.000,00** |
| | | | Изработка на Елаборати за заштита на животната средина и Стратешка оцена за заштита на животната средина. | **300.000,00** |
| | *425* | 425990 | *Други договорни услуги* | **1.900.000,00** |
| | 426 | 426990 | Други оперативни расходи | **1.900.000,00** |
| 46 | | | | **2.200.000,00** |
| | 464 | 464990 | Други трансфери | **2.200.000,00** |

*** Образложение на потставката**

**425640 –** Со оваа подставка се покриваат трошоците за изработка на урбанистички планови, вклопување на бесправно изградените објекти во урбанистичко-планската документација, изработка на урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација и општ акт од интерес на општината, меѓународни и домашни конкурси за изработка на идејни решениа за урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, урбанистичко-проектна документација и општ акт од интерес на општината.

**425990 -** Со оваа подставка се покриваат трошоците за исплата на паричен надоместок за членови на Комисијата за урбанизам и жири комисија за меѓународен конкурс за избор на архитектонско идејно решение за ДУП Ј 14 Расадник

**426990 -** Со оваа подставка се покриваат трошоците за изработка на Стратегија за одржлив урбан развој на општина Кисела Вода за период 2023-2033.

**464990** - Со оваа подставка се покриваат трошоците за исплата на паричен надоместок- награда за избраните добитници од конкурсот за избор на најдобро архитектонско идејно решение за ДУП Ј 14 Расадник.

**Изработка на урбанистички планови**

1. ***Детални урбанистички планови за градска четврт и Детални урбанистички планови за блокови за соодветна градска четврт (обврска од 2018 година):***

- **Реон Ј, четврт $Ј_{14}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон ЈИ, четврт $ЈИ_{08}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Блок Ј20.04, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје плански период 2012 - 2022година;

2. ***Детални урбанистички планови за градска четврт:***

- **Реон Ј, четврт $Ј_{09}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон И, четврт $И_{07}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{11}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{15}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{16}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{17}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{18}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{19}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{20}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

3. ***Измена и дополна на Детални урбанистички планови за градска четврт:***

- **Реон Ј, четврт $Ј_{08}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{10}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{12}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

- **Реон Ј, четврт $Ј_{13}$ - Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно граница на четврт од ГУП на Град Скопје за плански период 2012 – 2022 година.

4. ***Детални урбанистички планови за блокови од соодветна градска четврт:***

- **Блок Ј15.01, четврт Ј15, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј15 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј15.02, четврт Ј15, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј15 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј15.03, четврт Ј15, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј15 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј15.04, четврт Ј15, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј15 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј15.05, четврт Ј15, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј15 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј17.01, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година;

- **Блок Ј17.02, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година;

- **Блок Ј17.03, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година;

- **Блок Ј17.04, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година;

- **Блок Ј17.05, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година;

- **Блок Ј17.06, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година;

- **Блок Ј17.07, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година;

- **Блок Ј17.08, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година;

- **Блок Ј17.09, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година;

- **Блок Ј17.10, четврт Ј17, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј17 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2014 - 2022година

- **Блок Ј20.02, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 – 2022 година;

- **Блок Ј20.03, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј20.05, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј20.06, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј20.07, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј20.08, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година;

- **Блок Ј20.10, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 - 2022година.

5. ***Измена и дополна на Детални урбанистички планови за блокови од соодветна градска четврт:***

- **Блок Ј20.01, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 – 2022 година;

- **Блок Ј20.07, четврт Ј20, реон Ј – Општина Кисела Вода**

Границата на планскиот опфат е дефинирана согласно Урбанистички план за четврт Ј20 од ГУП Скопје 2012 – 2022 година, плански период 2013 – 2022 година;

**6. Изработка на Урбанистички план за село**

- Усје - локалитет КО Усје, КО Горно Лисиче –кој територијално припаѓа на општина Кисела Вода и КО Кисела Вода 1
- Драчево – КО Драчево 2

**7. Урбанистичко планска и урбанистичко-проектна документација**

-Изработка на геодетски елаборати за ажурирана геодетска подлога -донации

Изработка на нови урбанистички планови или измена и дополна на постоечки урбанистички планови, урбанистички проект, проект за инфраструктура по прифатени иницијативи од физички и правни лица – донации

**8. Изработка на измена и дополна на урбанистички планови, финансирани од физички и правни лица – донации по прифатена приватна иницијатива:**

- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј12, Блок 02
- Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј17, Блок 17.08
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј10, Блок 04
- Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј17, Блок 17.06
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј20, Блок 20,07 (блок 12 и блок 16)
- Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт И07, Блок 07.02
- Детален урбанистички план за Градска четврт Ј16
- Детален урбанистички план за Градска четврт Ј15 ,Блок 15.04
- Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20 ,Блок 20.03
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј 12, Блок 19
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј10, Блок 05
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј13, Блок 13.1 и блок 13.2
- Детален урбанистички план за Градска четврт Ј11
- Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј19, Блок 19.04
- Детален урбанистички план за Реон Ј Блок Ј20.09, четврт Ј20, реон Ј
- Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј17, Блок 17.07

- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј20, Блок 20.01 (блок 1 и блок 2)
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј08, Блок 11
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј12, Блок 8
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј10, Блок 1
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј10, Блок 7
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј08, Блок 15
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј08, Блок 14
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј10, Блок 3
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј08, Блок 2
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј08, Блок 17
- Измена и дополнување на Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска четврт Ј10, Блок 2

**4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**( Ф10 )**
**Утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на решение за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Кисела Вода за 2023 год**

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за дополнување и проширување на програмата
- Пресметување на трошоци за изработка на микролокациски план
- Динамика на извршување на подпрограмата

## 1. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ф2 (Поставување на урбана опрема на територијата на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

**Вовед**

Во согласност со Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19), член 7 и 83-а, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 64/2018 и 168/2018) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр. 32/2020), Закон за комунални дејности („Сл.весник на РМ” бр. 95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015 и 31/2016), Закон за комунални такси („Сл.весник на РМ” бр. 61/2004; 64/2005; 92/2007; 123/2012; 154/2015; 192/2015 и 23/2016), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема, начинот на неговото издавање и упатство за начинот на изготвување на годишна програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови, како и формата и содржината на решението за поставување на времени објекти и решението за поставување на урбана опрема („Сл.весник на РМ” бр. 36/10), донесено од Министерството за транспорт и врски, изработена е Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Кисела Вода вон Генералниот урбанистички план.
Согласно Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19), потребата за

поставување на урбаната опрема ја утврдува Советот на Општина Кисела Вода.
Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 80 од Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19), Советот на Општина Кисела Вода, носи Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема („Службен гласник на Општина Кисела Вода" број _________ од __________ 2021 год).
Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.
Оваа програма важи за 2023 година и со истата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште и согласно член 2 став 4 од Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19), во смисла на овој закон урбаната опрема претставува опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформа за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.
Со Одлука на Советот како потреба за решавање на проблемот со паркирање се планираат додатни демонтажно монтажни паркинг простори.
Другите видови урбана опрема ќе бидат опфатени со измена и дополна на оваа Програма.

## 1. Цел на Програмата

Со програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

1. Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Кисела Вода;
2. Дефинирање на нови локации за поставување на урбана опрема;
3. Дефинирање на урбаната опрема која што се отстранува, бидејки не ги задоволува критериумите пропишани со закон;
4. Дефинирање на урбаната опрема што останува;
5. Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
6. Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири;

7. Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на билети за јавен превоз, телефонски говорници, автобуски постојки, продажба на весници, сувенири, цвеќиња);
8. Вработување на невработени лица (податоци за работоспособно и младо незапослено население).

## 2. Видови на урбана опрема

Според Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19), урбаната опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште.

Со оваа програма се дефинираат локации за поставување на урбана опрема – Монтажно – демонтажни објекти, простории за манифестации (локации за презентација на уметници: продажба на ракотворби и уметнички предмети, локации за продажба на конфекциониран сладолед, зрнасти плодови и цвеќе, локации за продажба на сувенири и стари книги), автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници, жардињери, паркиралишта за велосипеди. Урбаната опрема која на јавни површини во општината ќе се поставува со архитектонско – урбанистички проекти за секоја локација пооделно.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

Се утврдува модуларен систем (прикажан во графичкиот дел од оваа Програма) за објектите во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

### 2.1 Критериуми за определување на видот на урбана опрема

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми како што се намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста,
- Естетско морфолошки критериуми - овозможува редизајн на постојната типизација, односно морфолошка разновидност или потполна обликовна изедначеност,
- Материјално експлоатациони критериуми ги одредуваат економските аспекти категорија време и објекти.

Урбана опрема која се поставува на подрачјето на Општина Кисела Вода треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10,

18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19).

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата.

Урбаната опрема треба да биде технички и обликовно проектирана, беспрекорно изведена, во склад со амбиентот на локацијата со примена на современи материјали, чисти, исправни и естетски прифатливи.

Доградба, надградба и други надворешни и внатрешни интервенции на урбаната опрема, освен интервенциите за нивно тековно одржување, не се дозволуваат.

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречувава или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша мризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

При поставување на урбана опрема, не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави урбана опрема, изнесува 3,2 м, а за поставување на монтажно - демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4,5 м.

При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандари: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0.80 м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно 1.5 м до 2,5 м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).

Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3.2 м над слободната проодна површина.

Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.
Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.
При поставување на урбана опрема на тротоари или други пешачки површини, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 2,5 м.
Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може да биде помал од 1,2 м.
Широчината на слободната проодна површина на тротоарите, се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.
Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0 м од пресечната точка на двете регулациони линии.
Доколку пешачката површина е поголема од 5,0 м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,5м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).
При поставување на времени објекти и урбана опрема на објекти или земјиште во сопственост, минималната слободна површина изнесува 2,0 м.
При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

- Соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализациона мрежа, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.
- Примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови - со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.
- Согласност од сопствениците на на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај овие услови, мора да се почитуват специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Урбаната опрема може да биде само со приземна висина на венецдо 3,50 м. и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од водот н а употрбениот кровен покривач(само како заштита на објектор), со кота на приземје не повисока од 15 см.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истите може да бидат со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставување на урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Привремени паркинзи и приодни патеки на изградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80 м).

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

**Информативни паноа**

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град Скопје, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

Летни дискотеки

При нивно поставувување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

Се поставуваат со Програма донесена на Совет на Град Скопје и Совет на општина со предходна согласност од Град Скопје

Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0 $м^2$, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0$м^2$.

**Телефонски говорници**
Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на зид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.
Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5м x 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**Монтажно-демонтажни типски објекти**
Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0 м², кои можат да се постават на одредени места. Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи (без подготвување на храна).
Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно - промотивни или деловно - информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

**Обликовни услови**
Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50см.
- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

**Сообраќајни услови**
Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м. до 2,5м, а од раскрсница мин. 10,0м. од почетокот на радиусот за десно свртување.

**Технички услови**
При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација.

Подната, зидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

**Автобуски постојки**
Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0м² до 16,0м² и висина до 4,0м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.
Во зависност од фрекфенцијата на сообраќајот има четри типа на автобуски стојалишта и тоа:
**Тип А** - само автобуска постојка
Во рамките на овој тип има настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
**Тип Б** - автобуска постојка со билетара
Во рамките на овој тип има билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
**Тип В** - автобуска постојка со киоск
Во рамките на овој тип има киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
**Тип Г** - автобуска постојка со билетара и киоск
Во рамките на овој тип има билетара, киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.
Типот на автобуските постојки и микролокацијата каде ќе бидат поставени се одредува според планот на автобуски постојки кој го утврдува Градот Скопје.
При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2,5м.

**Простории (локации) за манифестации**
Локации за поставување на урбана опрема за разни настани, презентации и промоции за градежно изградено земјиште.
Локации за презентација на уметници: продажба на ракотворби и уметнички предмети.
Локации за продажба на конфекциониран сладолед и зрнести плодови
Локации за продажба на сувенири и стари книги
Локации за продажба на цвеќе

**Објекти за обезбедување**
Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0м². За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

**Јавни санитарни јазли**
Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.
**Самостоечките рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11 и 51/11).

**Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.
Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

**Платформи**

Платформите за спортски, културни и забавни мастани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивно кориетење.
Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата,

**Други типови на урбана опрема**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.
Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на општината и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно потребите на Општина Кисела Вода.
Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0 м х 1,2 м за луѓето со хендикеп.
Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.
Наведената урбана опрема на јавните површини на општината ќе се поставуваат со срхитектонско – урбанистички проект за секоја локација пооделно.

**Паркиралишта за велосипеди**

Типот и локациите се определуваат со програмата согласно потребите на Општина Кисела Вода .

**Жардињери, граничници**

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.
Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

**Тезги**

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 $м^2$**,** и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти. Елементи за изложување на производи

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставува покрај зидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поствуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застакленување и слично)

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да биде во согласност со микролокациските услови, со високи естетско-функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

### 2.2. Дејности кои можат да се вршат

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2, став 4 од Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19).

Урбаната опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

### 3. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема

Согласно Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината Кисела Вода.

Урбаната опрема се поставува по добиено Решение за поставување на урбана опрема, кое го издава градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема во размер 1:1000.

Општина Кисела Вода на почетокот на секоја календарска година ги објавува потребите од определување на локации за поставување на урбана опрема и нивно дислоцирање или задржување и во наредниот програмски период.

Согласно Правилникот за формата и содржината на Решение за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање (Сл. весник на РМ бр. 36/10), Решение за поставување на урбана опрема се издава на образец во формат А4.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Точно позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет од страна на општина Кисела Вода.

Формата и содржината на Решение и начинот на неговото издавање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Општина Кисела Вода согласно Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19), потребно е да води регистар на издадени решенија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Кисела Вода, се врши врз основа на Решение за поставување на урбана опрема.

Решение од став 1 на овој член го издава градоначалникот на општина Кисела Вода.

Кога просторот пред деловната просторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловна просторија.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации, и др.).
- краткотрајно, за период до 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.),
- сезонско, за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.),
- годишно за период до 1 година (угостителство, трговија, градилиште и др.).

За добивање на Решение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Постапката по барањето ја спроведува надлежниот во Сектор за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода.

Решение за поставување на урбана опрема, се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

**I. За урбана опрема – постоечки киосци:**

1. Извод од програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кисела Вода за 2023 година
2. Склучен Договор со Општина Кисела Вода за поставување на урбана опрема

Решение за поставување урбана опрема (постоечки киосци), ќе трае 2 години, согласно склучениот договор.

**II. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг простори, рекламни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти**

1. Извод од Програма, со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект
3. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

**III. Клупи, чешми, корпи за отпадоци, телефонски говорници, автобуски постојки, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење на дејност**

1. Извод од Програма со микролокациски услови.

**V. Фонтани**

**V1. Фонтана, со споменик, канделабри, клупи, корпи за отпадоци и водени басени.**

1. Извод од програма со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект.

Постапкакта по барањето ја спроведува надлежниот Сектор за урбанизам и просторно планирање на Општина Кисела Вода (во натамошниот текст, надлежен сектор на Општина Кисела Вода).

Решение за поставување на урбана опрема може да престане да важи и пред истекот на времето за кое е дадено доколку:

- урбаната опрема е поставена спротивно на издаденото одобрение за нејзино потавување,

-не се постапува по акти на надлежни инспекции, издадени со вршењето на инспекциски работи во рамките на нините овластувања.

Во случаите од претходно наведеното, ново Решение нема да се издаде во наредниот период од 6 месеци.

Јавната површина на која се однесува издаденото Решение за поставување на урбана опрема, имателот на одобренијата не може да ја издаде или пренесе на коритење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било коју друг правен акт.

Даденото Решение за поставување на урбаната опрема не значи ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

**6. Извори на финансирање на програмата**

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кисела Вода се финансира од буџетот на општината за 2023 година.

**6.1 Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема**

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

**7. Динамика на реализација на програмата**

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од створените правни и технички услови.

**8. Вршење надзор**

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19),

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**( Ф2 )**
**ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА**
**КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА**

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за дополнување и проширување на програмата
- Динамика на извршување на подпрограмата

## 1. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ф2 (Подпрограма за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кисела Вода за 2023 год).

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **2.500.000,00** |
| **42** | | | **Стоки и Услуги** | **2.500,000,00** |
| | *425* | | **Договорни услуги** | **2.500.000,00** |
| | | 425640 | Изработка на геодетски елаборати за посебни намени за нумерички податоци | **2.500.000,00** |

**Вовед**

- **Општ дел**

Врз основа на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/2015, бр. 98/2015, бр. 193/2015, бр. 226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016,бр.190/2016 и 275/2019), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.
Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.
Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.
Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.
Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она шето е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.
Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.
Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.
Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.
Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.
Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.
Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение за градење) или врз основа на Решение за бесправно изграден објект и заведен во јавните книги за недвижности.
Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.
Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.
Прометот со градежното земјиште е слободен.
Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

- **Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Кисела Вода, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2019 година.
За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото (мапите се дефинирани со урбанистичко планска документација).

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.
Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети: (се наведуваат населените места и локалитети; за населените места за кои постојат повеќе од еден урбанистички план, се наведуваат насловите на сите урбанистички планови што се однесуваат на парцелите што се предмет на Програмата)

- **Поделба на плански опфат при управување со градежно земјиште сопственост на Република Македонија на територијата на Општина Кисела Вода**

Планскиот опфат на општина Кисела Вода се утврдува во три (3) зони.

Прва (I) зона го дефинира опфатот на урбанистичките документации во урбаните населби, "Црниче", "Цветан Димов", "Пржино", "Кисела Вода", "11-ти Октомври – згради" и "11-ти Октомври - бараки".

Планскиот опфат е дефиниран во границите на :
- На југ: границите дефинирани со планскиот опфат во ГУП на Град Скопје до спој со границите дефинирани со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Центар.
- На запад: од спој со границите дефинирани со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Центар, осовина на улица "Банско" до спој со освина на улица Црниче, од спој на осовина на улица Црниче со осовина на "Банско" до спој со осовина на улица "Павел Шатев" – (Бихачка), од спојот со осовина на улица "Павел Шатев" – (Бихачка) до спојот со осовина на булевар "Македонија",
- На север: од спојот со осовина на булевар "Македонија" со осовина на улица "Павел Шатев" – (Бихачка) до спојот со осовината на собирните улици "Иван Козаров" и "11-ти Октомври", од спој со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Центар до спој со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода, општина Центар и општина Аеродром, (железничка пруга Скопје – Велес) до раскрисница со осовина на булевар Србија (мостот)
- На Исток: од спојот со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода, општина Центар и општина Аеродром со Булевар Србија оди по граница со осовина на булевар "Србија – Киро Глигоров" до спој со осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов", од осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов" по осовина на улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ", од спој со улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ" од по осовина улица "Марко Орешковиќ" до спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1 и од спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1со улица "Марко

Орешковиќ" оди по граница на КП 4365 КО Кисела Вода 1 до спој со граница на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје.

Втора (II) зона го дефинира опфатот на урбанистичките документации во урбаните населби, "Припор", "Пинтија", за село Усје - Пинтија, за локалитет "Градинар", локалитет "Охис" локалитет "Усје" и за локалитет на катастарска општина КО Горно Лисиче – Градежен.

Планскиот опфат е дефиниран во границите на :

- На запад: од спојот со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода, општина Центар и општина Аеродром оди по граница со осовина на булевар "Србија – Киро Глигоров" до спој со осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов", од осовина на собирна улица "Христо Татарчев" (раскрисница) со улица "Димо Хаџи Димов" по осовина на улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ", од спој со улица "Димо Хаџи Димов" до спој со улица "Марко Орешковиќ" од по осовина улица "Марко Орешковиќ" до спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1 и од спој со граница на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1со улица "Марко Орешковиќ" оди по граница на КП 4365 КО Кисела Вода 1 до спој со граница на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје.
- На север: од спојот со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Аеродром со булевар Србија – Киро Глигоров , границата оди по граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Аеродром (железничка пруга Скопје – Велес) до спој со граница на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје.
- На исток: од спој со граница на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје со граница дефинирана со територијалната поделба помеѓу општина Кисела Вода и општина Аеродром, границата оди по границата на планскиот опфат од ГУП на Град Скопје до најјужна точка 541018.476 4645305.714 од планскиот опфат од ГУП на Град Скопје
- На југ: од најјужна точка 541018.476, 4645305.714 во планскиот опфат од ГУП-от на Град Скопје, до спој на планскиот опфат на Град Скопје со границата на катастарска парцела КП 4365 КО Кисела Вода 1.

Третата (III) зона го дефинира опфатот на урбанистичките документации во урбаната населба Драчево, село Драчево и село Усје

**Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/02), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/2015, бр. 98/2015, бр. 193/2015, бр. 226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016,бр.190/2016 и 275/2019) и чл. __ од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл. Гласник бр. __/___)

- **Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

.

- **Просторен план** на Република Македонија за плански период од **2004** до **2020** година.
- **Урбанистички планови за населените места**
- **Програма (Ф) Урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. **Цели на Програмата**

- **Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**

Со оваа програма се опфатени парцели во сопственост на Република Македонија (кои до донесување на програмата се идентификувани како такви.

- **Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет**

**Детален преглед на градежните парцели**
**по населено место и по урбанистички план**

**ДУП: Дел од Исток А нас. Драчево-4 Одлука број: 07-5204/3 од 05.05.2008**
**(Службен Гласник на Општина Кисела Вода број 07/2008)**

1. **Информации за градежна парцела**
   - Број на градежна парцела ГП 5.18
   - Вкупна површина на градежната парцела 450,00 м$^2$
   - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
   - Намена на земјиштето (опис) Станбена куќа А1
   - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 8726/1,
   - Површина за градба 144,00 м$^2$
   - Бруто развиена површина 432,00 м$^2$

- Процент на изграденост 32 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето К=0,96
- Максимална дозволена висина 8,70 м
- Катност П+1+Пк
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
- Вкупна почетна/утврдена цена.

**ДУП: Дел од населба Драчево – МЗ 71 Урбан блок 8 Одлука број: 07 – 6663/15 од 31.08.2009 (Службен Гласник на Општина Кисела Вода број 12/2009)**

2. **Информации за градежна парцела**
   - Број на градежна парцела ГП 8.5
   - Вкупна површина на градежната парцела 689 $м^2$
   - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
   - Намена на земјиштето (опис) Станбена куќа А1
   - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 7873
   - Површина за градба 224,50 $м^2$
   - Бруто развиена површина 673,50 $м^2$
   - Процент на изграденост 26,8 %
   - Коефициент на искористеност на земјиштето К=0,61
   - Максимална дозволена висина 8,70 м
   - Катност П+1+Пк

- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
- Вкупна почетна/утврдена цена.

3. **Информации за градежна парцела**
   - Број на градежна парцела ГП 8.9
   - Вкупна површина на градежната парцела 340,00 $м^2$
   - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
   - Намена на земјиштето (опис) Станбена куќа А1
   - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 7245,
   - Површина за градба 110,70 $м^2$
   - Бруто развиена површина 332,00 $м^2$
   - Процент на изграденост 32,5 %
   - Коефициент на искористеност на земјиштето К=0,98
   - Максимална дозволена висина 8,70 м
   - Катност /
   - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
   - Вкупна почетна/утврдена цена.

**ДУП: Дел од населба Драчево – Западен дел А Одлука број: 07 – 92/3 од 16.10.2002 (Службен Гласник на Град Скопје број 11/2002)**

4. **Информации за градежна парцела**
   - Број на градежна парцела ГП 3.17
   - Вкупна површина на градежната парцела 1143,00 $м^2$

- Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
- Намена на земјиштето (опис) Станбена куќа А1
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 7059,
- Површина за градба 150,00 м$^2$
- Бруто развиена површина 300,00 м$^2$
- Процент на изграденост 13 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето К=0,26
- Максимална дозволена висина 8,40 м
- Катност /
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
- Вкупна почетна/утврдена цена.

5. **Информации за градежна парцела**
   - Број на градежна парцела ГП 11.3
   - Вкупна површина на градежната парцела 492,00 м$^2$
   - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
   - Намена на земјиштето (опис) Станбена куќа А1
   - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 7755,
   - Површина за градба 140,00 м$^2$
   - Бруто развиена површина 280,00 м$^2$
   - Процент на изграденост 28 %
   - Коефициент на искористеност на земјиштето К=0,57
   - Максимална дозволена висина 8,40 м
   - Катност /
   - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
   - Вкупна почетна/утврдена цена.

**ДУП: Градска Четврт Ј20 Блок 01 Одлука број: 09 – 4117/5 од 31.05.2016 година (Службен Гласник на Општина Кисела Вода број 5/2016)**

6. **Информации за градежна парцела**
   - Број на градежна парцела ГП 4.66
   - Вкупна површина на градежната парцела 2211,00 м$^2$
   - Намена на земјиштето (основна класа) – А2, домување во станбени згради
   - Намена на земјиштето (опис) – А2, домување во станбени згради
   - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП2067/1, КП2060, КП2067/3, КО2062, КО Кисела Вода 1
   - Површина за градба 830,00 м$^2$
   - Вкупна изградена површина 4149,00 м$^2$
   - Процент на изграденост 37,5 %
   - Коефициент на искористеност на земјиштето К=1,88
   - Максимална дозволена висина 15,20 м
   - Катност П+3+Пк
   - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
   - Вкупна почетна/утврдена цена.

7. **Информации за градежна парцела**
   - Број на градежна парцела ГП 4.67
   - Вкупна површина на градежната парцела 2131,00 м$^2$
   - Намена на земјиштето (основна класа) – А2, домување во станбени згради
   - Намена на земјиштето (опис) – А2, домување во станбени згради
   - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП2067/1, КП2065, КП2064, КП2057, КП2058, КП2059, КО2062, КО Кисела Вода 1
   - Површина за градба 830,00 м$^2$
   - Вкупна изградена површина 4149,00 м$^2$
   - Процент на изграденост 37,5 %
   - Коефициент на искористеност на земјиштето К=1,88
   - Максимална дозволена висина 15,20 м
   - Катност П+3+Пк
   - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
   - Вкупна почетна/утврдена цена.

**ДУП: населба Пинтија Одлука број: 07-49/2 од 31.05.2004 година (Службен Гласник на Град Скопје број 7/04)**

8. **Информации за градежна парцела**
   - Број на градежна парцела ГП 11.15
   - Вкупна површина на градежната парцела 405,00 м$^2$
   - Намена на земјиштето (основна класа) Комерцијални објекти КО
   - Намена на земјиштето (опис) Комерцијални објекти КО
   - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 3735/2 и КП 3303/1,
   - Површина за градба 133,00 м$^2$
   - Бруто развиена површина 133,00 м$^2$
   - Процент на изграденост 32,84 %
   - Коефициент на искористеност на земјиштето К=0,33
   - Максимална дозволена висина 4,00 м
   - Катност /
   - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
   - Вкупна почетна/утврдена цена

9. **Информации за градежна парцела**
   - Број на градежна парцела ГП 11.16
   - Вкупна површина на градежната парцела 247,00 м$^2$
   - Намена на земјиштето (основна класа) Комерцијални објекти КО
   - Намена на земјиштето (опис) Комерцијални објекти КО
   - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 3735/3,
   - Површина за градба 65,00 м$^2$
   - Бруто развиена површина 65,00 м$^2$
   - Процент на изграденост 26,32 %
   - Коефициент на искористеност на земјиштето К=0,26

- Максимална дозволена висина 4,00 м
- Катност /
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
- Вкупна почетна/утврдена цена

10. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 5,65
    - Вкупна површина на градежната парцела 335,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) ЈКД
    - Намена на земјиштето (опис) Јавни и комерцијални објекти со домување ЈКД
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела КП 6526/2,
    - Површина за градба 173 м$^2$
    - Бруто развиена површина 519,00 м$^2$
    - Процент на изграденост 51,60 %
    - Коефициент на искористеност на земјиштето 1.55
    - Максимална дозволена висина 10,20м
    - Катност
    - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
    - Вкупна почетна/утврдена цена

11. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 1.48
    - Вкупна површина на градежната парцела 163,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) КО
    - Намена на земјиштето (опис) Комерцијални објекти КО
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела КП 6249
    - Површина за градба 44 м$^2$
    - Бруто развиена површина 44,00 м$^2$
    - Процент на изграденост 26,99 %
    - Коефициент на искористеност на земјиштето 0,27
    - Максимална дозволена висина 4,00 м
    - Катност
    - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
    - Вкупна почетна/утврдена цена.

**ДУП: Стакларница Одлука број: 07 – 5995/5 од 05.06.2008 година (Службен Гласник на Кисела Вода број 9/2008)**

12. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 11.6.2
    - Вкупна површина на градежната парцела 609,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) Индустрија
    - Намена на земјиштето (опис) Индустрија
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 5339/1,

- Површина за градба 221,00 м$^2$
- Бруто развиена површина 442,00 м$^2$
- Процент на изграденост 36,30 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето К=0,73
- Максимална дозволена висина 10,50 м
- Катност /
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
- Вкупна почетна/утврдена цена

13. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 11.7
    - Вкупна површина на градежната парцела 654,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) Индустрија
    - Намена на земјиштето (опис) Индустрија
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 5339/1,
    - Површина за градба 270,00 м$^2$
    - Бруто развиена површина 540,00 м$^2$
    - Процент на изграденост 41,31 %
    - Коефициент на искористеност на земјиштето К=0,83
    - Максимална дозволена висина 10,50 м
    - Катност /
    - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
    - Вкупна почетна/утврдена цена

**Детален урбанистички план за Градска четврт Ј20 Блок 07 Одлука број: 09 – 2838/18 од 11.04.2017 година (Службен Гласник на Кисела Вода број 4/2017)**

14. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 1.13
    - Вкупна површина на градежната парцела 355,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
    - Намена на земјиштето (опис) Станбена зграда А1
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 4461,
    - Површина за градба 97,00 м$^2$
    - Вкупно изградена површина 487,00 м$^2$
    - Процент на изграденост 27,00 %
    - Коефициент на искористеност на земјиштето К=1,37
    - Максимална дозволена висина 13,20 м
    - Катност П+3+Пк
    - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
    - Вкупна почетна/утврдена цена

15. **нформации за градежна парцела**

    - Број на градежна парцела ГП 1.14
    - Вкупна површина на градежната парцела 263,00 м$^2$

- Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
- Намена на земјиштето (опис) Станбена зграда А2
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 4461,
- Површина за градба 96,00 м$^2$
- Вкупно изградена површина 480,00 м$^2$
- Процент на изграденост 36,00 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето К=1,82
- Максимална дозволена висина 13,20 м
- Катност П+3+Пк
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
- Вкупна почетна/утврдена цена

16. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 1.15
    - Вкупна површина на градежната парцела 379,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
    - Намена на земјиштето (опис) Станбена зграда А2
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 4461,
    - Површина за градба 120,00 м$^2$
    - Вкупно изградена површина 598,00 м$^2$
    - Процент на изграденост 32,00 %
    - Коефициент на искористеност на земјиштето К=1,58
    - Максимална дозволена висина 13,20 м
    - Катност П+3+Пк
    - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
    - Вкупна почетна/утврдена цена

17. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 1.16
    - Вкупна површина на градежната парцела 438,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
    - Намена на земјиштето (опис) Станбена зграда А2
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 4461,
    - Површина за градба 119,00 м$^2$
    - Вкупно изградена површина 594,00 м$^2$
    - Процент на изграденост 27,00 %
    - Коефициент на искористеност на земјиштето К=1,36
    - Максимална дозволена висина 13,20 м
    - Катност П+3+Пк
    - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
    - Вкупна почетна/утврдена цена

18. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 1.17
    - Вкупна површина на градежната парцела 378,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А

- Намена на земјиштето (опис) Станбена зграда А2
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 4461,
- Површина за градба 92,00 м$^2$
- Вкупно изградена површина 461,00 м$^2$
- Процент на изграденост 24,00 %
- Коефициент на искористеност на земјиштето К=1,22
- Максимална дозволена висина 13,20 м
- Катност П+3+Пк
- Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
- Вкупна почетна/утврдена цена

**Детален урбанистички план за реон Ј, четврт Ј12 Одлука број: 07 – 125/9 од 15.10.2013 година (Службен Гласник на Кисела Вода број 12/2013)**

19. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 3.1
    - Вкупна површина на градежната парцела 2895,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
    - Намена на земјиштето (опис) Станбена зграда А2
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 1086,
    - Површина за градба 1590,00 м$^2$
    - Бруто развиена површина 23395,00 м$^2$
    - Процент на изграденост 54,91 %
    - Коефициент на искористеност на земјиштето К=8,08
    - Максимална дозволена висина 27,00 м 66,00 м
    - Катност П+7+Пк П+20+Пк
    - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
    - Вкупна почетна/утврдена цена

20. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 13.1
    - Вкупна површина на градежната парцела 4475,00 м$^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
    - Намена на земјиштето (опис) Станбена зграда А2
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 1086,
    - Површина за градба 2960,00 м$^2$
    - Бруто развиена површина 48764,00 м$^2$
    - Процент на изграденост 66,14 %
    - Коефициент на искористеност на земјиштето К=10,90
    - Максимална дозволена висина 27,00 м 66,00 м
    - Катност П+7+Пк П+20+Пк
    - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
    - Вкупна почетна/утврдена цена

**Детален урбанистички план за градска четврт Ј 20 блок 07 Одлука број: 09 – 2838/18 од 11.04.2017 година (Службен Гласник на Кисела Вода број 4/2017)**

21. **Информации за градежна парцела**
    - Број на градежна парцела ГП 16.8
    - Вкупна површина на градежната парцела 1918,00 $м^2$
    - Намена на земјиштето (основна класа) Домување А
    - Намена на земјиштето (опис) Станбена зграда А2
    - Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела: КП 1086,
    - Површина за градба 596,00 $м^2$
    - Бруто развиена површина 3574,00 $м^2$
    - Процент на изграденост 31 %
    - Коефициент на искористеност на земјиштето К=1,86
    - Максимална дозволена висина 16,20 м
    - Катност П+4+Пк
    - Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,
    - Вкупна почетна/утврдена цена

**3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање односно претпоставување на заинтереси-раните страни за купување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи на земјиштето и идни инвеститори, и претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.
Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни.
Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање / промовирање на понудата до заинтересираните страни.
Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

- **Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели**

Согласно соодветно утврдената категоризација по категории во генералниот урбанистички план и деталните урабанистички планови на соодветен начин се дефинираат и утврдени целните групи за
одделни градежни парцели и согласно нивниот интерес.

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**

-организирање на форуми
-собири на граѓани
-рекламни спотови
-веб сајт информации

- **Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата**

Имплементацијата на маркетинг стратегијата ќе се врши континуирано се до реализација на Програмата.

4. **Динамика на реализација на Програмата**

- **Турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**

Со цел минимизирање на финасиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.
Секој турнус ке опфати објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредни населени места, урбани блокови или локалитети.
Динамиката на реализација ќе се одвива согласно интересите и плановите на реализација на Буџетот на општина Кисела Вода, односно реализацијата до крајот на годината ќе се одвива:
- во 2023 година 20% од градежните парцели

- **Пропишување на условите за надавање**

Се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши надавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето

- **Надлежност за реализацијата на Програмата**

Надлежност за спроведување на постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија,има Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање која ке биде формирана од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода согласно Законот за градежно земјиште.

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на**

- **Програмата (приходна страна на Програмата)**

Проценката на финансиските приходи кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во секое населено место или локалитет.

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на програмате ги опфака проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- трошоци по основ на експропријација;
- трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица, и

- трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

**Вкупно за стоки и услуги се предвидени за подпрограма Ф2: 2.500.000,00 денари**

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**( ФА)**
**УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ ВО КОЈ СЕ НАОЃААТ БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА**

Програмата содржи:

I. Просторот на уредување;
II. Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
III. Обем и степен на опремување на градежното земјиште;
IV. Финансирање на Програмата;
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
VI. Висина на надоместок за уредување на градежното земјиште и Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и негова распределба;
VII. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата;
VIII. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти;
IX. Граници на комплексите за наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
X. Висината на надоместокот за утврдување локален надоместок за делумно уредено градежно земјиште;
XI. Динамика за извршување на Програмата;
XII. Преодни и завршни одредби

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/2015, бр. 98/2015, бр. 193/2015, бр. 226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016,бр.190/2016 и 275/2019), Советот на Општина Општина Кисела Вода на _________________ седница одржана на _ 2021 година, донесе:

I. ПРОСТОР НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување на градежното земјиште се смета изградената и неизградената градежно земјиште на подрачјето на Општина Кисела Вода определено со ДУП.

*II. ОБЕМОТ НА РАБОТИ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ*

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште за изградба на инфраструктурни објекти се подразбира:

- оформување на геодетска документација,
- извршување на основни геомеханички испитувања,
- решавање на имотно правните односи,
- расчистување на градежна парцела (селидба, уривање и транспорт).

## III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД ОСНОВНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 115/14 и 149/15), со тоа што Општина Кисела Вода врши опремување на градежното земјиште со инфраструктура од значење за општината утврдена со ДУП, и тоа:

а) објекти за заедничка комунална потрошувачка согласно ДУП:
- изградба на сервисни и станбени улици и други површини;
- изградба на секундарна атмосферска канализациона мрежа;
- изградба на јавно осветлување на сервисни и станбени улици;
- изградба на јавно зеленило од надлежност на Општина Кисела Вода;
- изградба на пречистителна станица за отпадни води (локална).

б) објекти за индивидуална комунална потрошувачка:
- изградба на секундарна водоводна мрежа;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа;

Уредувањето на градежното земјиште се врши по обезбедувањето на правни и технички услови и материјални средства.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2023 година, се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година и ги опфаќа работите предвидени со подпрограмите ФА, како следува:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **2.000.000,00** |
| **48** | | | **Капитални расходи** | **2.000.000,00** |
| | *485* | | **Вложување и нефинансиски средства** | **2.000.000,00** |
| | | 485420 | **Експропријација, откуп на земјиште од физички лица. (Надомест за одземен имот)** | **2.000.000,00** |

**Вкупно за капитални расходи за подпрограмата ФА: 2/.000.000,00 денари**

Реализацијата на програмата ќе зависи од остварените приходи, кои ќе се остварат од надоместокот за уредување на градежно земјиште, капитални дотации и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.
По потреба, во текот на реализација на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција, за што ќе одлучува Советот на Општина Кисела Вода.

## V. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

1. Трошоците за уредување на градежното земјиште опфаќаат: трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка; трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за подготвување и расчистување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и пречистителна станица) и се во зависност од погодноста-бонитетот на локалитетот (комплекс), каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

б) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за подготвување и расчистување: трошоци за тековно расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретната градежна парцела што паѓаат на товар на Градот ги опфаќаат надоместоците за потполна експропријација и за службеност што се определуваат согласно Законот за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15 и 192/15) и Законот за процена (Службен весник на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15 и 192/15).

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

в.3)Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од основната комуналната инфраструктура во случај кога е невозможно нивно преместување, а кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објектите што се градат, мора да бидат заштитени. Инвеститорот е должен, пред отпочнување со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од Општина Кисела Вода за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

2. Инвеститорот е должен да обезбеди и достави хидротехнички услови за приклучување на објектот на соодветната мрежа за индивидуална потрошувачка.

Средствата потребни за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа до изведена шахта се остваруваат од надоместок за приклучување што го утврдува давателот на услугата Ј.П.„Водовод и канализација" – Скопје, согласно од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Ј.П. „Водовод и канализација" - Скопје заедно со хидротехничките услови доставува и вкупен износ на реалните трошоци на целосната изведба на мрежите согласно законската регулатива.

За дополнително добиена согласност за приклучување на мрежи од индивидуална потрошувачка надоместокот ќе се регулира со анекс-договор, и ќе се пресметува по цени кои важат во моментот на склучувањето на анекс-договорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веќе дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура, истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата. Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да му ги надоместат на Општина Кисела Вода.

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

### VI-1. Висината на надоместокот

Надоместок за уредување на градежно земјиште се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште (во понатамошен текст: надоместок).

Висината на надоместокот се регулира со договор за уредување на градежното земјиште што инвеститорот го склучува со Општина Кисела Вода за инфраструктура од значење за градот утврдена со ДУП.

Договорот склучува во електронска и писмена форма.

Висината на надоместокот се определува според основица со состојба на ден 01.01.2018 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина и истата изнесува 25.490,оо денари/м$^2$.

Основицата од претходниот став месечно се усогласува со промената на индексот на цени на мало, објавен од Државниот завод за статистика. За

месеците за кои не е објавен индексот на цени на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот може да се плаќа на 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш, а за остатокот до 11 (единаесет) еднакви месечни рати, инвеститорот е должен кај надлежниот градски орган за финансии да достави банкарска гаранција.

**VI-2. Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и негова распределба**

Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се регулира со заклучок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти што инвеститорот го склучува со Општина Кисела Вода за инфраструктура од значење за градот утврдена со ГУП на Град Скопје (според Закон за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015, 31/2016 и 190/2017) .

Договорот од предходниот став се склучува во писмена форма.

Висината на утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се определува според основица со состојба на ден 04.03.2011 год. изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина.

Надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти може да се плаќа од 12 (дванаесет) месечни рати, доколку износот е над 100.000,оо денари за физички лица и над 1.000.000,оо денари за правни лица. Првата рата во висина од 30% до 50% од износот на надоместокот се плаќа веднаш во готово, а остатокот од 11 (единаесет) еднакви месечни рати, за кои инвеститорот е должен кај надлежниот градски орган за финансии да достави банкарска гаранција.

Висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и општината и истата претставува збир на висината на трошоците од точка 1, 2 и 3 од оваа глава дадено во табела 1:

Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Градот Скопје и Општина Кисела Вода и истата претставува збир на висината на трошоците од точките 1, 2 и 3 од оваа глава и тоа:

1. Трошоци за заедничка комунална потрошувачка

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| КОМПЛЕКСИ | | Основни комуналии + пречистителна станица (1%) | Погодност - бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | станбен простор | деловен или друг простор |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1. | ДЕЛ -1 | 22% | 4% | 10% |
| 2. | ДЕЛ -2 | 20% | 2% | 8% |
| 3. | ДЕЛ -3 | 18% | 1,5% | 4% |
| 4. | ДЕЛ -4 | 16% | 1% | 2% |

**_2. Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка_**

а) Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка се утврдува како процентуален дел од утврдената основица и тоа за:

- Водоводна мрежа----------------------------------------- 1,5о%
- Фекална канализациона мрежа---------------------- 1,5о%

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за топлификациона мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 3,2о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот

Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ниско-напонска електрична мрежа, при склучување анекс-договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 2,3о % од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

**_3. Трошоци за поранешно расчистување_**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што инвеститорот (сопственикот) е должен да ги надомести за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од Градот опфаќаат:

- надомест за одземено земјиште и за експроприрана недвижност, што е исплатен;
- трошоци за селидба, уривање на експроприраните, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретната градежна парцела;
- дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретна градежна парцела кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс-договор.

Во трошоци за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековното одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**Дополнителни одредби за определување на висината на надоместокот**

За расчистувањето на градежни парцели за изградба на објекти од основна и секундарна комунална инфраструктура за заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на тие објектите и за уредувањето на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок на ниво на Град Скопје и општините во градот Скопје, врз основица изразена во денари/м$^2$ нето изградена површина, и согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 115/14 и 149/15), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање ("Службен весник на РМ" бр. 60/12 и 29/15);

За секој вид на простор што не е опфатен со одредбите на Правилниците од претходната алинеа, надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со Правилниците;

Ако потпокривниот простор се изведува во повеќе нивоа, надоместокот со коефициент 0,2 се применува само за последното ниво сметано оддолу нагоре;

При пренамена од станбен во деловен простор еднократно се доплаќа разлика до висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор. Разликата се утврдува според табелата за погодност-бонитет на локалитетот (комплексот).

За пренамена од деловен во станбен простор не се враќа разликата во платениот надоместок.

Доколку инвеститорот нема одобрение за градење, а изградил објект и има доказ за платен надоместок (договор и проект со урбанистичка согласност) површината се признава. Доколку објектот не е отпочнат со градба или не е изграден, а на одобрението за градење е изминатa важноста, површината не се признава.

Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП веќе постојат објекти, кои со ДУП се негираат, инвеститорот е должен да ги урне, во рок од две години од денот на издавањето на одобрението за градење на објектот планиран со ДУП.

Инвеститорот е должен да достави до Градот Скопје одобрение за градење во рок од 60 (шеесет) дена од денот на склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот. Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење во претходно наведениот рок, договорот престанува да важи (во делот за начинот на пресметување на површината). Платениот износ на надоместокот, на барање на инвеститорот може да му се врати како паричен износ во номинална вредност, или да му се пресмета на ист начин, при повторно барање за пресметување на надоместокот.

За локалитет за кој не е донесен ДУП, а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, се наплатува надоместок согласно намената според ГУП, по добиена согласност од општината за техничката документација (урбанистички проект) и намената планирана со ГУП.

Ако инвеститорот изгради поголема површина од договорената, должен е за разликата во површина која е во согласност со постојниот ДУП, да склучи договор.

Кога градежното земјиште делумно се уредува или воопшто не се уредува, инвеститорот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок од индивидуална комунална потрошувачка. Во овие случаи, задолжително се плаќа надоместокот за уредување на градежно земјиште што се однесува на заедничка комунална потрошувачка

Површината на објектот што е урнат или ќе се урива, се намалува од пресметаната развиена површина на објектот што се гради, по истите норми по кои е пресметана површината при склучувањето на договорот за регулирање на надоместокот, за новоизградениот објект.

За расчистување на објектот што е урнат или се урива, се пресметуваат трошоците за опремување со објекти од заедничка и индивидуалната комунална потрошувачка што ја користел објектот-предмет на уривање.

За расчистување на објекти кои се урнати или се уриваат, а се наоѓаат делумно на градежна парцела за градба на објекти од јавен интерес (улици, тротоари и сл.), а делумно на градежна парцела на сопственикот, сопственикот го сноси само делот од трошоците за објекти што се лоцирани на неговата градежната парцела.

## VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградбата на инфраструктурата се финансира од средства што се остваруваат преку:

- приходите од надоместок за уредување на градежно земјиште (кои се распределуваат во соодност 60% за Градот Скопје и 40% за општините во градот Скопје),
- капитални дотации,
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изгредени објекти,
- средства на јавни претпријатија и овластени субјекти,
- самопридонеси согласно закон,
- други средства,

кои се уплатуваат на сметка на Општина Кисела Вода за уредување на градежното земјиште и се употребуваат само за таа намена.

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште ги плаќа 100% Градот Скопје за основната инфраструктура (магистрални и собирни улици и други основни инфраструктурни објекти) и 100% Општина Кисела Вода за секундарната инфраструктура (станбени и сервисни улици и други секундарни инфраструктурни објекти), со едно приклучно место за секој објект од инфраструктура за една градежна парцела.

- Кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а за локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП или земјиштето не е уредено, а има донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, доколку инвеститорот инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и општината да им ги надомести порано направените трошоци во висина од 33% од надоместокот одреден во глава VI, точка 1, 2 и 3; да овозможи приклучувања на инфраструктурните мрежи на идните инвеститори на земјиштето; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие или овластени субјекти и да ја предаде на Градот Скопје или општината без надомест.
- Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка, што инвеститорот ги извел или изведува самоиницијативно без учество на Градот и општината, а пред склучување договори за регулирање на надоместокот и договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура од страна на локалната самоуправа, не се признаваат, освен за локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови детални урбанистички планови, истите се вклопуваат.
- За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградени објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и други овластените субјекти. При тоа се признаваат само трошоците-делот од надоместокот за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
- Оваа изградена инфраструктурна мрежа се предава на Градот и општината, со што се овозможува приклучување на нови инвеститори кои надоместокот го плаќаат на Градот и општината.
- Во изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок е недоволен за локалитети каде не е изградена инфраструктурната мрежа, Градот и општината договорно ќе го решат конечното затворање на финансиската.
- Градот и општината со акт ги отстапуваат објектите од комуналната инфраструктура на субјектите кои стопанисуваат со нив, со понатамошна обврска да ги стопанисуваат и одржуваат.
- За приклучување на новоизградена инфраструктура, мора во целост да се плати надоместокот за индивидуална потрошувачка, доколку сопственикот/инвеститорот на објектот не го регулирал овој надоместок со претходни договори..
- Трошоците за приклучување на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа се регулираат договорно помеѓу Ј.П."Водовод и канализација" и инвеститорот, за делот од приклучувањето од приклучната шахта во градежната парцела на инвеститорот до приклучното место на уличните инфраструктурни мрежа наведени во хидротехничките услови издадени од Ј.П."Водовод и канализација". Инвеститорот може да избере изведувач на работите, но со задолжителен

надзор на извршување на работите и примање од страна на Ј.П."Водовод и канализација", како и по претходно добиено одобрение за прекопување на јавна површина.

- Инвеститорот е должен пред барањето, за испорака на вода, електрична енергија и топловодно греење, да овозможи Комисија од Градот и општината да ја утврди дефинитивно изградената површина. За дефинитивно утврдената површина правата и обврските се уредуваат со анекс-договор.

## VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Градот целосно финансира изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти од значење за Градот, утврдена со Генералниот урбанистички план на Град Скопје и Одлуката за магистрални и собирни улици (согласно член 10 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), а изработката на другите проекти за изградба на инфраструктурни објекти од значење за општината (согласно член 15 од Законот за Град Скопје "Службен весник на РМ бр. 55/04 и 158/11"), согласно договорите за регулирање на надоместокот склучени со инвеститорите.

## IX. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ

Надоместокот се наплатува по комплекси на градежното земјиште зависно од подобностите што одреденото земјиште му ги дава на инвеститорот, местоположбата на земјиштето во населбата и градот, сообраќајната поврзаност со центарот на градот и опременоста на градежното земјиште со комунални објекти за заедничка и индивидуална комунална потрошувачка.

Комплексите се утврдени со следните граници:

| КОМПЛЕКС-1 |
|---|

**ДЕЛ-1 (Општина Кисела Вода)**

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: дел И 07 (по аднистративната граница со Општина Центар), Ј 08, Ј 09, Ј 10, Ј 11, Ј 12 и дел Ј 20 (северен дел од раскрсница на ул."Народни Херои" (473) со ул. "Димо Хаџи Димов" (725), оди на запад и излегува на ул."(748)" и потоа на ул. "Рилски Конгрес" (441) доаѓа до ул."Црниче" (437)), **каде завршува описот на комплекс-1 за Општина Кисела Вода.**

**Во ПРВИОТ КОМПЛЕКС, содржани се ДЕЛ-1 (Општина Кисела Вода).**

| КОМПЛЕКС-2 |
|---|

ДЕЛ-2- (Општина Кисела Вода)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: Ј 13, Ј 14 и северен дел Ј 20 (од раскрсница на ул."Народни Херои" (473) со ул. "Димо Хаџи Димов" (725), оди на запад и излегува на ул."(748)" и потоа на ул. "Рилски Конгрес" (441) доаѓа до ул."Црниче" (437)), каде завршува описот на комплекс-2 за Општина Кисела Вода.

Во ВТОРИОТ КОМПЛЕКС, содржани се ДЕЛ-2 (Општина Кисела Вода).

КОМПЛЕКС-3

ДЕЛ-3- (Општина Кисела Вода)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните градски четврти: Ј 15, Ј 16, Ј 17, Ј 19 и ЈИ 08, **каде завршува описот на комплекс-3 за Општина Кисела Вода.**

**Во ТРЕТИОТ КОМПЛЕКС, содржани се ДЕЛ-3 (Општина Кисела Вода)**

КОМПЛЕКС-4

ДЕЛ-4- (Општина Кисела Вода- Драчево)

Подрачјето за овој комплекс се состои од следната градска четврт: Ј18, каде завршува описот на комплекс-4 за Општина Кисела Вода - Драчево.

Во ЧЕТВРТИОТ КОМПЛЕКС, содржани се ДЕЛ-4 (Општина Кисела Вода-Драчево).

Границите на комплексите одат по дефинираните градски четврти како и административните граници на општините во ГУП со кои се одредува комплексот.

X. **Висината на надоместокот за утврдување локален надоместок за делумно уредено градежно земјиште**

Локалниот надоместок за градење на делумно уредено градежно земјиште на подрачјето на Општина Кисела Вода, кое ќе се доуредува, за градбите од втора категорија од член 57 од Законот за градење во зона 5 – сите градби на подрачјето на Општина Кисела Вода кои се опфатени со урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место, ќе се регулира со Договор што инвеститорот ќе го склучи со Општина Кисела Вода во писмена форма.

Висината на локалниот надоместок се утврдува согласно основицата утврдена од Град Скопје за уредување на градежно земјиште изразена во денари/м2 нето изградена површина, а која основица месечно се усогласува со промената на индексот на пораст на цените на мало. За месеците за кои не е објавен индексот со промена на цената на мало, ќе се применува последниот објавен индекс.

Надоместокот се плаќа во целост или моќе да се плаќа на 7 рати од кои првата рата изнесува 30% од пресметаниот износ на надоместокот кој се плаќа веднаш, а за преостанатите 6 рати инвеститорот е должен до Секторот за финансиски прашања при Општина Кисела Вода да достави банкарска

гаранција која ќе биде активирана во случај на неплаќање на две последователни месечни рати. Висината на надоместокот се пресметува во единствен износ за Општина Кисела Вода, прикажан во следниот графикон:

| Комплекс | Погодност - на Локалитетот (комплекс) бонитет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Станбен простор | Деловен или јавен простор | Г- Производство дистрибуција и сервиси | А4 - Времено сместување | Б5 Хотелски комплекси |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ЗОНА 5 | 10% | 12% | 32% Од надоместокот за уредување на градежно земјиште утврдено од Град Скопје за Зона 1 | 32% Од надоместок от за уредување на градежно земјиште утврдено од Град Скопје за Зона 1 | 32% Од надоместок от за уредување на градежно земјиште утврдено од Град Скопје за Зона 1 |

Локалниот надоместок се уплатува на сметка на Општина Кисела Вода.

XI. **Динамика на извршување на програмата**

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од создадените правни претпоставки и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот и другите средства.

XII. **Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот преку Секторот за урбанизам и просторно планирање, Сектор за нормативно-правни работи и Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина

Предлог програмата (Ф) Урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Кисела Вода”, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/13
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма (Ј) – комунални дејности на Општина Кисела Вода**
**за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Ј) – комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/10
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 и точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 2 и точка 4 од Законот за Град Скопје (Сл.Весник на РМ бр.55/04 и бр.158/2011), член 16, став 1, точка 2 и точка 4, а во врска со член 34, став 1, точка 8, точка 9, точка 10 и точка 11 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), Советот на општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА (J)**
**КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**
**НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**ЗА 2023 ГОДИНА**

I. НАДЛЕЖНОСТА J КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА ГИ СОДРЖИ СЛЕДНИТЕ ПОДПРОГРАМИ:

**J00 – Одржување на урбана опрема**
**J30 – Јавно осветлување**
**J40 – Јавна чистота**
**J60 – Одржување и заштита на локални патишта и улици**
**J80 – Други комунални услуги**
**JA0 – Изградба на јавно осветлување**
**JД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**
**JE0 – Изградба на простор за паркирање**
**JФ0 – Изградба на сообраќајна сигнализација**
**JГ0 – Изградба на системи за водоснабдување**
**JИ0 – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**
**JM0 – Паркови и зеленило /капитални расходи/**
**JH0 – Урбана опрема/капитални расходи/**

II. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОГРАМИТЕ ПО ВИДОВИ РАСХОДИ СПОРЕД СЛЕДНИОТ ПРИКАЗ:

# ПОДПРОГРАМА
# (Ј00)
# ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

**1.ВОВЕД**
Со оваа Подпрограма се уредува:
Извори на финансирање на подпрограмата
Пресметување на трошоците за одржување на урбана опрема
Динамика на извршување на подпрограмата
Преодни и завршни одредби

**2.ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**
Подпрограмата Ј00 (**ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА** на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година.

**3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА**
Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| **Категорија** | **Ставка** | **Подставка** | **Опис на ставка** | **Износ во денари** |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | **Стоки и Услуги** | **7.150.000, 00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | **7.150.000, 00** |
| | | 424390 | Одржување на други објекти (урбана опрема)<br>Реконструкција и санација на фонтани и чешми за пиење вода | 3.500.000, 00<br>3.500.000,00 |
| | | | Капитални расходи | **150.000, 00** |
| | 425 | | Други градежни објекти | 150.000, 00 |
| | | 425980 | Надзор над изградбата | 150.000, 00 |

*** Образложение на потставката 424390 – Одржување на други објекти**
Трошоци поврзани со поправка на клупи, корпи за отпадоци, чешми, фонтани, поправка и замена на оштетени делови од урбана опрема во парковите,

зелените површини, детските игралишта и спортски реквизити во спортските игралишта на територија на Општината поставени во изминатиот период.

**4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

# П О Д П Р О Г Р А М А
# (Ј30)
# ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

## 1.ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:
Извори на финансирање на подпрограмата
Пресметување на трошоците за одржување на јавното осветлување
Динамика на извршување на подпрограмата
Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј30 (Одржување на јавно осветлување на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од средствата што ЕВН ги исплаќа во вид на такса за улично осветлување од корисниците и од буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Став ка | Подстав ка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и Услуги | **42.650.000,00** |
| | 421 | | Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт | **13.000.000,00** |
| | | 421110 | Електрична енергија | 32.000.000,00 |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | **10.000.000,00** |
| | | 424390 | Одржување на други градби | 10.000.000,00 |
| | 426 | | Други тековни расходи | **500.000,00** |
| | | 426990 | Други оперативни расходи | 500.000,00 |
| 42 | | | Капитални расходи | **150.000,00** |
| | 425 | | Други градежни објекти | 150.000,00 |
| | | 425980 | Надзор над изградбата | 150.000,00 |

* **Образложение на потставката 421110 – Електрична енергија**
Средствата кои се користат за покривање на трошоците за електрична енергија што се користи за јавно осветлување исклучиво на сервисните и станбените улици кои се во надлежност на Општина Кисела Вода.

* **Образложение на потставката 424390 – Одржување на други градби**
Со оваа подставка се покриваат трошоците за одржување на системите за јавно осветлување на сервисните и станбените улици, а кои се во надлежност на Општината Кисела Вода, во смисла на одржување на веќе поставени канделабри, пригушници, замена на кабли и друга опрема поврзана со јавното

улично осветлување, како и спроведување на енергетска ефикасност, односно замена на постоечките натриумови светилки со штедливи лед сијалици на дел од Општина Кисела Вода.

Напомена: Магистралните улици кои се на територија на Општина Кисела Вода се во надлежност на Градот Скопје за кои истиот има обврска за покривање на сметките за електрична енергија и тековно одржување на јавното осветлување.

* **Образложение на потставката 426990 –** Други оперативни расходи
Со оваа подставка се покриваат трошоци за дислокација на подземни кабли,дислокација на бетонски бандери и за изработка на физибилити студија за ЈПП за јавно осветлување

**4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**
Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година и средства обезбедени од наплатената такса за јавно осветлување.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**
Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(Ј40)**
**ЈАВНА ЧИСТОТА**

**1. ВОВЕД**

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за ангажирање на работна сила за одржување на паркови и зеленило и обезбедување ситен инвентар
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

**2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Подпрограмата Ј40 ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

**3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА**

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | **Стоки и Услуги** | **14.200.000,00** |
| | 423 | | Материјали и ситен инвентар | **400.000,00** |
| | | 423720 | Материјали за разни поправки | 300.000,00 |
| | | 423310 | Униформи | 100.000,00 |
| | | | | |
| | | | | |
| | 421 | | Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | **9.000.000,00** |
| | | 421190 | Други комунални такси и услуги | 9.000.000,00 |
| | 425 | | Договорни услуги | **4.000.000,00** |
| | | 425990 | Други договорни услуги | 4.000.000,00 |
| | 426 | | Други оперативни расходи | **800.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 426990 | Други оперативни расходи за изнајмување и одржување на јавни тоалети | 800.000,00 |

*** Образложение на потставките 423720**
Општината обезбедува средства за одржување на машини, алат и резервни делови за машините и алатот за работа за сезонските работници на територија на Општина Кисела Вода( (тримери за косење, тракторска тревокосачка, телескопска пила, метли, колички, лопати, копачи, вили, дупчалки, машина за чистење на снег и друго),со цел косење и одржување на јавните зелени површини, чистење на истите од смет, одржување на тротоари и пешачки патеки, чистење на снег и други активности кои ги извршуваат сезонските работници од различна природа.

*** Образложение на потставките 423310**
Општината обезбедува средства за набавка на унифоми за сезонските работници. Се планира на сите сезонци да се купи нова работна облека-униформи (пантолони, кошули, Т-маици и јакна) за 2023 година. Општината обезбедува средства за набавка на обувки за сезонските работници. Се планира на сите нови сезонци да се купат нови обувки за 2023 година.Истите ќе бидат испечатени со името на Општина Кисела Вода, со што тие ќе бидат препознатливи и подостапни до граѓаните.

**Образложение на потставките 421190**
Општината ќе ангажира економски оператор за одржување на јавната чистота ,со цел подобрување на условите за живеење.

*** Образложение на потставките 425990**
Општината обезбедува средства за плата на сезонските работници. Се планира на сезонските работници да им биде платен персонален данок и осигурување во случај на незгода при работа.Планирано е во 2023год. да се ангажираат 70 времено вработени сезонски работници почнувајќи од 01.01.2023 до крајот на тековната година.

*** Образложение на потставките 426990**
Општината обезбедува средства за изнајмување и одржување на јавни тоалети согласно Законот за јавна чистота кои ќе бидат поставени на места каде ќе се одржуваат разни манифестации и постојано во неколку парка по избор на општината.

**4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**
Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(Ј60)**

**ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за одржување и заштита на локалните патишта и улици заедно со тротоари и пешачки патеки
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј60 (одржување и заштита на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 42 | | | Стоки и услуги | **3.000.000,00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | |
| | | 424320 | Одржување на улици и патишта | 3.000.000,00 |

*** Образложение на потставката 424320 – Одржување на улици и патишта**

Согласно Законот за јавни патишта (член 58), Општината издвојува средства за одржување и заштита на локалните патишта и улици, и тоа:

- Чистење снег и мраз од коловозите, посипување на коловоз со сол или абразивни средства во осојничавите места, мостовите, делници со поголеми наклони на патот како и на други места за заштита на коловозот од замрзнување.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од временските услови во зимскиот период и од приливот на финансиски средства во 2023 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(Ј80)**
**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за други комунални услуги
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Подпрограмата Ј80 (други комунални услуги на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| **42** | | | **Стоки и Услуги** | **2.700.000,00** |
| | 424 | | Поправки и тековно одржување | **600.000,00** |
| | | 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 600.000, 00 |
| | 425 | | Договорни услуги | **2.100.000,00** |
| | | 425940 | Рушење на објекти | 2.000.000,00 |
| | | 425980 | Надзор над изградба | 100.000,00 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

*** Образложение на подставките 424230**

Со оваа подставка, Општината обезбедува средства за дезинфекција, дератизација и дезинсекција. Целта на Општината е целосно покривање на канализационите шахти со средства против глодари, бубашваби, и други организми кои ја загрозуваат животната средина. Реализацијата на оваа подставка се одвива два пати годишно. (пролетна и есенска)

*** Образложение на подставките 425940**

Со оваа подставка, Општината обезбедува средства за рушење на објекти кои се бесправно изградени и не се во согласност со постоечкиот ДУП.

**4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување на подпрограмата ќе зависи од приливот на средства во Буџетот на Општината за 2023 година.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П Р О Г Р А М А**
**(JA0)**
**ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

**1.ВОВЕД**

Со оваа Подпрограма се уредува:
Извори на финансирање на подпрограмата
Пресметување на трошоците за изградба на јавно осветлување
Динамика на извршување на подпрограмата
Преодни и завршни одредби

**2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Подпрограмата JA0 (Изградба на јавно осветлување на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година

**3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА**

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални Расходи | **1.300.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | **1.300.000,00** |
| | | | | |
| | | 482 110 | Подготвување на проекти и вршење на стручна ревизија | 200.000,00 |
| | | | | |
| | | 482 920 | Изградба на други објекти | 1.000.000,00 |
| | | | | |
| 48 | | | **Капитални расходи** | **100.000,00** |
| | 482 | | Други градежни работи | 100.000,00 |
| | | 482 940 | Надзор над изградбата | 100.000,00 |

* **Образложение на подпрограмата 482920**

Општината обезбедува средства за изградба на нови линии за јавно осветлување на сервисни и станбени улици согласно Програмата за енергетска ефикасност и инсталирање на штедливи светилки и модернизација на постојниот систем, а со цел намалување на трошоците за одржување на уличното осветлување на територија на општината.
Израдба на линија за јавно улично осветлување на ул.Мариовска од магацин Треска до црква Свето Преображение на локација Теферич, ул.Петар Драпшин , парк во с.Драчево(место викано Дупки),скалите во Црниче и други сервисни улици.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година, како и од наплатата на таксата за јавно осветлување.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(ЈД0)**
**ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба и реконструкција на локалните патишта и улици
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Подпрограмата ЈД0 (Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кисела Вода) се финансира од средствата (капитални трансфери) од Агенција за Државни Патишта согласно Законот за Јавни Патишта, како и од дополнително издвоени средства од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **107.500,000,00** |
| | 482 | | Други градежни работи | |
| | | 482110 | Подготвување на проекти, вршење на стручна ревизија | 1.300.000,00 |
| | | 482120 | Изградба на улици и патишта | 7.000.000,00 |
| | | 482130 | Реконструкција на улици и патишта<br>Развојна програма ЈДА | 8.000.000,00<br>10.200.000,00 |
| | | 482930 | Реконструкција и изградба на други објекти<br>Развојна програма ЈДБ | 5.000.000,00<br>75.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 1.000.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата**

Капиталните расходи на оваа подпрограма се однесуваат на санација, реконструкција и изградба на локалните патишта согласно Законот за Јавни Патишта, изградба на пешачки патеки и тротоари, потпорни ѕидови, мостови и др.

*** подставка 482110**
Со оваа подставка се предвидува подготвување на проектна техничка документација за новопроектирани улици кои ќе се градат на територија на Општина Кисела Вода согласно усвоените ДУП-ови како и проектно техничка документација за санација и реконструкција на сервисните и станбените улици под надлежност на Општина Кисела Вода.

***подставка 482120**
Со оваа подставка се предвидува изградба на новопроектирани улици на територија на Општина Кисела Вода согласно Дуп-овите и за кои има одобрена техничка документација Балзакова, пат кон резервоар во месноста Порупа, новопроектирана 8 во Цветан Димов, новопроектирана 5,новопроектирана 3, и други новопроектирани сервисни и станбени улици во општината согласно изготвените и одобрени проекти.

***подставка 482130,482930**
11 Октомври бараки
Ул Браќа Грим, Првомајска крак 4, 8, 10, 18, Лазар Димитров, Трајко Иванов, Петар Драпшин, Ефтим Спространов, Димитар Мирасчиев, Лав Толстој, Андреа Димишков, ул1 Градинар, ул7 Градинар, ул13 (Градинар), ул15 Градинар

11 Октомври згради
Ул Михаил Чаков

Црниче
Ул Баница,

Пржино
Ул Мариовска 3 со краците

Бирарија
Санација на скали кон Црниче,ул Томе Арсовски,ул Гогољ,

Цветан Димов
Ул Вера Јоциќ,ул Ѓорѓи Димитров,ул Емил Зола 3,ул Емил Зола,ул Улоф Палме, Новопроектирана 8,

Кисела Вода
Христо Татарчев крак15,Христо Татарчев крак 8,10, ул Козјак, Христо Татарчев крак 11, , пешачка патека од стадионот Пржино до црква св Ѓорѓија

Пинтија
Ул Саса 4,ул Саса2, ул 1439,

Село Драчево
Ул Корџевска,ул Солунска Глава, ул Илија Ристевски,ул Мишевска, ул Герника со краците, пешачка патека Покрсти

Населба Драчево
Ул Малешевска, ул Методија Патчев, ул Румена Хаџипанзова после каналот, санација мостот на ул Киро Фетак, ул Румена Хаџипанзова м.в.Смоквинки,ул Гутенбергова, Иван Хаџиниколов крак7,

Подстаница
Ул Сердарот,

Стаклара -Каменик
Краците на ул Борис Трајковски, 1519, Борис Трајковски крак34,

Припор
Христо Татарчев 20, Христо Татарчев крак14 кон Давидоф ,Христо Татарчев крак25,Христо Татарчев крак 23, Христо татарчев крак28,

**4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**
Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**
Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(ЈЕ0)**
**ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на простор за паркирање
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Подпрограмата ЈЕ0 (Изградба на простор за паркирање на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од средствата од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **200.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 200.000,00 |
| | | 482910 | Подготвување на проекти, вршење на стручна ревизија | 100.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 100.000,00 |
| | | | | |

*** Образложение на подставката 482910**

Со оваа подпрограма Општината Кисела Вода обезбедува средства за проектирање и изградба на нови простори за паркирање во урбаните средини а со цел растеретување на улиците и обезбедување подобар и побезбеден режим на сообраќајот.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(ЈФ0)**
**ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на сообраќајна сигнализација
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Подпрограмата ЈФ0 (Изградба на сообраќајна сигнализација на подрачјето на Општина Кисела Вода) ќе се финансира од средствата од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **1.200.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 1.200.000,00 |
| | | 482910 | Подготвување на сообраќаен проект | 200.000,00 |
| | | 482920 | Изградба на други објекти | 900.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 100.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата 482920**

Оваа подпрограма е целосно во согласност со Законот за Јавни патишта со кој се предвидува поставување и замена на сообраќајни знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на сервисните улици под надлежност на Општина Кисела Вода.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(ЈГ0)**
**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на системи за водоснабдување
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Подпрограмата ЈГ0(Изградба на водоснабдителни системи) на подрачјето на Општина Кисела Вода ќе се финансира од средствата од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **14.300,000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 14.300,000,00 |
| | | 482910 | Подготвување на проекти, вршење стручна ревизија | 500.000,00 |
| | | 482720 | Реконструкција и изградба на капацитети за водоснабдување(развојна програма ЈГБ)<br><br>Каменик<br>Бунари за техничка вода | 5.000.000,00<br><br>8,000,000,00<br>300,000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 500.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата**
Со оваа подпрограма, Општината Кисела Вода обезбедува средства за проектирање и изградба на нови систем за водоснабдување

***подставка 482910**
Со оваа подставка се предвидува подготвување на проекти за нови системи за водоснабдување кои ќе се градат на територија на Општина Кисела Вода,

Корџевска, Мишевска,Чучевска,Домазетовска, Солунска Глава во с.Драчево, ул Маја Јосифовска, Тушинска во нас. Драчево, Марко Орешковиќ нас. Кисела Вода и др.

***подставка 482720**

**Реконструкција и изградба на капацитети за водоснабдување:**

Изградба на нови системи за водоснабдување ќе се врши согласно изготвените проекти за кои ќе има одобрение за градба место викано Порупа ул Илија Ристевски,водоснабдителен систем на ул. Корџевска, Мишевска,Чучевска, Домазетовска, Солунска Глава во с.Драчево, ул Мара Јосифовска, Тушинска во нас. Драчево, Марко Орешковиќ нас. Кисела Вода и изградба на бунари со техничка вода за полевање на парковите и зелените површини на територија на општина Кисела Вода.

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(ЈИ0)**
**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за изградба на систем за одведување и третман на отпадните води
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби.

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Согласно законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води, Општината издвојува капитални расходи за оваа подпрограма кои се однесуваат на изградба, реконструкција и доградба на фекален канализационен систем и атмосферска канализација

- **ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА**

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **24.500.000,00** |
| | 482 | | Други градежни објекти | 24,500.000,00 |
| | | 482110 | Подготвување на проекти | 1.500.000,00 |
| | | 482920 | Реконструкција и изградба на објекти<br>Развојна програма ЈИБ<br>Развојна програма ЈИВ | 7.000.000,00<br>3.000.000,00<br>12.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над градбата | 1.000.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата**

***подставка 482110**

Со оваа подставка се предвидува подготвување на проекти за фекален и атмосферски канализационен систем кои ќе се градат на територија на Општина Кисела Вода, фекална и атмосферска канализација во нас. Пинтија, фекална канализација за нас.Каменик, фекална секундарна мрежа во Припор, атмосферска на ул. Томе Арсовски, атмосферска канализација на ул Јустинијан 1 и други.

***подставка 482920**

**ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ**

- нас.Градинар, Илија Ристевски , Димо Хаџи Димов,санација на дел од фекалниот систем во бабин дол нас Припор и други сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода.

**АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ**

- ул. Малешевска во нас. Драчево , ул томе Арсовски нас Бирарија,и други сервисни и станбени улици на територија на Општина Кисела Вода.

**4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната
средина.

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**(ЈН0)**
**УРБАНА ОПРЕМА**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Подпрограма се уредува:

- Извори на финансирање на подпрограмата
- Пресметување на трошоците за урбана опрема
- Динамика на извршување на подпрограмата
- Преодни и завршни одредби

## 2. ИЗВОРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

- Општината обезбедува капитални средства за поставување на нова урбана опрема во веќе постоечките и новоизградените паркови, зелени површини, спортски и детски игралишта и на други локации. Овие средства се обезбедуваат од Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

## 3. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА

Расходи за реализација, според намената и по поединечни видови на елементи се:

| Категорија | Ставка | Подставка | Опис на ставка | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | Капитални расходи | **24.400.000,00** |
| | 480 | | Купување на друга опрема | **24.400.000,00** |
| | | 480190 | Развојна програма ЈНА<br>Урбана опрема | 9,000.000,00<br>15.000.000,00 |
| | 482 | | Други градежни работи | **400.000,00** |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 400.000,00 |

*** Образложение на подпрограмата 480190**

Со оваа подпрограма, Општината предлага поставување и реконструкција на урбана опрема (клупи и корпи за отпадоци), огласни табли, опрема за детски игралишта (лулашки, лизгалки, клацкалки и друго), опрема за спортски игралишта (стативи, кошови, мрежи и друго), уредување на скверови

## 4. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општината Кисела Вода за 2023 година.

**5. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**
Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на средина.

**Р Е К А П И Т У Л А Р**
**ПРОГРАМА (Ј) КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

| | | |
|---|---|---|
| **Ј00** | Одржување на урбана опрема | **7.150 000,00** |
| **Ј30** | Јавно осветлување | **42,650 000,00** |
| **Ј40** | Јавна чистота | **14.200 000.00** |
| **Ј60** | Одржување и заштита на локални патишта и улици | **3.000 000.00** |
| **Ј80** | Други комунални услуги | **2.700 000.00** |
| **ЈА0** | Изградба на јавно осветлување | **300 000.00** |
| **ЈАА** | Изградба на јавно осветлување на територија на општина Кисела Вода | **1.000.000,00** |
| **ЈД0** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | **22.300 000.00** |
| **ЈДА** | Реконструкција на ул Наум Охридски | **10,200.000,00** |
| **ЈДБ** | Реконструкција,санација и изградба на улици ,пешачки патеки и мостови на територија на општина Кисела | **75.000.000,00** |
| **ЈЕ0** | Изградба на простор за паркирање | **200.000.00** |
| **ЈФ0** | Изградба на сообраќајна сигнализација | **1.200.000.00** |
| **ЈГ0** | Изградба на системи за водоснабдување | **1.000.000.00** |
| **ЈГА** | Изградба на систем за водоснабдување во нас. Каменик | **8.000.000,00** |
| **ЈГБ** | Изградба на системи за водоснабдување на територија на општина Кисела Вода | **5.000.000,00** |
| **ЈГВ** | Изградба на бунари за техничка вода на територија на општина Кисела Вода | **300.000,00** |
| **ЈИ0** | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | **9.500.000.00** |
| **ЈИБ** | Изградба на фекална канализација во нас.Градинар | **3.000.000,00** |
| **ЈИВ** | Изградба на системи за отпадни води на територија на општина Кисела Вода | **12.000.000,00** |
| **ЈН0** | Урбана опрема/капитални расходи/ | **15.400.000.00** |
| **ЈНА** | Изградба на урбана опрема на територија на општина Кисела Вода | **9.000.000,00** |
| | | |
| | **ВКУПНО** | **243.100.000,00** |

Програмата (Ј) Комунални дејности на општина Кисела Вода за 2023 година стапува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/14
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма (Р) заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Р) заштита на животната средина и природа на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/11
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник,, на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 1 алинеја 6 и точка 4 од Законот за Град Скопје (,,Службен Весник на РМ бр.55/04 бр.158/2011), член 95, став 3 од Закон за градежно земјиште Службен Весник на РМ бр.15/2015, бр.98/2015, бр193/2015, бр.226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016, бр190/2016) член 16, став 1, точка 1,алинеја 6 и точка 4, а во врска со член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен Гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА ( Р)**
**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА**
**НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА**

Програмата (Р ) ја содржи подпрограма Р10 и подпрограмата РА

**Подпрограма**
**(Р10)**
**Заштита на животната средина и природа**

1. **Вовед**

Со оваа подпрограма се уредува:
- Извори за финансирање на Подпрограмата
- Пресметување на трошоците за заштита на животната средина и природа
- Начин на распределба за средствата за финансирање
- Динамика за извршување на Подпрограмите
- Преодни и завршни одредби

2. **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОДПРОГРАМАТА ( Р10) и (РА0)**

Подпрограмите (Р10) и ( РА ) – Заштита на животната средина и природа ќе се финансира од Буџетот на Општина Кисела Вода.

3. **ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА**

Трошоците за финансирање на подпрограмите Р10 и РА – Заштита на животната средина и природа се распоредени во следниот табеларен приказ:

| Категорија | Ставка | Потставка | Опис на ставка | износ |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **12.800.000,00** |
| **42 (P10)** | | | **Стоки и услуги** | **12.800,000,00** |
| | 426 | | **Други оперативни услуги** | **12.300,000,00** |
| | | 426990 | Други оперативни услуги | 12.300,000,00 |
| | | | Чистење на канали<br>Уредување на коритото на Мала Рада | 3.000.000,00<br>5.000.000,00 |
| | | | Чистење на депонии(комунален отпад и градежен шут) | 3.000.000,00 |
| | | | Мерна станица (кружен тек Цементара) | 800.000,00 |
| | | | Мерење на бучава | 500.000,00 |
| 46 | | | **Субвенции и трансфери** | **500.000,00** |
| | 464 | | Разни трансфери | 500.000,00 |
| | | 464990 | Други трансфери | 500.000,00 |

**4. ПОДПРОГРАМА (P10)**

*** Образложение за подставка 426990**

- Со оваа подпрограма, Општината обезбедува средства за:
    - чистење на канали
    - чистење на депонии и друг отпад
    - Уредување на корито на р.Мала Рада

Во програмата за чистење на канали се третираат Црниот канал, каналот на Мала рада, Пржинскиот канал. Се предвидува каналите да се чистат два пати годишно .

Во програмата за чистење на депонии општината прави напори постоечките диви депонии да ги намали со оплеменување на просторот и изградба на урбани паркови.

Поставување на мерни станици за мерење на амбиеталниот воздух (кружен тек кај цементара)

мерење на бучава

*** Образложение на подставките 464990**

Субвенционирање на стационарот за кучиња скитници Лајка

**Подпрограма**
**(РА)**
**Заштита на животната средина и природа – Капитални расходи**

*** Образложение на подпрограмата**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 | | | **Капитални расходи** | 4.800.000,00 |
| | **482** | | **Други градежни објекти** | **4.800.000,00** |
| | | 482920 | Изградба на други објекти<br>Изградба и одржување на хидрантска мрежа, пумпи,фонтани,чешми за питка вода<br>Изградба и реконструкција на зелени површини | 2.500.000,00<br><br>2.000.000,00 |
| | | 482940 | Надзор над изградбата | 300.000,00 |

Со оваа подпрограма, Општината предлага изградба на нови зелени површини и реконструкција на постоечките, почитувајќи ја програмата за чиста и здрава средина.

***Подставка 482920**
Реконструкција и изградба на зеленило и паркови, хортикултурно уредување парк Шопен, парк позади МЗ Драчево, зазеленување на Парк 11 октомври бараки, парк на ул Киро Фетак, Парк Срце, обнова на зелената површина покрај Трим Патеката и други зелени површини на територија на Општина Кисела Вода.

## 7. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи,инфраструктура,сообраќај и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/15
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програмата Г1 - локален економски развој со Подпрограма ГДО – проекти за енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата Г1 - локален економски развој со Подпрограма ГДО – проекти за енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/12
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), и член 34 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на општина Кисела Вода,, бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**Г1 - ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ СО**
**ПОТПРОГРАМА ГД0 – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
**НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА**

СОДРЖИНА

1. План на активности

2. Динамика на извршување на активностите во Програмата

3. Преодни и завршни одредби

**1.ПЛАН НА АКТИВНОСТИ** (со опис на активноста и потребни финансиски средства за реализирање на истата)

- **Финансиско учество од страна на општината во предлог проекти**

Подготовка на проекти е дел од активностите на Секторот за локален економски развој. Проектите се подготвуваат во соработка со другите сектори во општината, а по однос на објавени јавни повици .
Согласно објавените јавни повици, најчесто е потребно и кофинансирање од страна на општината и тоа со одреден процент на финансиски средства наменети за реализација на проектот. Ваквите јавни повици не се однапред познати и поради тоа не постои можност за нивно детално образложение.
Вкупно средства : 3.000.000,00 денари

- **Проект "Општинско - корисна работа" во соработка со УНДП**

Овој проект има цел да овозможи работно ангажирање, на невработени лица од областа на образованието, социјалната заштита и заштита на деца, на определено време, согласно условите дефинирани од страна на УНДП и Агенцијата за вработување, како носители на проектот.
Вкупно средства : 2.500.000,00 денари

- **Изготвување на стратегија за економски развој на општина Кисела Вода за период 2023-2026 година**

Стратегијата ќе биде изработена согласно потребите на економски развој на општината, процесите на децентрализација, Законот за рамномерен регионален развој, Националната Стартегија за регионален развој на Република Македонија, евроинтеграцијата на Република Македонија и можностите за користење на европските предпристапни фондови со цел усогласување на стандардите на заедницата.
За да се добие целосна слика за реалните потреби на општината во дефинирањето на стратешките и конкретните цели, програмите и ризиците, ќе се спроведат работилници со сите релевантни чинители од разни сектори во

општината (приватен, јавен, невладин) како и аналитичко синтетичкиот метод за дефинирање на правците на развој.
За секоја стратешка област ќе биде дефинирана СВОТ анализа, визија, стратешка цел, конкретни цели и логичка рамка со програми, индикатори, верификатори и ризици. Профилот на општината, исто така, е составен дел од Стратегијата за локален економски развој на општина Кисела Вода.
Вкупно средства : 300.000,00 денари

- **Изготвување на стратегија за ЛАГ за рурален развој на општина Кисела Вода**

Еден од клучните концепти за развој на ЕУ е концептот на „развој заснован на територија", кој промовира интегриран локален и регионален пристап во решавање на проблемите. Оваа политика базирана на територија има за цел да ги надмине слабостите за целосно искористување на локалните потенцијали. Европските практики покажуваат дека регионите што се во можност да ги мобилизираат своите внатрешни потенцијали имаат поголеми шанси да се развиваат побрзо отколку другите региони.

Вкупно средства : 300.000,00 денари

- **Изготвување на Програма за Енергетска Ефикасност за Општина Кисела Вода за период 2024 – 2026**

Согласно Законот за енергетика локалната самоуправа потребно е да донесе среднорочно и долгорочно енергетско планирање, како основа за планирање на економскиот развој на општината и основа за намалување на штетното влијание врз животната средина и намалување на енергетската зависност. .Дефинирањето на целите на ПЕЕ треба да се направи во согласност со различните надлежности на општината во областа на енергетската ефикасност. Во прилог на својата традиционална улога како потрошувачи на топлина и електрична енергија во последниве години, општините се повеќе се стекнуваат со нови надлежности во оваа област, што всушност е резултат на децентрализацијата и приватизација во производството и дистрибуцијата на топлинска енергија, електрична енергија, природен гас и други извори на енергија.
Вкупно средства : 300.000,00 денари

- **Финансиска поддршка за поправка и санација на лифтовите во станбени згради на територија на општина Кисела Вода**

Финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела вода согласно Правилник донесен на Педесеттата пленарна седница одржана на 28.04.2021 година.
Ќе биде објавен јавен повик и право на користење на финансиските средства согласно Правилникот ќе имаат заедниците на сопственици на посебни делови, односно управителите на станбените згради на подрачјето на Општина Кисела Вода, кои ги исполнуваат условите од горенаведениот Правилник и ја доставиле потребната документација.
Вкупно средства: 600.000,00 денари

**ПОТПРОГРАМА ГДО – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

- Изработка на проекти и поставување на фотоволтаици на основните училишта во општина Кисела Вода
  Вкупно средства : 4.000.000,00 денари

- Енергетска обнова на ПОУ Рајко Жинзифов, населба Пинтија
  Вкупно средства : 3.000.000,00 денари

- Кофинансирање од страна на општината за набавка на термоизолациони материјали за реконструкција на фасади на станбени згради на територија на општина Кисела Вода
  Вкупно средства : 2.000.000,00 денари
- Енергетски менаџмент на системот за греење
  Вкупно средства : 36.000,00 денари
- Кофинансирање од страна на општината за набавка на печки на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода
  Вкупно средства: 500.000,00 денари
- Кофинансирање за набавка на пелети (печки на пелети) за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода
  Вкупно средства: 500.000,00 денари

**<u>2. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА</u>**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од техничките услови, како и приливот на средства во буџетот на општина Кисела Вода.

**<u>3. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ</u>**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на општина Кисела Вода и Секторот за локален економски развој.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/16
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма (Н1) основно образование за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (Н1) основно образование за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/13
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и точка 13 и член 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 34, став 1, точка 8 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА (Н1) ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Вовед

   Со оваа програма се уредува:
   - Извори на финансирање на програмата
   - Пресметување на трошоците
   - Динамика на извршување на Програмата
   - Преодни и завршни одредби

2. Извори и финансирање на Програмата за образование (Н1) за основно образование
   - Општината обезбедува средства од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година.
3. Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи :

**ПРОГРАМА ( Н1) ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

**1. ИМЕ НА ПРОЕКТ: НАГРАДИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ**

**Цели и активности:** Заради постигнатиот успех, резултати, посветеност, квалитет на учениците во учебната 2022/2023 година од повеќе области, од основните училишта кои се на територија на Општина Кисела Вода при реализација на многубројните проекти, за учество на државни и меѓународни акредитирани натпревари и освоено место на истите, општината доделува еднократна парична награда за талентираните ученици од повеќе области (уметност, наука, култура). Целта на проектот е откривање, развој и поддршка на талентирани ученици.

Оваа еднократна парична помош ќе претставува дополнителна мотивација кај младите таленти за понатамошен развој и надградување на сопствената личност.

Време на реализација Мај – Јуни 2023 година;

**Потребни средства: Доделување на парични награди за талентирани ученици од основните училишта за учебната 2022/2023 година ……………………………………………………………………....800.000,00 денари**

**2. ИМЕ НА ПРОЕКТ: „БЕЗБЕДНО И ЧИСТО УЧИЛИШТЕ“**

**Цели и активности :** Во насока на зголемување на безбедноста и хигиената во училиштата, Општина Кисела Вода, од оваа учебна 2022/2023 година ќе почне со реализација на проектот „Безбедно и чисто училиште“. Проектот има за цел да ги потикне училиштата на што побезбедна и почиста училишна средина, каде и учениците и вработените ќе се чуствуваат побезбедно и денот поминат во училиште ќе им биде во една чиста и здрава

средина. Во таа насока општината ќе објави јавен повик за избор на најбезбедно и најчисто училиште за учебната 2022/2023 година. На повикот ќе имаат можност да аплицираат сите основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Кисела Вода. Ќе се додели награда во вид на нагледни средства и техничка опрема за најдоброто училиште.

Време за реализација: 2023 година

**Потребни средства:..............................................................150.000,00 денари.**

3. **ИМЕ НА ПРОЕКТ: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И ОБЈЕКТИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА**

**Цели и активности:** Во насока на обезбедување на сигурноста и безбедноста на учениците во рамките на воспитно-образовниот процес и 24 часовно обезбедување на објектите на основните училишта предвидуваме општината да продолжи со проектот за физичко обезбедување на сите објекти од основните училишта, просториите и имотот во овие објекти. Професионалното обезбедување ќе подразбира контрола и преземање мерки на заштита и известување во случај на опасност од пожар, кражби и други нарушувања на приватноста на имотот, надворешно и внатрешно набљудување и обезбедување на објектите, како и постојана контрола во сите делови од објектите од страна на лиценцирани лица, задолжени за обезбедување. На тој начин, ќе се обезбеди целосно физичко и мобилно обезбедување на основните училишта во текот на целата година, без притоа да се оптоваруваат родителите со дополнителни трошоци.

**Потребни средства:..........................................................3.000.000,00 денари**

4. **ИМЕ НА ПРОЕКТ: РАНЧЕ ЗА СЕКОЕ ПРВАЧЕ**

**Цели и активности:** Во рамки на унапредување на училишните услови, како и во насока на финансиско олеснување на родителите на првачињата, општината ќе преземе значителни чекори кои се од заеднички интерес. Секое првачe во сите осум основни училишта на територија на Општина Кисела Вода, ќе добие бесплатно училишно ранче и училиштен прибор.

Време на реализација: 01 Септември 2023 година

**Потребни средства:..............................................................650.000,00 денари**

5. **ПРОЕКТ: ЦЕНТАР ЗА РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели и активности:** Целта на овој проект е да се опреми простор и да се создадат услови за работа со талентирани ученици од општинските основни училишта во општина Кисела Вода, каде учениците ќе можат да го развиваат и усовршуваат својот талент, знаење и способности.

Средствата ќе бидат наменети за опремување на простор со големина од 120 квадратни метри во основното училиште Димитар Миладинов во општина Центар. Станува збор за заеднички проект со општините Центар и Карпош, а одобрен од страна на Центарот за развој на Скопски плански регион.

Откако Центарот ќе се стави во функција, финансирањето ќе го преземат општините учеснички во проектот, а средствата ќе бидат наменети за:

- Наставниците кои ќе работат со талентираните ученици;
- Подмирување на тековни комунални трошоци (вода, интернет...);
- Кофинансирање на дел од трошоците на учениците кои ќе земат учество на меѓународни натпревари;

**Потребни средства: за кофинансирање на проектот ........... 200.000,00 ден.**

6. **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК**

**Цели и активности:** Јавен литературен и ликовен конкурс за учениците од ООУ.
Негување на мајчиниот јазик – творење и поттикнување, оддавање признанија;
Проширување на знаењата за историјата на мајчиниот јазик, улогата на дијалектот и друго.
Време на реализација: 21 – ви февруари, 2023 година

7. **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: 8 – ми МАРТ – ДЕН НА ЖЕНАТА**

**Цели и активности:** Одбележување и чествување на Денот на жената преку организиран мултимедијален ликовен и креативен хепенинг со учениците од основните училишта и децата од јавните детски градинки.
Време на реализација: 8 Март 2023 година.

8. **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ШЕГАТА 1-ви Април**

**Цели и активности:** Одбележување на Светскиот ден на шегата 1 Април, во кој активно учество ќе земат учениците од прво до деветo одделение со презентација на разновидни маски, шеги и трикови.
Дефиле на маски во некој од парковите во Општина Кисела Вода.
Време на реализација: 1 Април 2023 година

9. **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ЛИТЕРАТУРЕН КАРАВАН**

**Цели и активности:** Доближување на убавиот пишан збор до учениците, запознавање со творештвото на македонските и светските автори и воедно поттик за творење на учениците.
Одбележување на Месецот на книгата;
Одбележување на 23 Април – Светски ден на книгата;
Во секоја училишна библиотека да има катче "дојди земи" за учениците да имаат можност во училишните библиотеки една книга да вратат, а друга да земат;
Организирани посети на саем на книгата за сите ученици;
Организирање на посета во градски библиотеки и запознавање со делата на најзначајни светски автори за учениците од VIII и IX одделение;
Заеднички средби со познати македонски автори, на кои ќе се презентира дел од творештвото на писателите и поетите пред младите љубители на пишаниот збор во основните училишта;
Време на реализација: 2023 година.

10. **ИМЕ НА ПРОЕКТ: ДЕН НА СВЕТИТЕ БРАЌА КИРИЛ И МЕТОДИЈ**

**Цели и активности:** Одбележување на ден на Светите браќа Кирил и Методиј, основоположници на словенската писменост и литература.
Организирање на јавна трибина.
На трибината ќе учествуваат академци, професори, стручни лица од институтот за македонски јазик, писатели, ученици и родители.
Време на реализација: 24 Мај 2023 година

11. **ИМЕ НА ПРОЕКТ: 5 – ТИ ОКТОМВРИ СВЕТСКИОТ ДЕН НА УЧИТЕЛОТ**

**Цели и активности:** Одбележување на Светскиот ден на Учителот со доделување на пофалници за наставникот со најдолго работно искуство во основните училишта во Општина Кисела Вода и благодарници за наставниот кадар во основните училишта за континуиран придонес во воспитно образовниот процес. Реализирање на средби со пензионирани наставници, стручни соработници и раководни лица од училиштата.
Цел на проектот: Одбележување на Светскиот ден на учителот.
Време на реализација: 05 Октомври 2023 година

12. **ИМЕ НА ПРОЕКТ: Сензорни соби и пристап на децата со попреченост**

**Цели и активности:** Преку набавка на опрема и градење на „сензорни соби" во мулти-сензорни простории во сите основни училишта, како и обуки на кадарот, постепено ќе се решава проблемот со кој се соочуваат децата со потешкотии во развојот од различен степен. Во 2023 година планирано е во две основни улилишта да се направи преадаптација на простор, набавка на соодветни реквизити и наставно научни помагала со цел целосна инклузија на децата со попреченост во образовниот процес.
Време на реализација 2023 година
Потребните средства ќе бидат обезбедени со донација.

13. **ИМЕ НА ПРОЕКТ: НОВОГОДИШЕН БАЗАР**

**Цели и активности:** Децата од основните училишта традиционално пред Нова година изработуваат ликовни творби, разни производи и сл. Со цел промоција на оваа активност Општината ќе организира Новогодишен базар на кој ќе учествуваат најубавите творби од секое училиште, на тој начин ќе ги промовираме талентираните дечиња и ќе ги поттикнеме за понатамошен ангажман и творештво со соодветни награди.
Време на реализација: Декември 2023 година.

14. **ИМЕ НА ПРОЕКТ: ЛЕТЕН ОДМОР ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ ВО ООУ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели и активности:** Со овој проект предвидено е да се опфатат сите ученици од социјално ранливи категории, кои се редовни ученици во основните училишта во Општина Кисела Вода, за кои е предвидено да се обезбеди бесплатен летен одмор во некое познато летувалиште. Постапката ќе се спроведе според претходно утврдени услови и критериуми и пројавување на интерес по пат на јавен оглас.
Цели: Осамостојување, создавање на поголема одговорност и социјализација на учениците.
Активности: Рекреација, дружење, меѓусебно запознавање на учениците.
Време на реализација: лето 2023
**Потребни средства (превоз, сместување, храна )......... 3.000.000,00 денари**

**Програма (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| 1. Награди за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Кисела Вода | 800.000,00 денари |
| 2. Безбедно и чисто училиште | 150.000,00 денари |
| 3. Обезбедување на учениците и објектите на основните училишта | 3.000.000,00 денари |
| 4. Ранче за секое прваче | 650.000,00 денари |
| 5. Центар за работа со талентирани ученици од Општина Кисела Вода | 200.000,00 денари |
| 6. Одбележување на денот на Мајчиниот јазик | Без финансиски средства |
| 7. Одбележување на 8. Март - Денот на жената | Без финансиски средства |
| 8. Одбележување на Светскиот денот на шегата 1-ви Април | Без финансиски средства |
| 9. Литературен караван | Без финансиски средства |
| 10. Ден на светите браќа Кирил и Методиј | Без финансиски средства |
| 11. 5 –ти Октомври - Светскиот ден на учителот | Без финансиски средства |
| 12. Сензорни соби и пристап на децата со попреченост | Без финансиски средства |
| 13. Новогодишен базар | Без финансиски средства |
| 14. Летен одмор за учениците од социјално ранливи категории во ООУ на територијата на општина Кисела Вода | 3.000.000,00 денари |
| **Вкупно:** | **7.800.000,00 денари** |

**Вкупно: Програма (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ……….7.800.000,00 денари.**

**1. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година.

**2. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата за основно образование (Н1) ја врши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/17
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за култура (К4) за културни манифестации и творештво за 2023 година - Програма (КА) за културни манифестации и творештво (Капитални трошоци) за 2023 година и Програма за работа на Дом на култура Билјана Беличанец - Скопје за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за култура (К4) за културни манифестации и творештво за 2023 година - Програмата (КА) за културни манифестации и творештво (Капитални трошоци) за 2023 година и Програмата за работа на Дом на култура Билјана Беличанец - Скопје за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/14
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 и точка 13, член 62 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ " бр. 5/02), член 34 став 1, точка 8 и точка 41 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/20) Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА (К4) КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Вовед
   Со оваа програма се уредува:
- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби
2. Извори и финансирање на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво.
- Општината обезбедува средства од Буџетот на општина Кисела Вода за 2023 година.
3. Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи;

**ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА (К4) КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА 2023 ГОДИНА**

**1. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ВОДИЦИ – ФРЛАЊЕ НА КРСТОТ**

**Цели:** Зачувување, негување и чествување на верските празници и традицијата. Возобновена културна манифестација во чест на празникот Богојавление – Водици, која ќе се рализира во базенот - сала „Расадник"
Време на реализација: 19.01.2023 година
Реализатор: Општина Кисела Вода
Други оперативни трошоци, озвучување ..................................50.000,00 денари
**Потребни средства:..........................................................................100.000,00 денари**
**Вкупно:..........................................................................150.000,00 денари**

**2.Активност: Одбележување на Националниот празник на Унгарците** со пригодна манифестација и положување свежо цвеќе на Спомен – плочата на Шандор Петефи, унгарски поет и револуционер во Населба Драчево во соработка со Амбасадата на Република Унгарија во Р. Македонија.
Време на реализација: 15.03.2023 година
Реализатор: Општина Кисела Вода
Други оперативни трошоци, озвучување .................................20.000,00 денари
**Вкупно:..........................................................................20.000,00 денари**

**3.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ЃУРЃОВДЕН 6-ти МАЈ**

**Цели и активности:** Зачувување на традицијата и запознавање на младата популација со обичаите и значењето на верскиот празник Свети Ѓорѓија кој е востановен пред 25 години како Патронен празник на Општина Кисела Вода.
Време на реализација: 6-ти Мај 2023 година
Реализатор: Општина Кисела Вода
Други оперативни трошоци, озвучување ................................150.000,00 денари
**Вкупно:..........................................................................................150.000,00 денари**

**4.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ПУШКИНОВИ ДЕНОВИ**
**Цели и активности:** Денови на рускиот јазик, литература и култура во Република Македонија.
Време на реализација: 06 – 10 јуни 2023 година
Реализатор: Општина Кисела Вода
Други оперативни трошоци, озвучување …..............................20.000,00 денари
**Вкупно:............................................................................................20.000,00 денари**

**5.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: КУЛТУРНО ЛЕТО И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**Потреба:** Традиционалната културна манифестација се проширува и ќе трае подолг временски период во деновите од јуни и јули и ќе изобилува со разновидни културни содржини (концерти, театарски претстави, ликовна колонија и друго) наменети за различни целни групи кои ќе се одржуваат во парковите во Општина Кисела Вода, на Верско - рекреативниот центар Три Круши, Пеленица и во Домовите на културата во општината.
**Цели и активности:** Одбележување на 68-от роденден на Општина Кисела Вода
Време на реализација: 29 ти Јуни/Јули 2023 година
Реализатор: Општина Кисела Вода
Организирање на повеќе активности (настапи, турнири, ликовна колонија, ревии, изложби, концерти) во кои ќе бидат вклучени клубови и здруженија на граѓани, како и ликовни уметници за учество на културното лето и роденденот на Општина Кисела Вода;
Со проширување на манифестација со Ликовна колонија, се збогатува културниот капацитет и потенцијал на општината и истата се збогатува со дела од реномирани автори од регионот и пошироко.
**Потребни средства .............................................................3.000.000,00 денари**

**6.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДЕН НА МУЗИКАТА НА ШОПЕН ВО ПАРКОТ ШОПЕН**
**Потреба:** Подобро позиционирање и искористување на културната соработка со Република Полска преку иницирање на музички натпреварувачки рецитал во чест на Шопен, кој ќе придонесе за афирмација на младите и студентите по класична музика од Кисела Вода и градот Скопје. Позиционирање на Кисела Вода како простор за музички активности.
**Цели и активности:** Чествување на музичкото творештво на великанот Фредерик Шопен и популаризирање на класичната музика и промовирање на општо цивилизациските вредности од културата и уметноста кои ќе се реализираат во Парк Шопен и Дом на култура Билјана Беличанец;
**Време на реализација:** 17.10.2023 година
**Реализатор:** Општина Кисела Вода
Други оперативни трошоци, озвучување ................................120.000,00 денари

**Вкупно:........................................................................................120.000,00 денари**

**7.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**Потреба:** преку сегментирана поддршка се придонесува ефективно и стручно да се валоризира, промовира и регистрира културниот и креативниот потенцијал на општина Кисела Вода.

**Цели:** Финансиска поддршка за реализација на проекти од културата и уметноста на Здруженија и афирмирани уметници, млади - талентирани од областа на културата и уметноста во Општина Кисела Вода. Со доделување на еднократна финансиска поддршка ќе се овозможи реализација на концерти, изложби, претстави, рецитали како и за печатење каталози, книги со што ќе придонесат за афирмација на општината.

Време на реализација: во текот на 2023 година

**Потребни средства ............................................................1.600.000,00 денари**

**8. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: НАГРАДА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ДОСТИГНУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА УМЕТНИЧКОТО ТВОРЕШТВО, ПРОМОЦИЈА И ЗАШТИТА НА КУЛТУРАТА**

**Потреби:** Афирмација и поддршка на културата и културните работници на територија на општина Кисела Вода

**Цели:** Градоначалникот доделува еднаш годишно парична награда за личност од областа на културата, уметничкото творештво, промоција и заштита на културата, која со своето дело придонела во културниот развој и афирмација на Општина Кисела Вода.

Време на реализација: во текот на 2023 година.

Други оперативни трошоци, озвучување ..................................40.000,00 денари

Потребни средства..........................................................................100.000,00 денари

**Вкупно: .......................................................................................140.000,00 денари**

| | |
|---|---|
| 1.ВОДИЦИ – ФРЛАЊЕ НА КРСТОТ | 150.000,00 денари |
| 2.ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК НА УНГАРЦИТЕ | 20.000,00 денари |
| 3. ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА – ЃУРЃОВДЕН 6-ти МАЈ | 150.000,00 денари |
| 4. ПУШКИНОВИ ДЕНОВИ | 20.000,00 денари |
| 5. КУЛТУРНО ЛЕТО И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА РОДЕНДЕНОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 3.000.000,00 денари |
| 6. ДЕН НА МУЗИКАТА НА ШОПЕН ВО ПАРКОТ ШОПЕН | 120.000,00 денари |
| 7. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА И НА УМЕТНИЦИ И ДРУГИ КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА | 1.600.000,00 денари |
| 8.НАГРАДА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗАДОСТИГНУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА УМЕТНИЧКОТО ТВОРЕШТВО, ПРОМОЦИЈА И ЗАШТИТА НА КУЛТУРАТА | 140.000,00 денари |
| **Вкупно:** | **5.200,000,00 ден.** |

**Вкупно: Програма за култура (К4).................................... 5.200,000,00 денари**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ-СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Предлог програмата за работа на Домот за култура КВК е конципирана врз основа со согледувањата и анализите направени врз објективната состојба и потреби на граѓаните во Општина Кисела Вода. Како институција од културата, Домот на култура Билјана Беличанец првенствено ќе се грижи за задоволување на културните потреби на граѓаните од Општина Кисела Вода.

Согласно согледувањата, предлог програмата е конципирана во 4 сегменти:

- **Општина Кисела Вода**

  -За потребите на Општината и општинската администрација

  -Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура - Одделение за култура.

- **Аматерска програма**

  - За задоволување на потребите на правни субјекти кои функционираат на територијата на општина Кисела Вода:

  а) Градинки

  - Одбележување на патрониот празник и пригодни приредби од важност за градинката

  б) Основни и средни училишта

  - Одбележување на патрониот празник и пригодни приредби од важност за училиштето
  - Овозможување за изведба на изложби на драмска, музичка и ликовна секција
  - Училишни општински натпревари на училиштата од општина Кисела Вода или Училишни градски натпревари (драмски, музички/хорски, изложби)

  в) Здруженија на граѓани со посебни потреби

  - Отстапување на простор за јавно прикажување на активностите на лицата со посебни потреби

  г) Здруженија на пензионери

  - Отстапување на простор за јавно прикажување на активностите на здруженијата на пензионери од Општина Кисела Вода.

Горенаведените здруженија, училишта, градинки и општината просториите на Домот на култура КВК ке ги добиваат без надоместок во договор со директорот на домот.

- **Професионална програма За задоволување на културните потреби на граѓаните на Општина Кисела Вода:**

- Сопствена продукција: Театарски претстави, со финансиска поддршка од Општина Кисела Вода.
- Кино: Прикажување на филмови во соработка со Агенцијата за филм на Република Македонија
- Гостувања на реномирани театарски и други установи од областа на култура од Републиката и странство, со финансиска поддршка на Општина Кисела Вода.

- **Изнајмување на простор**

  - Изнајмување на простор за разни културни настани и други манифестации на принцип на одредување на фиксна цена по термин.

- Изнајмување на простор за разни културни настани и други манифестации на принцип на одредување на процент од билети.

Вака концепираната програма за работа опфаќа задоволување на културните потреби на голем број на граѓани на Општина Кисела Вода, притоа водејќи грижа за сите категории на граѓани, како и за сите возрасни групи.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ-СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

1. **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ПРОМОЦИЈА НА СИТЕ КУЛТУРНИ НАСТАНИ ВО ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ**

**Цели:** Да се промововираат поинтензивно и пошироко сите културни настани што ќе се реализираат во Домот на културата преку сите можни медиумски средства за да бидат запознаени граѓаните**.**

Време на реализација: Во текот на 2023 година

Авторски хонорари:..........................................................................100.000,00 денари

**Вкупно.........................................................................100.000,00 денари**

2. **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ЕКО ДЕНОВИ**

**Цели и активности:** Воведување на граѓаните за подигање на свеста за рециклажа и здрав начин на живот. Предвидено е во текот на неделата да се случуваат спортски активности (вежбање во природа, детски спортски активности), разни работилници и предавања за рециклажа, готвење во живо на здрава храна проследено со пикник, презентација и продажба на органска козметика, како и музички настани и крводарителска акција.

Време на реализација: 2023 година

Други оперативни трошоци, озвучување ................................100.000,00 денари

3. **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА**

**Цели:** Промоција на музичката и филмската култура и поддршка на истите од Општина Кисела Вода. Организација на музички фестивал за локални бендови како и организирање на кино на отворено.

Веме на реализација 2023 година

**Потребни средства:............................................................500.000,00 денари**

4. **Комунални трошоци**

Вработувања на ниво на 12 месеци бруто плата во денари

Директор.......................................................................50.000,00 денари

Сметководствено биро ................................................. 40.000,00 денари

Комунални трошоци.....................................................110.000,00 денари

**Вкупно: ...................................................................700.000,00 денари**

**Вкупно: Програма (К4).....................................................1.400.000,00 денари**

**БУЏЕТ И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ - СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА (К4)**

| | |
|---|---|
| 1. ПРОМОЦИЈА НА СИТЕ КУЛТУРНИ НАСТАНИ ВО ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ | 100.000,00 денари |
| 2. ЕКО ДЕНОВИ | 100.000,00 денари |
| 3.КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ НА ДОМОТ НА КУЛТУРА | 500.000,00 денари |
| 4. Вработувања на ниво на 12 месеци бруто плата во денари<br>- Комунални трошоци | 700.000,00 денари |
| **Вкупно:** | **1.400.000,00 денари** |

**ПРОГРАМА (КА)**
**КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО – КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Вовед

Со оваа програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата ( КА)

Општината обезбедува средства од Буџетот на општина Кисела Вода за 2023 година

- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби.

2. Трошоци за реализација на Програмата
3. Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи

1. **Поставување спомен обележје на Мите Костов Папули–** долгогодишен претседател на Лига на Власите, вице претседател на светскиот Совет на Власите во Париз- Франција, член на Хелсиншкиот комитет за човекови права, иницијатор за формирање на влашката редакција при МРТ, член на комитетот за односи меѓу заедниците во Собранието на РСМ, иницијатор за изучување на влашкиот јазик во основните училишта и на Филолошкиот факултет – Скопје и иницијатор за формирање на Агенција за остварување на правата на заедниците.

   Спомен – обележјето ќе претставува биста излеана во бронза.

   **Локација:** Парк ,,Македонија,, во близина на Дом на култура КВК

   **Потребни средства:...................................................300.000,00 денари**

2. **Поставување спомен обележје во чест на Сергеј Есенин познат руски и светски поет (1895 – 1925).** На иницијатива на амбасадата на Руската Федерација во Р. Македонија, Град Скопје и во соработка со Општина Кисела Вода ќе се постави биста излеана во бронза со ликот на Сергеј Есенин.

   Бистата ќе биде донација од Руската амбасада.

   **Локација**: Во Паркот на улица „Есенинова“

3. **Санација на Дом на култура Билјана Беличанец Општина Кисела Вода**

Обезбедени финансики средства согласно договор на реализација на проектот "Санација на Домот на Култура Билјана Беличанец Општина Кисела Вода, склучен помеѓу Министерство за Локална самоуправа – Биро за регионален развој и општина Кисела Вода, со кој според одлуката на Валадата на РСМ за истоимениот проект доделени се средства во износ од 2.294.571,00 денари.
**Потребни средства:...............................................2.294.571,00 денари**

**(КА) Културни манифестации и творештво – капитални трошоци**
**Поставување спомен – обележја на истакнати личности од општина Кисела Вода**

| |
|---|
| 1.Поставување спомен обележје на Мите Костов Папули |
| 2.Поставување спомен обележје на познатиот руски и светски поет Сергеј Есенин |
| 3. Санација на Дом на култура Блјана Беличанец Општина Кисела Вода |
| Вкупно.............................................................................................................................. |

**Вкупно: Програма (КА)....................................................2.594.571,00 денари**

**Вкупно: Програма (КА) и Програма(К4) и Дом на култура Блјана Беличанец- Скопје**

**БУЏЕТ И ПРОГРАМА за КУЛТУРА (К)**
**(К4) ЗА Културни манифестации и творештво 2023 ..... 5.200,000,00 денари**

**БУЏЕТ И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ - СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА.........................1.400.000,00 денари**

**(КА) Културни манифестации и творештво – капитални трошоци Поставување спомен –обележја на истакнати личности од општина Кисела Вода .........................................2.594.571,00 денари**

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО: Буџет за Програма за култура К** | **9.194.571,00 денари** |

**3. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА (К)**
Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година.

**4.ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**
Реализацијата на Програмата за култура (К) ја врши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/18
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма (ЛО) - спорт и рекреација за 2023 година и Предлог-Програма на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти ,,Кисела Вода КВ,, за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата (ЛО) - спорт и рекреација за 2023 година и Предлог-Програма на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти ,,Кисела Вода КВ,, за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/15
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 и член 62, точка 1 и 2 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ “ бр. 5/02), член 34 став 1, точка 8 и точка 41 од Статутот на општина Кисела Вода ( „Службен гласник на Општина Кисела Вода “ бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (ЛО) ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Вовед
 -Со оваа програма се уредува:
 -Извори на финансирање на програмата
 -Пресметување на трошоците
 -Динамика на извршување на Програмата
 -Преодни и завршни одредби

2.. Извори и финансирање на Програмата за спорт и рекреација.
 - Општината обезбедува средства од Буџетот на општина Кисела Вода за 2023 година.
 - Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи:

**ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (ЛО) ЗА 2023 ГОДИНА**

**1. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА И ЗДРУЖЕНИЕ - ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели:** Фундамент за развој на спортот треба да претставуваат добро организирани спортски активности во образовните институции. Оттука, училишниот спорт има универзални вредности. Целта на овој проект е откривање, развој и усовршување на спортскиот талент на учениците. Успешната организација на училишниот спорт несомнено ќе резултира со зголемување на масовноста во спортот од една страна, но и со можност за квалитетна селекција на врвни спортски таленти од друга страна.
Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 500.000. 00 денари
-Средствата се доделуваат на Јавен оглас, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на материјална поддршка на училишните спортски клубови и здруженија и Општинскиот Сојуз на училиштен спорт на Кисела Вода.
-Време на реализација: јануари-декември 2023.
**Потребни средства............................................................ 500.000.00 денари**

**2. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: КУП НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА „Св ЃОРЃИ“**
**Цели:** Овој меѓу општински проект веќе стана традиционален во општината Кисела Вода. Најдобрите талентирани ученици по спортовите мал фудбал,

кошарка, одбојка и други спортови ќе бидат селектирани од страна на селектори(професори по физичка култура и тренери). Оттука ќе се формира Селекција на таленти од општината Кисела Вода која турнирски ќе се натпреварува со своите врсници од другите Општини поканети на турнирот.
Време на реализација: месец април -мај 2023 година.
Реализатор: Општина Кисела Вода
Потребни средства:
За лекар .......................................................................... 36.000,00 денари
За судии .......................................................................... 24.000,00 денари
За озвучување..................................................................18.000,00 денари
За вода...............................................................................10.000,00 денари
За медали, пехари, дипломи..................................................20.000,00 денари
**Вкупно.......................................................................... 108.000.00 денари**

**3. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА**

**Цели:** Спортските клубови и спортските здруженија кои егзистираат на територијата на Општината практично се спортско огледало на најстарата скопска општина Кисела Вода е расадник на таленти и врвни спортисти кои својот прв чекор во спортот и своите први успешни спортски резултати ги направиле токму во спортски клубови во општината Кисела Вода. Оттука, не само законска, туку и морална обврска е Општината да се грижи за спортот кој практично претставува најевтин и најголем амбасадор на општината Кисела Вода во својата општина и надвор од неа.
Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 3.000.000. 00 денари
- Средствата се доделуваат на Јавен оглас, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на материјална поддршка на Спортски клубови и Спортски здруженија.

Време на реализација: 2023
**Вкупно ...........................................................................3.000.000,00 денари**

**4. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ**

**Цели:** Целта на проектот е да се стимулираат спортските клубови, спортските здруженија, спортските сојузи и спортски федерации во делот на реализација на манифестации кои значат масовност на спортот. Во проектот главен услов е манифестацијата да се одржува на територијата на општината Кисела Вода.
Предвидени средства и динамика на реализација:
- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 1.000.000. 00 денари
- Средствата се доделуваат на Јавен оглас, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на материјална поддршка за реализација на спортски манифестации.

Време на реализација: 2023.
**Вкупно .........................................................................1.000.000.00 денари**

**5. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: СПОРТСКА АКАДЕМИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели:** Спортска академија на општина Кисела Вода е проект наменет за одржување на промоции, спортски трибини, симпозиуми, реализација на афирмативни тренажни процеси предводени од актуелни и поранешни селектори и тренери на спортски клубови. Заради усовршување на водење на спортски тренинг во повеќе спортови, но и на многу други значајни теми од спортот, предвидено е во проектот да продефилираат со свои предавања, стручни лица од ФФК, експерти од Агенцијата за млади и спорт, од соодветни федерации и од спортски клубови и спортски здруженија. Размената на искуства, збогатување на знаењето, усовршувањето, издаваштвото, изработка и реализација на сопствени проекти, се само мал дел од целите и очекуваните ефекти од проектот, кој практично значи и развивање и усовршување на спортот во Општината.

За вода 6.000 денари

Време на реализација: јануари - декември 2023 година.

**Вкупно...............................................................................6.000.00 денари**

**6. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ НАГРАДИ ДО 100 ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ-СПОРТИСТИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**

**Цели:** Во осумте основни училишта кои гравитираат во Општината од година во година се афирмираат плејада на таленти во повеќе спортови. Нивниот талент го искажуваат во натпревари кои се во рамките на организација на училишниот спорт, или пак на клупско и репрезентативно ниво во домашни и меѓународни рамки Општината Кисела Вода сака да ги стимулира талентираните спортисти кои постигнуваат успешни резултати. Исто така, Општината сака да го афирмира спортот како и да ја поттикне мотивацијата на младите таленти во делот на понатамошниот спортски развој.

Предвидени средства и динамика на реализација:

- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 1.000.000 00 денари
- Средствата се доделуваат по претходно доставен оглас по основните училишта, по претходно формирана комисија од Градоначалникот, која има за цел да дефинира Правилник и критериуми за доделување на парични награди до 100 талентирани ученици-спортисти од основните училишта на територијата на општината Кисела Вода

Време на реализација: мај-јуни 2023 година.

**Вкупно ......................................................................1.000.000.00 денари**

**7. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: „СПОРТУВАМЕ- ДРУГАРУВАМЕ“**

**Цели:** Проектот Спортуваме -Другаруваме е наменет за децата со посебни потреби. Во општината Кисела Вода има две училишта со посебни потреби: ,,Д-р Златен Стремец“ и ..Димитар Влахов“. Оттука и потребата за спорт во овие две училишта е голема ако се земе фактот дека е голем интересот на самите ученици за спортување и натпреварување во неколку спортови, кои ќе бидат по избор на нивни стручни лица. Целта на проектот е социјализација на децата, спортско усовршување и спортски развој, откривање и надградување на спортскиот талент кај децата.

Предвидени средства и динамика на реализација:

- За реализација на овој проект предвидени се вкупно 100.000 00 денари

Потребни средства:
За маици ..........................................................................50.000,00 денари
За риквизити (шахови, чуњеви и останато) ............................. 50.000,00 денари
Време на реализација: месец мај-октомври 2023 година.
**Вкупно ...........................................................................100.000.00 денари**

**8. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ,, КИСЕЛА ВОДА“**

**Цели:** Во Рамките на рекреативниот и масовен спорт предвидено е да се организира турнир во мал фудбал ,,Опен Кисела Вода“. Во проектот се предвидува учество да земат екипи од граѓаните во месните заедници, но предвидено е учество да земат и рекреативци од фирмите кои егзистираат во општината Кисела Вода или пак , екипи од фирми со кои соработува општината Кисела Вода. Предвидено е турнирот да се одвива во неколку категории. Идејата е да се поттикне маалскиот спорт и низ забава и дружење да се развива рекреативниот и масовен спорт.

Предвидени средства и динамика на реализација:
За реализација на овој проект се предвидени 135.000.00 денари.
Потребни средства:
-Судии ............................................................................... 32.000 денари
-Лекар ................................................................................. 30.000 денари
-фудбали ............................................................................. 9.000 денари
- Вода ................................................................................. 20.000 денари
- Пехари .............................................................................. 5.000 денари
-Маички ............................................................................... 9.000 денари
-Тренерки и патики ............................................................. 30.000 денари
Време на реализација: 2023 година.
**Вкупно ........................................................................... 135.000.00 денари**

**9. ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ШАХОВСКА ЛИГА КИСЕЛА ВОДА 2022/2023**

Во рамките на рекреативниот и масовен спорт предвидено е да се реализира проектот Шаховска Лига Кисела Вода каде учество ќе земат граѓаните од месните заедници во Општината. Секоја месна заедница предвидено е да формира екипа со 6 натпреварувачи и низ лига систем во екипна конкуренција ќе се игра по Бергеров систем. Идејата е да се развива шахот како спорт и низ забава и дружење меѓу граѓаните на месните заедници да се поттикне рекреативниот и масовен спорт.

Предвидени средства и динамика на реализација
Шаховската лига се предвидува да се игра во тековната 2023 година
Потребно е да се обезбедат
- Шахови ............................................................80 x 1500 = 120.000.00 денари
-Вода ...............................................................................20.000,00 денари
- Пехари и медали.............................................................. 6.000,00 денари
**Вкупно ...........................................................................146.000.00 денари**

**ПРОГРАМСКАТА ЦЕЛ НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ САЛИ И СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ,,КИСЕЛА ВОДА КВ“ СКОПЈЕ**

| | **Детален табеларен приказ на трошоци за 2023 година** | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Бруто плата ( 6 вработени) | 2.235.000,00 |
| 2. | Мобилни телефони (Телеком) | 66.000,00 |
| 3. | Банкарски провизии | 15.000,00 |
| 4. | Интернет за спортски објекти | 19.000,00 |
| 5. | Книговодствени услуги | 165.000,00 |
| 6. | ВКУПНО | 2.500.000,00 |

**ПРОГРАМА (ЛО) ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2023**

| | |
|---|---|
| 1..**ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА И ЗДРУЖЕНИЕ ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА КИСЕЛА ВОДА** | **500.000.00 денари** |
| **2. КУП НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ,,Св ЃОРЃИ“** | **108.000.00 денари** |
| **3. ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ И СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА** | **3.000.000.00 денари** |
| **4. ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | **1.000.000.00 денари** |
| **5. СПОРТСКА АКАДЕМИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** | **6.000 .00 денари** |
| **6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ НАГРАДИ ДО 100 ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ-СПОРТИСТИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** | **1.000.000.00 денари** |
| **7. ,,СПОРТУВАМЕ- ДРУГАРУВАМЕ“** | **100.000.00 денари** |
| **8. ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ,,ОПЕН КИСЕЛА ВОДА“** | **135.000.00 денари** |
| **9. ШАХОВСКА ЛИГА КИСЕЛА ВОДА** | **146.000.00 денари** |
| **10.Јавно претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти ,,КИСЕЛА ВОДА КВ“ Скопје** | **2,500,000,00 денари** |
| **Предлог – Буџет за Програма за СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (ЛО)** | **8.495.000,00 денари** |

**ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА (ЛО)**

Динамиката на извршување ќе зависи од приливот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година.

**ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата за спорт ,ЛО) ја врши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода, а ќе се применува од 01.01.2023.

Број 09-11889/19
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма од надлежност В - Предучилишно воспитување и Програма В1 - Предучилишно воспитување - капитални трошоци за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата од надлежност В - Предучилишно воспитување и Програма В1 - Предучилишно воспитување - капитални трошоци за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/16
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 13 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 34, став 1 точка 8 и точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В-ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА

1.Вовед

Со оваа програма се уредува

- Извори на финансирање на програмата
- Пресметување на трошоците
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби

2. Извори и финансирање на програмата од надлежност В – предучилишно воспитување за 2023 година

- Општината обезбедува средства од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година.

3 .Трошоци за реализација на Програмата

Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи :

## ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В-ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА
## ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В1 - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА

### 1.ИМЕ НА ПРОЕКТ: „ДЕЦАТА ВО ПРИРОДА“

**Целни групи:** Вработените во двете детски градинки, децата од воспитните групи на возраст од 5 до 6 години и родителите.

Еднодневниот излет со децата, вработените и родителите може да се реализира во согласност со одбележување на некои светски денови од еколошкиот календар и останати празници.

Децата, вработените и родителите од двете детски градинки еднодневниот излет може да го реализираат при одбележување на некои светски денови

1. Светски ден на чисти планини шуми 26 –ти Септември
2. Светски ден за заштита на животните – 4ти Октомври
3. Денови на пролетта за заштита на околината од 21 до 28 Март
4.Посета на расадници на овошја и зеленчук

**Цели:**

- Запознавање на децата со природата;
- Зближување на родител- дете-воспитувач;

- Релаксирање и зголемување на детската љубопитност за истражување
- Подигнување на еколошката свест;

Време на реализација: Во текот на 2023 година.
Реализатор:Општина Кисела Вода и Јавните детски градинки

**2.ИМЕ НА ПРОЕКТ:„ ЕДЕН ДЕН МОЈОТ РОДИТЕЛ – СТАРАТЕЛ ВО УЛОГА НА ВОСПИТУВАЧ – НЕГОВАТЕЛ“**

**Целни групи:** Воспитувачите, негователите и родителите на децата од сите воспитни групи во сите објекти во установата**.**

- За родителите ќе бидат изработени критериуми според кои ќе можат да бидат учесници во проектот;
- Секој родител ќе добие анкетен прашалник во кој треба да се изјасни дали го прифаќа проектот;
- Секој родител ќе добие листа на прашања за евалуација на проектот;
- Изјава за заштита на личноста на децата.

  Проектот финално ќе биде реализиран на трибина во која ќе учествуваат сите родители учесници во проектот како и сите вработени во детските градинки на кои од страна на Градоначалник ќе им бидат доделени благодарници за нивното учество.

**Цели:**

- Поттикнување на родителите за нивно активно вклучување во реализација на воспитно – образовниот процес.
- Доближување на родителите до професијата на воспитувачот и негувателот во градинка.
- Создавање на позитивна комуникација и подигнување на свеста кај родителите за одговорноста и тежината на работата на воспитно – згрижувачкиот кадар во градинка.
- Почитување на воспитно – згрижувачкиот кадар како важен фактор во развојот на детето.

Време на реализација: Во текот на 2023 година.
Реализатор:Општина Кисела Вода и Јавните детски градинки

**3. ПИЛОТ ПРОЕКТ„ СПОРТ ЗА СИТЕ ДЕЦА“**

Пилот проектот ќе се реализира со потпишување на Меморандум од страна на Општина Кисела Вода и ФФОЗС – заедно со студентите апсолвенти на факултетот.

Двете јавни детски градинки ќе треба да побараат согласност од родителите за нивните деца како учесници во пилот проектот.

**Целни групи:** Воспитно – згрижувачкиот кадар и децата во воспитните групи на возраст од 3 до 6 години во сите објекти во двете јавни детски градинки.

**Цели:** Правилен физички и психички развој кај децата од предучилишна возраст.

- Развивање на фина и груба моторика со формирање на правилни движења.
- Запознавање на родителите со вредностите на спортот и негова примена во изградба на здрави деца.

Време на реализација: 2023 година

Реализатор:Општина Кисела Вода со и ФФОЗС.

**4.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: „ВИРУЕЛНИОТ И ВИСТИНСКИОТ СВЕТ“**

Развојот на технологијата носи промени во сите сфери во детскиот развој, а еден од нив е употребата на мобилните телефони.

**Целни групи:** Проектот ќе биде реализиран од страна на родителите кои работат во областа на информатичката технологија.

**Цели:**

**-**Телефоните и таблетите емитуваат светлосни зраци кои имаат штетно влијание врз очите на децата.

- Го нарушуваат нормалнот време на спиење и будност кај децата.
- Го намалуваат нивото на концентрација и внимание.
- Имаат големо штетно влијание како на физичкото така и на менталното здравје на децата.

Време на реализација: Во текот на 2023 година.

Реализатор: Општина Кисела Вода со двете јавни детски градинки.

**5.ИМЕ НА ПРОЕКТ: „ ДА ГО ИЗРАДУВАМЕ ДЕТСКОТО СРЦЕ“**

**Целни групи:** Вработените, родителите и децата во двете јавни детски градинки

1.Со цел одбележувањето на новогодишните и божиќните празници децата, вработените и родителите во сите воспитни групи, сите објекти во двете јавни детски градинки ќе изработат Новогодишни украси и декорации.

**Цели:**

- Запознавање на децата со различни начини на прославување на новогодишните празници во другите држави .
- Традиционално украсување на домот и просториите во градинката.
- Секое дете е среќно кога ќе добие новогодишно пакетче.

Време на реализација: Ноември – Декември 2023 година

Реализатор: Општина Кисела Вода со двете јавни детски градинки

**6.ИМЕ НА ПРОЕКТ: „ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ, ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА“**

**Целни групи:** Децата од двете јавни детски градинки ЈДГ„Весели Цветови“ и ЈДГ„ 8 Март“

**Цели:**

- Остварување на правото на партиципација како право за заштита на децата кај кои материјалната состојба на семејствата е нарушена поради претрпена природна непогода ( пожар, поплава, земјотрес идруго).
- Партиципацијата е ослободување во цената што паѓа на товар на родителот во трошоците за згрижување,воспитание,одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца.
- Висината на партиципацијата се утврдува во зависност од настанатата состојба според **„**Правилникот за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување,воспитание,одмор и рекреација на децата во јавните установи за деца.
- Време на реализација: 2023 година

- Реализатор:Општина Кисела Вода
- **Потребни средства:……………………………………….80.000,00 денари**

**7.ИМЕ НА ПРОЕКТ:„БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ“**
**Целни групи:** Вработените,децата и родителите во двете јавни детски градинки.
1. Едуцирање на децата од најмала возраст да го научат однесувањето во сооообраќајот со помош на возрасните.
2. Користење на сигурносни појаси и детско седиште во автомобилите.
**Цели:**
- Запознавање на децата со правилата и безбедноста во сообраќајот
- Градење на доверба и отстранување на стравот кај децата од униформирани лица (полициски службеници).

Време на реализација: 2023 година
Реализатор: Општина Кисела Вода, Републички Совет за безбедност при патнички сообраќај и двете јавни детски градинки.

**8.ПИЛОТ ПРОЕКТ:„ДЕТСКО ФЕСТИВАЛЧЕ„**
**Целни групи:**Вработените и децата од воспитните групи на возраст од 4 до 6 години во ЈДГ„Весели Цветови“.
1. Во врска со проектот од Министерство за култура за развој, промоција и афирмација на културата ќе се реализира проектот во следниве дејности и области
-Музичка и музичко сценска дејност
-Фолклор
**Цели:**
- Афирмација на детската музика
- Создавање на детски ,македонски и авторски песни за децата од предучилишна возраст
- Збогатување на музичкото творештво со детски песни

Време на реализација: 2023 година
Реализатор:Општина Кисела Вода и ЈГД„Весели Цветови“.

**9.ИМЕ НА ПРОЕКТ:„ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПРВА ПОМОШ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ**“
**Целни групи:** Вработените во двете јавни детски градинки- обуки од страна на Црвениот Крст

**Цели:**
- Стекнување со знаења и вештини за соодветно и навремено постапување во ургентни ситуации,односно давање прва помош на децата.
- Практични вежби и вештини при повреда на децата со цела да се спречат можни компликации, за да се овозможи поголема безбедност на децата во детските градинки.

Време на реализација – Јануари – Јуни 2023 година
Реализатор:Општина Кисела Вода , Црвениот крст на град Скопје и двете јавни детски градинки

**10.ИМЕ НА ПРОЕКТ: „БУЛИНГОТ НЕ Е ДРУГАРСТВО“**

**Целни групи:** Воспитувачите, негувателите, стручните работници и соработници и децата од воспитните групи на возраст од 5 до 6 години во сите објекти на установата.

1. Различностите меѓу децата не треба да бидат пречки во формирањето и одржувањето на другарство, туку спој за позитивни работи и зближување помеѓу децата за да се чувствуваат како најдобри пријатели.
2. Препознавањеи детекција на семејно насилство.

**Цели:**

- Намалување на детското насилство ( физичко или психичко )
- Заштита на децата од непријатни искуства и доживувања кои го попречуваат нивниот развој.

Време на реализација – Јануари – Јуни 2023 година

Реализатор: Општина Кисела Вода, Црвен крст, МВР – одделение за превенција, ОБСЕ и јавните детски градинки

**11.ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПРИВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ НА ВОСПИТЕН КАДАР**( воспитувачи, ,негователи и технички кадар **)**

За привремени вработувања на 22 лице во ЈДГ „Весели Цветови“ 8.716.402,00 денари

За привремени вработувања на 21 лице во ЈДГ „8 Март“______9.825.000,00 денари

Време на реализација: во текот на 2023 година

Реализатор : Општина Кисела Вода

Потребни средства : ________________________________18.541,402,00 денари

**Вкупно :________________________________________18.541.402,00 денари**

**ПРЕДЛОГ БУЏЕТ ЗА ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

| **Име на проектот** | **Извори и финансирање** |
|---|---|
| 1.„Децата во природа“ | Без финансиски средства |
| **2.**„Еден ден мојот родител – старател во улога на воспитувач – неговател“ | Без финансиски средства |
| **3.**„Спорт за сите деца“ | Без финансиски средства |
| **4.„**Виртуелниот и вистинскиот свет“ | Без финансиски средства |
| 5.„Да го израдуваме детското срце“ | Без финансиски средства |
| 6.„ Партиципација за трошоците за згрижување, воспитание,одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца“. | 80.000,00 денари |
| **7.„**Безбедност во сообраќајот“. | Без финансиски средства |
| 8.Пилот проект„Детаско фестивалче“- во ЈДГ„ Весели Цветови“ | Без финансиски средства |
| **9.„**Едукативни активности за прва помош во двете детски градинки“ | Без финансиски средства |
| **10** „Булингот не е другарство “ | Без финансиски средства |

| | |
|---|---|
| **11.**Финансиска подршка на детските градинки за привремено ангажирани вработени | ЈДГ,,В. Цветови,, 8.716,402,00 ден<br>ЈДГ„8 Март 9.825.000,00 ден |
| **ВКУПНО** | **18.621.402,00 ден** |

**Програма од надлежност В – Предучилишно воспитување ………………………………………………………………...18.621.402,00 денари**
**Програма од надлежност В ( В1 ) Предучилишно воспитување ………………………………………………………………… 18.621.402,00 денари**

**ПРОГРАМА ( ВА )ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

- **ВОВЕД**

Со оваа програма се уредува:

- Извори на финансирање на програмата
- Динамика на извршување на Програмата
- Преодни и завршни одредби
- Извори и финансирање на Програмата
- Трошоци за реализација на Програмата
- Расходи за реализација според намената и поединечни видови на елементи :

**ВКУПНО Буџет за Програма В и В1................................18.621.402,00 денари**

**1. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од создадените технички услови, како и приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**2. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата за предучилишно воспитување ја врши Градоначалникот на Општината Кисела Вода преку Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/20
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за месна самоуправа (капитални расходи ) – (ДАО) - Подпрограма за месна самоуправа – тековно оперативни расходи (Д1О) на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за месна самоуправа (капитални расходи ) – (ДАО) - Подпрограма за месна самоуправа – тековно оперативни расходи (Д1О) на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/17
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0**
- **Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2022 година**

**ВОВЕД**

Граѓаните на Општина Кисела Вода ги разгледуваат и завземаат ставови за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа преку облиците на месна самоуправа. Месната самоуправа во Општина Кисела Вода е организирана преку 15 урбани и месни заедници од кои урбаните се основани во градските подрачја а во населените места, месни заедници. Во организација на секторот за Месна самоуправа и социјална заштита, Градоначалникот на Општина Кисела Вода ги посетува урбаните и месните заедници два или повеќе пати во годината, од каде што се црпат релевантни информации директно од граѓаните кои живеат во тој дел од Општината за сите проблеми со кои се соочуваат и се во доменот на одлучување на Општината и воедно се сумираат резултатите за договореното од претходната средба. На овие средби со граѓаните што се оддржуваат во објектите на урбаните и месните заедници како што може да се види погоре се континуирани низ целата година по дневен ред на истите се поставуваат најразлични прашања и се бара потреба за нивно решавање пред се за комуналната инфраструктура на соодветното подрачје,изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи,улици,културни домови,спортски објекти,паркови,детски игралишта и др), заштита на животната средина,покренување на иницијативи за уредување на просторот,организирање на културни,спортски и забавни манифестации и други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Покрај редовните посети на урбаните и месните заедници во 2023 година се предвидува одржување и на повеќе програмски активности во секоја месна-урбана заедница како и активно вклучување на НВО-граѓанските здруженија во активностите на општината и создавање на ефикасни механизми за взаемна соработка и за градење на партнерски однос за зголемувањето на влијанието на граѓанските организации во креирање на политиката на општината за нејзиниот развој.

Покрај другото Секторот за месна самоуправа ќе учествува,помага и дава логистичка подршка и за другите настани во организација на останатите Сектори во општината пред се во одбележувањето на денот на Општината, потоа одржување на манифестациите како (денови на Пушкин, денови на Шопен, Културно лето Три круши 2023, спортските манифестации и др).

**Програмата за Месна самоуправа (Капитални расходи) – ДА0**
**- Подпрограма за месна самоуправа (тековно оперативни расходи) – Д10 на Општина Кисела Вода за 2023 година**

**►Агенда за посета на Градоначалникот на Општина Кисела Вода на урбаните и месните заедници**

Секторот за Месна самоуправа и социјална заштита веќе ја има изготвено Агендата за посета на Градоначалникот на сите урбани и месни заедници, која што предвидува посета на истите во првата половина на месеците: март и октомври.

Значи, сметајќи дека најдобриот извор на информации за проблемите што ги тиштат граѓаните доаѓа од самите средби на граѓани кои ги организира секторот за месна самоуправа и социјална заштита, а ги истакнуваат граѓаните во тие моменти и понатаму ќе се влечат приоритетите за реализација на проектите од горенаведените средби.

►Субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на општина Кисела Вода за купување на дрва за огрев, по 500 денари по метар кубен но со максимална вкупна количина до 10 метри кубни започнувајќи од 01.04.20223 година со превидени финансиски средства од 1.2000.000,00 денари.
Финансиска конструкција: 1.200 000,00 денари.

**Одделението за месни заедници, невладини организации и социјална заштита**

Невладини организации е термин кој се употребува во западната терминологија и ги определува сите форми на здружување на граѓаните кои настанале поради остварување на одредени (заеднички) цели. Општина Кисела Вода има за цел да ја зајакне и унапреди соработката со граѓанскиот сектор, со што ќе дојде до промовирање на неговата улога и да го зголеми граѓанското учество во креирањето на локалните политики за развојот на локалната заедница.

Граѓанските организации со својата експертиза и стручност учествуваат непосредно во развојот на општината , прогресот, а со тоа се зајакнуваат демократските принципи, кој е во духот со Европската повелба за локалната самоуправа. Втемелувањето на граѓанскиот сектор како рамноправен партнер во локалната заедница е потреба за воспоставување на партиципативна демократија. Граѓанските организации како практични познавачи на состојбите и потребите на граѓаните и локалната заедница можат да и´ понудат нови алтернативи за решавање на проблемите од аспект на:локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детска заштита, здравствена заштита, образованието, давање на експертиза во вклучување на стратешко и акционо планирање на општинскиот развој, неформално образование и други области од општествениот живот.

**ЦЕЛ**

- Иницирање, кординирање на непосредна соработка со граѓанските здруженија и невладините организации за проток на информации
- Учество на граѓанскиот сектор во креирањето на локалните политики
- Транспарентност – можност за соработка со секоја граѓанска организација која ќе искаже желба за соработка со општината

Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор.

Општина Кисела Вода една како главна цел која ќе биде реализиранаво оваа Програма е и ставање на располагање на целокупниот потенцијал во поглед на простор со кој располага Секторот за Месна самоуправа и социјална заштита, преку урбаните и месните заедници со цел истиот бесплатно да го користат Здруженија на граѓани и разни клубови преку Меморандуми за соработка а во интерес на граѓаните на општина Кисела Вода.

**►Топлотен бран- Заштита и превенција на здравјето на граѓаните од високи температури во летниот период.**

Во духот на взаемната соработка на општина Кисела Вода со О.О на Црвен Крст на Општина Кисела Вода која отсекогаш била на високо ниво, ќе се реализира проектот "Топлотен бран" во кој општина Кисела Вода учествува со кофинансирање во проектот за грижата на здравјето на своите граѓани. Проектот ќе се реализира при постоење на топлотни температури од 35 степени целзиусови во периодот јули – август 2023 год. Активностите ќе ги спроведува Црвениот Крст, а ќе се состојат со одвивање на теренски активности со постоење на мобилни екипи составени од: возило на Црвениот Крст , медицинско лице- доктор, волонтери на Црвен Крст , кои на граѓаните ќе им им даваат медицинска помош, совети, ќе се делат, шишиња со вода , а ќе им се укаже помош на оние лица кои ќе имаат потреба за носење до крајната дестинација.

Општина Кисела Вода ќе учествува во проектот со кофинансирање заедно со О.О.на Црвен Крст на општина Кисела Вода.

Финансиска конструкција за проектната активност (во зависност од времетраењето на високите температури во период јули – август 2023 година

-Обезбедување на флаширана вода-Општина Кисела Вода (600 литри) јули-август

-Обезбедување на гориво за возило на Црвен крст - 20 000 денари

-Инструктори(2) по прва помош за месец јули-август - 24 000 денари

-Торба за прва помош со медицински материјал - 6 000 денари

Финансиски средства - 50 000 денари (трансферирани средства на Црвен крст на Република Македонија – Општинска Организација на Црвен крст на Кисела Вода

Носители- Општина Кисела Вода и Црвен Крст на Република Македонија-општинска Организација на Црвен Крст на општина Кисела Вода.

**►Се предвидуваат средства во висина од 250 000 денари за трансфер до Здруженија на граѓани (НВО) и фондации кои во наредната година ќе понудат проекти за унапредување на Општина Кисела Вода во сите сфери на делување на истите а во насока на подобрување на општествениот живот во Општината.**

## ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од створените технички услови, како и од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за Месна самоуправа и социјална заштита.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/21
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за активностите на Општина Кисела Вода од областа на социјалната заштита за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за активностите на Општина Кисела Вода од областа на социјалната заштита за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/18
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 точка 7 и 62 точка 1 и 2 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/02) член 3 точка 3, член 11 точка 1, 2 и 3 и член 12 од Закон за социјална заштита (Службен весник на Р.М. бр.104/19) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**Програма на Општина Кисела Вода од областа на социјална заштита за 2023 година**

Со Предлог-програма за социјална заштита се продлабочува и унапредува системот на социјална заштита за обезбедување и задоволување на потребите на граѓаните.

Главен и основен патоказ за изработка и спроведување на Програмата за социјална заштита се Законот за Социјална заштита, како и Законот за локална самоуправа, кои ја дефинираат правната рамка во процесот на децентрализација , начините и изворите за финансирање.

Сите форми и облици на социјална заштита кои општината треба да ги спроведе, со помош на Институциите за социјална заштита, со вклучување на други актери од социјалната политика, со заинтересирани поединци и организации, а се во функција да се обезбеди интегрален пристап во планирање, имплементација и евалуација на социјална заштита, развивање на услуги и опфаќање на кориснички групи, планирање и обезбедување на потребни средства преку разни форми на финансирање.

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјална заштита, во Општина Кисела Вода е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања.

**ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА**

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Кисела Вода, во областа на социјална заштита, да биде насочен кон остварување на пет приоритетни цели кои треба да придонесат за унапредување на социјалната и здравствената заштита на граѓаните:

- Остварување социјална заштита на лица со посебни потреби;
- Подобрување и унапредување на образованието за децата со посебни потреби;
- Општествено вклучување и социјални услуги;
- Еднакви можности, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности;

Во текот на 2023 година Општина Кисела Вода ќе спроведе низа на мерки и активности од различни области во склоп на социјалната заштита со која ќе се опфатат повеќе групи на граѓани.

1.Проект за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 01-01-2023 до 31-12-2023г.
носители: Општина Кисела Вода
рок: во текот на годината
вкупно средства:2.800.000,00 ден.

2. Промоција и реализација на активности за Еднакви можности, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности и унапредување на човековите права
(Општина Кисела Вода ќе објави Јавен повик и покана до сите владини, невладини институции, организации и здруженија за финансирање на истите)
носители: Општина Кисела Вода, НВО,МТСП и други релевантни институции
рок: во текот на годината
вкупно средства: 100.000,00ден. (трансфер средства)

3. Изготвување на Анализа и Стратегија за Еднакви можности во Општина Кисела Вода
носител:Општина Кисела Вода
вкупно средства:200.000,00

4.Субвенционирање на дел од месечните сметки за потрошена електрична енергија на социјално-ранливите категории жители за 2023год. и субвенционирање на дел од оброк за деца од социјално-ранливите семејства, од прво,второ и трето одделение во основните училишта на подрачје на Општина Кисела Вода.
носител:Општина Кисела Вода
вкупно средства:3.200.000,00 (ќе се обезбедуваат од донации)

5. Субвенционирање на целодневен престој на деца од семејства во социјален ризик во ЈДГ во Општина Кисела Вода
носител:Општина Кисела Вода
вкупно средства:400.000,00

**Динамика на извршување на предлог-програмата за социјална заштита**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од создадените технички услови и соодветен прилив на финансиски средства на буџетот на Општина Кисела Вода.

1.Проект за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 01-01-2023 до 31-12-2023г.

вкупно средства 2.800.000 ден.

2. Промоција и реализација на активности за Еднакви можности, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности и унапредување на човековите права

100.000,00 ден. (трансфер средства)

3. Изготвување на Анализа и Стратегија за Еднакви можности во Општина Кисела Вода

вкупно средства:200.000,00

4.Субвенционирање на дел од месечните сметки за потрошена електрична енергија на социјално-ранливите категории жители за 2023год. и субвенционирање на дел од оброк за деца од социјално-ранливите семејства, од прво,второ и трето одделение во основните училишта на подрачје на Општина Кисела Вода.

вкупно средства: 3.200.000,00
(ќе се обезбедуваат од донации)

5. Субвенционирање на целодневен престој на деца од семејства во социјален ризик во ЈДГ во Општина Кисела Вода
носител:Општина Кисела Вода

вкупно средства:400.000,00

**Вкупно: 6.700.000 ден.**

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за Месна самоуправа и социјална заштита.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/22
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за активностите на Општина Кисела Вода за заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за активностите на Општина Кисела Вода за заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/19
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 4, став 1 и 2 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 39/12, 41/14 и 106/16) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Кисела Вода за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра за 2023 година**

**СОДРЖИНА**

1.Вовед
2.Развојни приоритети и цели
3.План на активности
4.Динамика на извршување на активностите во програмата
5.Преодни и завршни одредби

**1.Вовед**

**„Природни непогоди"** се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителен свет и културното наследство.

**„Други несреќи"** се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи

течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Активностите и програмите кои ќе бидат спроведени во 2023 година ќе бидат насочени согласно законите и подзаконските акти и прописи, а се во интерес на граѓаните на Општина Кисела Вода во остварување на нивните права, обврски, како и нивна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Според законските одредби Општина Кисела Вода во 2023 година овие активности ќе ги остварува, насочува и кординира преку Секторот за човечки ресурси кој ќе ги организира, реализира и по потреба ќе соработува со :

- Општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Универзалната единица за заштита и спасување;
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Кисела Вода;

- Територијална противпожарна единица која дејствува на целата територија на општината;
- Доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и други субјекти и институции зависно од видот на активноста што ке се реализира.

**2.Развојни приоритети и цели**

Општина Кисела Вода настојува да одржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден просперитет на своите граѓани

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, собраќајни несреќи и други опасности,
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мирновремени, вонредни, воени и други состојби,
- Создавање услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштитата и спасувањето на луѓето и матријалните добра,
- Обезбедување на услови за навремено известување за опасноста, откривање и елементирање на причините за настанувањето и ублажување, локализирање и елиминирање на опасноста,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координација на силите за заштита и спасување за справување со опасностите со кои ќе биде зафатена општината.

**3. План на активности**

| **Бр** | **Планирана активност** | **Период на реализација** | **Планирани средства** |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на пумпи за испумпување на нечиста вода од поплавени простории и места:<br>- 4 пумпи; | април | 370.000 денари |
| 2 | Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати, хидрантска мрежа, електричната инсталација и громобранската инсталација. | По потреба | 80.000 денари |
| 3 | Ажурирање на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на ОКВ | Во тек на годината | 50.000 денари |
| | ВКУПНО | | 500.000 денари |

**Вкупно: 500.000 денари.**

**4.Динамика на извршување на активностите во програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**5.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за човечки ресурси.

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и придонесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/23
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/20
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), а врз основа на член 100 од Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија бр. 185/2011), член 10.10 и член 15.9 од Законот за Град Скопје (Службен весник на Република Македониј број 55/2004), како и врз основа на одлуката за Методологија за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 4/2013) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во 2023 година**

**СОДРЖИНА**

1.Вовед
2.Развојни приоритети и цели
3.План на активности
4.Динамика на извршување на активностите во програмата
5.Преодни и завршни одредби

**1.Вовед**

Активностите и програмите кои ќе бидат спроведени во 2023 година ќе бидат насочени согласно законите и подзаконските акти и прописи, а се во интерес на спроведување на подготовки и преземање на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и од последиците предизвикани од нив.

Според законските одредби Општина Кисела Вода во 2023 година овие активности ќе ги остварува, насочува и кординира преку Секторот за човечки ресурси и информатичка технологија кое ќе ги организира, реализира и по потреба ќе соработува со :

- Министерството за одбрана
- Подрачно одделение за одбрана во Општина Кисела Вода
- Центарот за управување со кризи

**2.Развојни приоритети и цели**

Општина Кисела Вода во воена состојба продолжува да ги извршува работите утврдени со закон и има обврска да преземе мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив. Единиците на локална самоуправа имаат обврска да се подготвуваат за извршување на обврските на начин утврден со нивниот статут. Во Статутот на Општина Кисела Вода во глава 11 во член 170 предвиден е начинот на извршување на обврските на општината од областа

на одбраната во воена состојба. Општина Кисела Вода врз основа на одлуката за Методологија за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 4/2013), има донесено План за функционирање на единица на локална самоуправа Општина Кисела Вода во услови на војна како и утврдени приоритети за извршување на задачи определени со закон;

1. Утврдување на приоритети за одржување на локални патишта, улици и други јавни објекти од локално значење;
2. Начин на извршување и определување на извршители на приоритетните задачи;
3. Определување на потребните финансиски средства;
4. Мерки на приправност;

**3. План на активности**

Според член 37 од Методологијата за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 83/2003) за единиците на локалната самоуправа финансиски средства за спроведување на подготовки за одбрана и заштита и
спасување на гр́аните и материјалните добра на своето подрачје од воени разузнавања и од природни непогоди и други несреќи во воена состојба и од последиците предизвикани од нив, како и за одржување на локалните патишта, улиците и другите јавни објекти од локално значење, според утврдениот приоритет се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од сопствени извори на приходи односно од Буџетот на Општина Кисела Вода.
Врз основа на тоа, како и по препорака на Министерството за одбрана по извршениот инспекциски надзор потребно е во буџетот на Општина Кисела Вода да се предвидат одредени финансиски средства.

**Предвидени финансиски средства: 100 000 денари.**

**4.Динамика на извршување на активностите во програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**5.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за човечки ресурси и информатичка технологија.
Во соработка со Министерството за одбрана, Подрачното одделение за одбрана во Општина Кисела Вода, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела ќе го следат спроведувањето на оваа програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и придонесување на предлози во врска со остварувањето и извршувањето на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 09-11889/24
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за работа на Советот на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесена на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/21
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 105, 106 и 107 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.10/05 и "Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/08, 02/21), ) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Осумнаесеттата пленарна седница одржана на 26 декември 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА.

Изработувач: Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Програмата за работа на Советот се донесува врз основа на член 105, 106 и 107 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кисела Вода, според кој Советот работи по програма која се донесува за една календарска година. Основа за изработка на програмата се работите што се во надлежност на Советот, согласно Законот за локална самоуправа.

**I. ПРОГРАМИ ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ, КУЛТУРА, СПОРТ**

1. ПРОГРАМА (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2023 ГОДИНА;
2. ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА (К4) ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО, ПРОГРАМА (КА) ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА КУЛТУРА КВК СКОПЈЕ ЗА 2023;
3. ПРОГРАМА (ЛО) - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2023 ГОДИНА И ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ САЛИ И СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ``КИСЕЛА ВОДА КВ`` ЗА 2023 ГОДИНА И
4. ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ И ПРОГРАМА ВА - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2023 ГОДИНА.

Изработувач: Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура
Предлагач: Градоначалник

5. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ОУ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА;
6. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2022/2023 ГОДИНА;
7. УСВОЈУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШЕН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА КВК" СКОПЈЕ;
8. УСВОЈУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШЕН И ГОДИШНИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ САЛИ И СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ "КИСЕЛА ВОДА КВ„ СКОПЈЕ;
9. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2022/2023;
10. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2022/2023;
11. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2022/2023 И
12. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2022/2023;
13. ДОНЕСУВА ПРОПИСИ И АКТИ НА ПРЕДЛОГ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА, ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ ДОМ НА КУЛТУРА КВК" СКОПЈЕ И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ САЛИ И СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ "КИСЕЛА ВОДА КВ„ СКОПЈЕ.

Изработувач: Основни училишта, јавни детски градинки, ЈОУ Дом на Култура КВК и ЈП за стопанисување со спортски сали и спортски објекти на подрачјето на Општина Кисела Вода

Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Разгледувањето на извештаите за работа, усвојување на програмите за работа и годишните планови за вработувања на основните училиша и јавните детски градинки, како и извештаите за работа на јавна општинска установа „ ДОМ НА КУЛТУРА КВК" Скопје и Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти "Кисела Вода КВ„ Скопје, е согласно ингеренциите на Градоначалникот и Советот на Општината, а врз основа на Законот за основно образование, Законот за заштита на децата, Законот за административни службеници, Законот за локална самоуправа, како и статутуите на Јавна општинска установа „ ДОМ

НА КУЛТУРА КВК“ Скопје и Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти “Кисела Вода КВ„ Скопје.

**14.** РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА.
**15.** РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИ ОДБОРИ ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА.
**16.** РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИ И НАДЗОРНИ ОДБОРИ ВО ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ ДОМ НА КУЛТУРА КВК“ СКОПЈЕ И ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ САЛИ И СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ “КИСЕЛА ВОДА КВ„ СКОПЈЕ.

Изработувач: Комисија за мандатни прашања,
избори, именувања и разрешувања
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Разрешувањето и именувањето членови на училишни/управни одбори во основните училишта и градинки на подрачје на Општина Кисела Вода, е во согласност со ингеренциите на Гардоначалникот и Советот на општинта кои произлегуваат од Законот за основно образование, Законот за заштита на децата, Законот за локална самоуправа, како и статутуите на Јавна општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА КВК“ Скопје и Јавното претпријатие за стопанисување со спортски сали и спортски објекти “Кисела Вода КВ„ Скопје.

## II. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ДРУГИ АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ

**1.** ПРЕДЛОГ - ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2022 ГОДИНА (15 МАРТ 2023 ГОДИНА), СО ЗАВРШНИ СМЕТКИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА, ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, КАКО И НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА КВК“ СКОПЈЕ И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ САЛИ И СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ “КИСЕЛА ВОДА КВ„ СКОПЈЕ.
**2.** КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ
- КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА
    - ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА
    - ЈАНУАРИ-МАРТ 2023 ГОДИНА -
    - АПРИЛ-ЈУНИ 2023 ГОДИНА
    - ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА

**3.** РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР ЗА 2023 ГОДИНА

4. ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ ЗА 2023 ГОДИНА
5. ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА И ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА
6. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ И АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Изработувач: Сектор за финансиски прашања
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Изготвувањето и донесување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2022 година е законска обврска што произлегува од Законот за буџетите. Завршната сметка се изготвува согласно класификацијата на трошоците.
Кварталните извештаи се обврска кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Законот за буџетите, со што се овозможува Советот на општината континуирано да се запознава со реализацијата на Буџетот на општината.
Буџетот и Одлуката за извршување на Буџетот, како основни акти и услов за финансирање на општината во тековната година, се донесуваат врз основа на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Изработувач: Сектор за финансиски прашања
Предлагач: Градоначалник

## III. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЛОКАЛНИ САМОУПРАВИ ВО ЗЕМЈАТА И НАДВОР ОД НЕА

1. Соработка и збратимување со локални самоуправи од земјата
   а) Размена на искуства помеѓу различните локални самоуправи
   б) Збратимување со разни локални самоуправи во земјата
   в) Размена на искуства за разни комунални проблеми со локални самоуправи надвор од земјата
   г) Збратимување со разни локални самоуправи од други земји

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на остварување меѓународна соработка, е надлежноста на Советот предвидена во Законот за локална самоуправа.

Изработувач: Општинска администрација
Предлагач: Градоначалник

## IV. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

1. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА Г1 - ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ СО ПОДПРОГРАМА ГДО – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА;
2. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ И ДРУГИ ПРОПИСИ ЗА ПОДДРШКА НА АПЛИЦИРАЊЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПРОЕКТИ И ГРАНТОВИ РАСПИШАНИ ОД ВЛАДИНИ И НЕВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ, СО ЦЕЛ УСПЕШНА РЕАЛИЗИЦА НА ПЛАНИРАНИ И НОВИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНАТА ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ;
3. SPROVEDUVAWE НА АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА СОГЛАСНО ОПЕЕ (2021-2023);
4. УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2022 ГОДИНА;
5. SPROVEDUVAWE НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПЕРИОД 2022-2025 ГОДИНА И
6. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ И АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на локален економски развој и енергетска ефикасност, е надлежноста на Советот предвидена во Статутот на Општина Кисела Вода и истата е во согласност со Законот за локална самоуправа и Законот за енергетика.

Изработувач: Сектор за локален економски развој
Предлагач: Градоначалник

## V. МЕСНА САМУПРАВА И СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ИНТЕРЕС НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

1. ПРОГРАМА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ) – (ДАО) - ПОДПРОГРАМА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА – ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ (Д1О) НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА
2. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИ ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ПОМАГАЊЕ НА НИВНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ВО РАМКИ НА МОЖНОСТИТЕ, СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ОД ТОЧКА 1.

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на остварување соработка со здруженија на граѓани и фондации на подрачјето на Општина Кисела Вода, е надлежноста на Советот предвидена во Статутот на Општина Кисела Вода и истата е во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации, кој предвидува можност за финансирање на здруженијата на граѓани и фондации, покрај од останати извори и од Буџетот

на единиците на локална самоуправа, за што одлучува Советот на општината.

Изработувач: Сектор за месна самоуправа и социјална заштита
Предлагач: Градоначалник

## VI. КОМУНАЛНИ РАБОТИ, ИНФРАСТРУКТУРА, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

1. ПРОГРАМА (Ј) – КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА:

**Подпрограми**
Ј00 – Одржување на урбана опрема
Ј30 – Јавно осветлување
Ј40 – Јавна чистота
Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта и улици
Ј80 – Други комунални услуги
ЈА0 – Изградба на јавно осветлување
ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици
ЈЕ0 – Изградба на простор за паркирање
ЈФ0 – Изградба на сообраќајна сигнализација
ЈГ0 – Изградба на системи за водоснабдување
ЈИ0 –Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води
ЈМ0 –Паркови и зеленило /капитални расходи/
ЈН0 – Урбана опрема/капитални расходи/

2. ПРОГРАМА (Р) ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА

**Подпрограми**
Р 10 - Заштита на животната средина и природа
Р А - Заштита на животната средина и природа (Капитални расходи)

3. ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО 2023 ГОДИНА И
4. ИЗМЕНА НА ДОНЕСЕНИ АКТИ И ПРОГРАМИ СО ЦЕЛ УСОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ ВО ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ

**Образложение**: Разгледувањето и усвојувањето на програмите за работа за реализирање на програмите за работа на Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина е согласно ингеренциите на Градоначалникот и на Советот на Општината од Законот за локална самоуправа, Закон за животна средина и Законот за заштита на населението од заразни болести.

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот

## VII. УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

1. ПРОГРАМА (Ф) УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА

**Подпрограми**
Ф1 - Урбанистичко планирање, приоритетна изработка на урбанистички планови и урбанистичко планирање за вклопување на бесправно изградените објекти
Ф10 - Утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема територијата на Општина Кисела Вода
Ф2 - Подпрограма за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кисела Вода
ФА - Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)

2. ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ИЗМЕНА НА ВЕЌЕ ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
3. ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ ЗА КОИ МОЖЕ /НЕ МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ ВКЛОПУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ВО УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ДЕТАЛНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
4. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ И АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ И ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и просторно планирање
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на урбанистичко и просторно планирање, е надлежност на Градоначалникот и на Советот на општината предвидена во Статутот на Општина Кисела Вода и истата е во согласност со Законот за локална самоуправа и Законот за просторно и урбанистичко планирање. Во Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистико планска документација, за да се овозможи завршување на постапките за легализација на конкретните бесправно изградени објекти, поточно издавање на Решение за утврдување на правен статус на истите, потребно е донесување на одлука од Советот на општината, на предлог на Градоначалникот преку надлежниот Сектор за урбанизам и просторно планирање на Општина Кисела Вода.

## VIII. АКТИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ЗА ОБВРСКИТЕ НА ОПШТИНАТА ОД ОБЛАСТА НА ОДБАРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА, ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

1. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО ОБЛАСТА ЗА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ И МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА ЗА 2023 ГОДИНА;
2. ПРОГРАМА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО 2023 ГОДИНА;

ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за човечки ресурси и информатичка технологија,
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

**Образложение:** Согласно Законот за заштита и спасување, како надлежност на единиците на локалната самоуправа се предвидени активности заради имплементација на овој закон и акти за формирање на просторните сили за заштита и спасување кои се формираат за дејствување на подрачјето на општината, како и согласно Статутот на Општина Кисела Вода.

3. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТА НА ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ ДРАЧЕВО И КИСЕЛА ВОДА;
4. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦА КОИ ЌЕ РАКОВОДАТ СО ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ ДРАЧЕВО И КИСЕЛА ВОДА;

ИЗГОТВУВАЧ/ПРЕДЛАГАЧ: Командир на ПСОН Драчево и Кисела Вода и Министерство за внатрешни работи

**Образложение:** Согласно Законот за локална самоуправа и Законот за полиција, како надлежност на Советот на општината е предвидена и надлежноста за усвојување на годишен извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината и избор на лица кои ќе раководат со полициските станици од општа надлежност Драчево и Кисела Вода.

5. **ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА**

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за месна самоуправа и социјална заштита
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

**Образложение**: Програмата за активностите на Општина Кисела Вода од областа на социјалната заштита за 2023 година, има за цел да ги вклопи граѓаните од различни статусни групи и слоеви, а посебно социјално

ранливите категории во општественото живеење во нашата општина. За таа цел предлага низа мерки и активности од областа на социјалната заштита, со кои ќе се почитуваат и спроведуваат обврските и задолженијата кои произлегуваат од законската регулатива во Република Северна Македонија.

## IX. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОПШТИ И ПОЕДИНЕЧНИ АКТИ ОД ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТАТА НА ОПШТИНАТА И ОРГАНИЗАЦИЈА, ДЕЛОКРУГ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација,
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

2. Советот на Општина Кисела Вода во случај на потреба може да ја менува и дополнува оваа програма.

3. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-11889/25
26 декември 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Буџет на Општина Кисела Вода за 2023 година**

1. Со ова Решение се објавува Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година, донесен на Осумнаесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 26 декември 2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08- 398/22
16.01.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/2018, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 164/22, 203/22), Советот на Општина Кисела Вода на 18 седница, одржана на 26.12.2022 година, донесе

Б У Џ Е Т на Општина Кисела Вода за 2023 година

I.ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година се состои од:

| | во денари |
|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **930.517.798** |
| **- Даночни приходи** | **323.230.558** |
